UDK 355/359 CODEN SMOOAM ISSN 1409-8199

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Vol. 18, Number 34, 2018

34

ГОДИНА . XVIII
СКОПЈЕ
ЈУНИ 2018

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА 34



| СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА / CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE | Год. / Vol. | Број / No | Стр. / pp | Скопје / Skopje |
|---|---|---|---|---|
| | 18 | 34 | 1-120 | 2018 |

MINISTRY OF DEFENCE
REPUBLIC OF MACEDONIA

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА
# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

ISSN 1409-8199
*e*-ISSN 1857-887X

Година 18, бр. 34, јуни 2018 / Vol. 18, No. 34, June 2018

Скопје
Јуни 2018



# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Министерство за одбрана
„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
„Орце Николов“ 116 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276, 02 3113 527
Интернет адреса:
WEB на Министерството за одбрана:
http://www.morm.gov.mk/sovremena-makedonska-odbrana/
Списанието излегува два пати годишно.
ISSN 1409-8199
Скопје, јуни 2018 година

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

Publisher:
**MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

Ministry of Defence
„CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE“
„Orce Nikolov“ 116 1000 Skopje
Tel.: 02 3128 276, 02 3113 527
Internet address:
WEB of the Ministry of Defence:
www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/
The magazine is published twice a year

ISSN 1409-8199
Skopje, June, 2018

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ НА
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Радмила* ШЕКЕРИНСКА, ***претседател на Издавачкиот совет***
*Марина* МИТРЕВСКА, ***главен и одговорен уредник***
*Беким* МАКСУТИ, ***заменик главен и одговорен уредник***

***МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
*Мухамед* РАЦАЈ
*Нано* РУЖИН
*Тони* МИЛЕСКИ
*Николина* КЕНИГ
*Никола* ДУЈОВСКИ
*Наташа* ПЕЛИВАНОВА
*Ана* ЧУПЕСКА
*Александра* ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА
*Елениор* НИКОЛОВ
*Менде* СОЛУНЧЕВСКИ
*Џелал* НЕЗИРИ
*Жанет* РИСТОСКА
*Паскал* МИЛО
*Антон* ГРИЗОЛД
*Зоран* КЕКОВИЌ
*Синиша* ТАТАЛОВИЌ
*Јанцислав* ЈАНАКИЕВ
*Дезире* ПАНГЕРЦ
*Оливера* ИЊАЦ
*Мајкл* ШУЛЦ
*Патриција* ФАРАЛДО КАБАНА
*Емануела* Ц. ДЕЛ РЕ
*Еике* АЛБРЕХТ

**Секретар:** *Жанет* РИСТОСКА
**Техничка подготовка:** „ФЕНИКС ПРИНТ“ ДООЕЛ Кочани

# CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

INTERNATIONAL SCIENTIFIC JOURNAL OF
THE MINISTRY OF DEFENCE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

*Radmila* SHEKERINSKA, ***Chairperson of the Editorial Board***
*Marina* MITREVSKA, ***Editor–in-Chief***
*Bekim* MAKSUTI, ***Co-Editor–in-Chief***

***INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD***
*Muhamed* RACAJ
*Nano* RUZHIN
*Toni* MILESKI
*Nikolina* KENIG
*Nikola* DUJOVSKI
*Natasha* PELIVANOVA
*Ana* CHUPESKA
*Aleksandra* DEANOSKA TRENDAFILOVA
*Elenior* NIKOLOV
*Mende* SOLUNCHEVSKI
*Djelal* NEZIRI
*Zhanet* RISTOSKA
*Paskal* MILO
*Anton* GRIZOLD
*Zoran* KEKOVIĆ
*Siniša* TATALOVIĆ
*Yantislav* YANAKIEV
*Desirée* PANGERC
*Olivera* INJAC
*Michael* SCHULZ
*Patricia* FARALDO KABANA
*Emanuela* C. DEL RE
*Eike* ALBRECHT

**Secretary:** *Zhanet* RISTOSKA
**Processing: "***FENIKS PRINT" DOOEL Kocani*
**Proofreading and Editing:** *Rozi* GROZDANOVSKA VELESKA , *Martina KIMOSKA*

# СОДРЖИНА:

Зоран КЕКОВИЌ
Славиша КРСТИЌ
**ПРОЦЕНА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ РИЗИК ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ .................... 11**

Марина МИТРЕВСКА
Нано Ружин
**ГЕОПОЛИТИКА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН – ПРОСТОР НА ГЕОПОЛИТИЧКИ НАТПРЕВАР НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ .................... 25**

Моника БЕГОВИЌ
**БЕЗБЕДНОСТА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО МУЛТИПОЛАРНИОТ СВЕТ: ПОТРЕБА ЗА ПОСИЛНА ИНТЕГРАЦИЈА .................... 41**

Драган ЃУРЧЕВСКИ
Андреј ИЛИЕВ
**ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ ВО ОДБРАНБЕНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................... 55**

Александар ПАВЛЕСКИ
**СЕКУРИТИЗАЦИЈА НА АЗИЛОТ: ПРИСТАПИ И ПРЕДИЗВИЦИ .................... 67**

Васко ПОПОВСКИ
**УПРАВУВАЊЕТО СО КРИЗИ И КОНЦЕПТОТ НА ОТПОРНОСТ: СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................... 79**

Антоанела ПЕТКОВСКА
**КУЛТУРНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОПШТЕСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ .................... 91**

Мухамед РАЦАЈ
Смиљан ЈУРДАНА
**САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ И МЕРКИ НА САЈБЕР-ОДБРАНА ВО КОМУНИКАЦИСКИТЕ И ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО ОДБРАНАТА .................... 101**

Сашо ТАСЕВСКИ
Сашо ПАНЧЕВСКИ
**САМОУБИСТВЕНИ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ – ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА И НА ОБРАЗОВНАТА КОМПОНЕНТА .................... 115**

355.45:316.344.5(497.7)
Изворен научен труд

# ПРОЦЕНА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ РИЗИК ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ЛИЧНОСТИ И ОБЈЕКТИ

**Зоран КЕКОВИЌ**[1]
**Славиша КРСТИЌ**[2]

**Апстракт**: *Обезбедувањето на определени личности и капацитети е составен дел од националната безбедност. Историјата на заканите по безбедноста на определените личности е полна со примери за атентати, киднапирања и слични настани како извор на загрозување на националната безбедност. Затоа, процената на безбедносниот ризик на определените лица и капацитети треба да се препознае како еден од приоритетите во нормативните и практичните рамки на активностите на полицијата и безбедносните служби. Овој труд опишува некои од клучните елементи при разгледување на процената на безбедносниот ризик на определените личности и објекти, вклучувајќи различни практики и законодавни рамки во регионот на Западен Балкан.*

**Клучни зборови**: *обезбедување, определени личности и објекти, процена на безбедносниот ризик*

**Вовед**

Денес националната безбедност се соочува со пораст на бројот и видовите на закани (тероризам, радикализација, напади, масовни пукања …) кои се разликуваат од традиционалните закани и со кои се соочуваат сите земји и народи. Во ова опкружување (глобализација, зголемена интеракција), политичарите, функционерите и другите определени личности се дополнително ранливи. Исто така, полицијата, безбедносните и разузнавачките служби, како и единиците за заштита мора да покажат високи резултати во поглед на мерките за обезбедување засновани на принцип на соработка. Во формулирање на овој пристап, потребно е да се изработат методолошки алатки за конзистентна процена на безбедносниот ризик со цел да се намали ризикот на заштитените вредности.

Земајќи предвид дека определените личности и објекти се сметаат за ризични личности и објекти, сите заштитни мерки се потребни за обезбедување на зголемена безбедност. Со тоа се зајакнува потребата од изготвување на меѓуресорен пристап на соработка и имплементирање на стандардите. Со цел да се спречи и да се намалат штетните последици од различните закани на определени личности и објекти, конзистентната

1 Авторот е професор на Факултетот за безбедносни студии на Универзитетот во Белград
2 Авторот е вработен во Министерството за внатрешни работи во Србија

рамка за процена на безбедносниот ризик ќе им помогне на единиците за безбедност и заштита во нивната намера да ги контролира ризиците преку подобрување на резултатите од обезбедувањето.

## Основна терминологија

Во српската литература и практика за обезбедување на определени личности и објекти постои разлика меѓу процена на безбедноста, безбедносна процена и процена на ризици.

Процената на безбедност условно е поврзана со сегашноста, со тоа што претставува основа на безбедносната процена (Субошиќ, Даничиќ, 2012). Процената на безбедноста се заснова на фактите од минатото и делумно ги посочува идните тенденции. Особено се анализираат реализираните или спречените обиди за напад на определените личности и објекти, нивните сторители и самиот начин на реализирање (modus operandi), местата на кои се извршуваат (анализа на непосредната околина), како и последиците по безбедноста на определените личности и објекти.[3]

Процената на безбедноста често вклучува процена на ранливоста на единицата која е ангажирана на обезбедувањето на определени личности и објекти. Таа треба да ја содржи процената на пополнетоста на единицата, професионалната стручност, моралот и опременоста, организација и севкупната подготвеност за реализирање на планираните задачи со цел да се преземат бараните безбедносни мерки (Крстиќ, 2016).

Преку анализирање на достапната домашна и странска литература во полето на обезбедувањето на определени личности и објекти не може да се идентификува конзистентна содржина поврзана со процената на безбедносниот ризик на лицата и капацитетите, но безбедносните служби ги применуваат генералните правила на безбедносен менаџмент.

За разлика од процената на безбедноста, безбедносната процена е документ кој содржи синтетички преглед на идниот стадиум на безбедносните феномени, со објаснување на функционалните и територијалните критериуми. Безбедносната процена е мост меѓу собирањето и обработката на податоци и процесот на донесување одлуки. Станува збор за процес кој се состои од шест фази: 1) Анализа на податоци; 2) Предвидување; 3) Изготвување на варијанти; 4) Процена на прифатливоста на варијантит;, 5) Анализа на неприфатливите варијанти и 6) Доставување на предлог-варијанти[4] (Модел 1).

3 Пример на лоша безбедносна процена на ризик е атентатот на премиерот на Република Србија, Зоран Џинџиќ, во 2003 година. Неколкуте претходни обиди за атентат не беа сфатени како показател за загрозената безбедност на премиерот.

4 Види: Миловановиќ, М. (2010), „Донесување одлуки за време на борбени дејства“, ВИЗ, Белград,2010, стр. 392-450.




**Модел 1: Процесот на процена на безбедносниот ризик**
**Извор: Миловановиќ, М. (2010), „Донесување одлуки за време на борбени дејства“**

Преку анализа на податоци врз познати факти, доаѓаме до непознато безбедносни информации, релевантни за обезбедување на определени личности и објекти. Основната задача на менаџерот на безбедноста е да го определи процесот на настаните на начин на кој можат да се предвидат, со цел да се преземат соодветни мерки за обезбедување. Ова, во исто време, претставува најважниот и најсложениот дел од анализата на податоци која треба да овозможи процена на трендот во развојот на феноменот и промените во безбедносната ситуација. Предвидувањето на трендовите овозможува поголемо разбирање во развојот на безбедносното сценарио.

Врз основа на предвидувањето на безбедносните ризици за определени личности и објекти и процената на способностите на единицата за обезбедување во однос на временските и просторните услови, се создаваат варијанти на идната безбедносна ситуација. По определувањето на варијантите, менаџерот на безбедноста изведува процена на прифатливоста на варијантите т.е. ги анализира предностите и недостатоците на секоја варијанта. На тој начин се прифаќаат последиците кои варијанти што се однесуваат на определените личности во поглед на загрозување на безбедноста на определени личности и објекти ќе бидат земени предвид. Прифатливоста на варијантите ќе зависи од постоењето на непознатите последици или ризици поврзани со нив.

Неприфатливите варијанти (ризици) се дефинирани како варијанти кои го вклучуваат безбедносниот ризик на определената личност до степен до кој нему/нејзе привремено или трајно му/ѝ се забранува вршење на определена функција. Тој ризик се смета за неприфатлив бидејќи би резултирал со повреди или дури

и со смрт. Анализата на варијантите е во директна корелација со доделената безбедносна цел за определена личност и објект.

Прифатливата варијанта е само една од можните безбедносни сценарија каде единицата одговорна за спроведување на безбедносните мерки е претходно подготвена т.е. за спроведување соодветни безбедносни мерки. Поднесувањето на различни предлог-варијанти се заснова на изборот на оптималната варијанта за донесување на одлуки во чиишто рамки се применуваат соодветни безбедносни мерки. Оптималната варијанта може да се добие преку примена на методите на оперативно истражување, и при еднократните и при повеќекратните критериуми при донесување на одлуки.[5]

Горенаведените фази на безбедносна процена го претставуваат мисловниот процес на менаџерот на безбедноста на определени личности и објекти како основа за планирање и организирање на безбедносните мерки.

Во повеќето нормативни акти на националните служби за безбедност кои се ангажирани во обезбедувањето на определени личности и објекти е наведена обврската за изработка на безбедносна процена. Структурната анализа на различни правни акти на државните служби за безбедност и институциите за меѓународна безбедност, како и анализата на содржината на нивната безбедносна процена, покажуваат дека безбедносните процени на определени личности и објекти имаат различна содржина која ќе биде дадена во продолжение.[6]

Кога станува збор за процената на ризици, таа претставува интегрален дел од процесот за менаџирање на ризици како сеопфатен процес на идентификување на потенцијални опасности, анализа на ризици и процени. (Кековиќ et all, 2011). Контекстот на анализа на ризици може да варира во зависност од потребите на организацијата. На пример, во контекст на безбедноста на определените личности и објекти, треба да се земат предвид специфичните карактеристики на определените личности и други релевантни фактори со цел да се гарантира дека прифатениот пристап за анализа на ризици е соодветен на ситуацијата и заканите кои влијаат на постигнувањето на целите, во согласност со прифатливите ризици. Така, во зависност од природата на ситуацијата, безбедносните ризици на определена личност секогаш ќе се сметаат за неприфатливи, во зависност од тоа кои варијанти ќе се сметаат за прифатливи или не.

**Компаративен преглед на содржината на безбедносната процена**

*Регулативата за определување на активностите за обезбедување*

5 Вклучувајќи анализа на повеќе критериуми преку примена на методите ELECTRA и PROMETHEE.

6 *П*овеќе: Крстиќ, С. (2016), Менаџирање на обезбедувањето на определените личности и објекти, докторска теза

*поврзани со определени личности и објекти во Република Србија*[7] пропишуваат дека Агенцијата за воено разузнавање, Агенцијата за безбедносно разузнавање, Министерството за внатрешни работи, Воената полиција, и единиците на српската армија учествуваат во безбедносната процена, но нејзината содржина не е пропишана.

*Регулативата за служба на Српските вооружени сили* (член 151) пропишува дека анализата на ризици се прави пред подготвување на безбедносна одлука.

*Насоките за обезбедување на определени личности и објекти во рамките на службата на Воена полиција и Српските вооружени сили* (член 26) дефинираат дека процената на физичката ранливост на конкретните лица и објекти вклучува: 1) Процена на поширокото опкружување и микролоцирање на објектите кои ги користат определените лица во зависност од локацијата, местото на престој, на времена и повремена основа. Оваа процена вклучува: а) позицијата на заштитените објекти во однос на населеното место, комуникациската инфраструктура, природните и вештачките препреки; б) подложноста на зградата на пожари, природни катастрофи, технички и технолошки несреќи, експлозии, итн.; в) мерки за забрана на употреба на средства за снимање; г) безбедносна дозвола на лицето за време на негово ангажирање во објектите и д) регулирање на пристапот до објектите, знаците а предупредување и забрана; 2) Изворите и методите на физичките закани; 3) Можноста за интервенција на единицата за заштита во случај на физички закани на определени лица; 4) Можност за интервенција од страна на здравствените институции; 5) Можноста за соработка со Министерството за внатрешни работи, безбедносните служби, локалната власт и нивното влијание на безбедносниот систем; 6) Способноста за одржување на врската меѓу единиците за заштита и интервенција.

Според *насоките за обезбедување на недвижен имот, движен имот и лица во српските вооружени сили,* процената за подложност на определените лица и објектите наведува дека се застапени истите елементи во процената на подложноста на определените личности. Оваа процена, исто така, ги содржи: а) силите и средствата преку кои објектите може да бидат компромитирани; б) важноста на заштитената вредност, можните причини за нејзино загрозување и потребата за употреба на смртоносна сила за заштита на објектот; в) структурата на внатрешните служби. Резултатот од безбедносната процена на определените личности е вграден во планот за безбедност на таа личност.

*Насоките за вршење на обезбедување на определени личности и објекти* пропишани од Министерството за внатрешни работи како интегрален дел од превентивните безбедносни мерки, го предвидуваат изработувањето на безбедносната процена на определените личности и објекти, но содржината на таквата процена не е дефинирана.

7 Службен весник на Република Србија, бр. 72/2010, член 1 и 8.

Безбедносните процени на определени личности и објекти кои ги прави *Безбедносно-информативната агенција на Република Србија* вклучува: а) податоци добиени од странски безбедносни служби; б) функционирањето на радикалните исламистички структури; в) работата на поединците и организираните терористички групи; г) работата на поединците и организираните радикализирани групи (каде се земаат предвид странски платеници со воено искуство во Босна и Херцеговина и во Косово и Метохија); д) умерени или екстремно десничарски организации; е) активноста на организациите и поединците кои делуваат на меѓународната сцена со активности кои се потпираат на антиглобалистички идеи; ж) активности на ултранасилни и анархистички организации.

Безбедносните процени на определени личности и објекти кои ги изготвува *Агенцијата за воено разузнавање на Република Србија* содржи податоци за: а) функционирањето на радикалните исламисти и повратници од Средниот Исток и од Северна Африка[8]; б) потенцијалните припадници на терористички групи и организации и в) припадници на десничарски организации во Република Србија.

Безбедносните процени на определени личности и објекти кои ги користи *Дирекцијата на кривичната полиција од Министерството за внатрешни работи на Република Србија* нема конкретна содржина, но нивните податоци се однесуваат на моменталните информации и содржина достапни во тој момент.

Законодавството на земјите од бивша Југославија ги пропишува и безбедносните процени на определени личности и објекти и нивната содржина.

*Законодавството на Република Словенија за заштита на личности, зони и објекти* (член 8) пропишува дека делокругот на мерките за заштита за определени личности и членови на нивните семејства се определува врз основа на „процената на заканите на заштитените лица", но критериумите за определени личности не се дефинирани, така што не е возможно да се определи содржината на таа процена.

Регулативите на Република Хрватска за одредување на определени личности, капацитети и зони, како и имплементацијата на нивната заштита *(член 2) пропишуваат дека безбедносно-разузнавачките агенции треба да имплементираат контраразузнавачка заштита и други мерки и активности во рамките на нивната јуриздикција со цел навремено да се соберат податоци за можната ранливост на заштитените лица, од активностите на странските разузнавачки служби, терористи или други слични активности. Во согласност со нив се определува нивото на безбедносни процени на определените лица и капацитети.*

*Во Република Српска,* одлуката за определување на лицата и капацитетите кои се под специјални заштитни мерки со повисок степен на заштита (член 9) *бара изработка на процена на безбедноста ситуација и заштита на лица и*

8 Мигрирањето на граѓаните на Република Србија и од другите земји на Балканот кои се регистрирани како припадници на таканаречените „исламски земји", како и транзитот на таквите лица преку Република Србија се конкретно проценети.

*објекти, но нејзината содржина не е определена. На истиот начин,* одлуката за одредување на лица и објекти кои треба да се обезбедуваат од страна на Дирекцијата на полицијата на Република Црна Гора *пропишува изработка на безбедносна процена на определени личности и објекти, без определување на нејзината содржина.*

Македонските регулативи за заштита на лица и објекти *ја регулираат процената на моменталната политичка и безбедносна ситуација во земјата, состојбата на јавниот ред и неговото нарушување од поголеми рамки, воена и вонредна состојба, како и природни катастрофи и појава на епидемии. Исто така, член 19 го регулира собирањето и обработувањето на информации кои се однесуваат на детектирањето и спречувањето на нелегалните активности и на активностите насочени кон нарушување на безбедноста на лицата и објектите.*

Изработката на насоките за процена на безбедносните ризици *пропишани од страна на ООН содржат методи за анализа на ризици и процената на закани за определени личности и капацитети, чија безбедност е одговорност на* Дирекцијата за заштита и безбедност на ООН. *Поглавјето 4 за анализа на заканите и процената на заканите ја посочува процената на екстремистичките елементи, состојбата со криминалот, како и јавното осудување објавено од страна на медиумите против заштитата на вредностите на ООН. Во исто време, потребно е да се анализираат моменталните трендови во безбедносната ситуација, во зависност од изворот на закани по безбедноста на определените личности и заштитените вредности.*

*Преку анализирање на документот на* Организацијата за безбедност и соработка во Европа *(ОБСЕ) во рамките на насловот* Логистички и административни аспекти кои се однесуваат на состаноците на министерскиот совет, *може да заклучиме дека, покрај стандардните елементи на безбедносната процена, службата за безбедност на ОБСЕ посветува специјално внимание на процената и на процената на лицата кои престојуваат во заштитените објекти кои се во директен контакт со определените личности. Член 10 од овој документ го пропишува методот за акредитација на учесниците на состаноците (министрите кои се од заштитни мерки, делегатите, обезбедувањето, новинарите, припадниците на невладините организации, возачите и другите лица), нивното ставање под специјален режим за пристап до определените личности и објекти, како и можните забрани за пристап.*

*Американските воени борбени правила, наречени* прирачници за лидерите во воената полиција, *во поглавјето кое ја регулира процената на ризиците на определените личности, објекти и лица кои живеат со нив, ја пропишува безбедносната процена на лицата ангажирани во овие објекти, како и процената на лицата кои повремено ги посетуваат капацитетите.*

*Преку анализирање на содржината на документот од* полицискиот брифинг и безбедносните информации, *кој се користи од страна на претходницата за безбедност на високите претставници на САД, можеме да заклучиме дека безбедносната процена вклучува: а) Физички напад на определените личности и персоналот во нивното опкружување; б) Демонстрации (граѓански протести) и в) Закани со употреба на огнено оружје или преку поставување на експлозиви.*

***Сеопфатен пристап на безбедносната процена на определените личности и објекти***

*Со користење на компаративен метод за содржината на безбедносните процени пропишани во горенаведените анализирани регулативи и синтезата на нивните клучни елементи, можно е да се создаде еден сеопфатен пристап на безбедносната процена на определените личности и објекти. На тој начин се обезбедува рамка за анализа на моменталните трендови на безбедносните феномени кои содржат: 1) важноста на степенот на определеното лице во државните структури; 2) важноста на заштитенените вредности; 3) процената на моменталната политичко-безбедносна ситуација во земјата, степенот на јавниот ред и мир и нивното нарушување од поголеми рамки; 4) можноста за појава на воена и вонредна состојба, како и природни катастрофи и појава на епидемии; 5) можните избори и методи за загрозување на определени личности и објекти; 6) процена на лицата кои имаат право на пристап до определени личности и објекти; 7) процена на макро и микролокацијата на објектите кои го користат определените лица по локација и место на престој; 8) можноста за интервенирање на силите ангажирани во заштита на определени личности и објекти во случај на вонредни состојби; 9) можноста за примена на заштитни мерки; 10) можноста за применување на технички и контра заштитни мерки; 11) можноста за соработка со други безбедносни служби, авторитети и нивното влијание на безбедносниот систем; 12) можноста за одржување на врска меѓу тимовите за заштита и силите за интервенција и 13) инженерискиот дизајн на определен објект.*

*Член 12 од* подзаконските акти за определување на безбедносните прашања на определените личности и објекти во Република Србија *пропишува дека безбедносните мерки се преземаат во согласност со безбедносната процена на определените личности и објекти и степенот на доверливост на податоците за значењето од обезбедување. Авторитетите одговорни за обезбедување на заштита ги одредуваат (предлагаат) мерките за обезбедување (видот, делокругот и степенот) кои ќе бидат преземени со цел да се заштитат определените личности и објекти. Овие мерки вклучуваат: а) мерки за контраразузнавачка заштита; б) мерки за превентивна заштита; в) мерки за*

*превентивно-техничка заштита; г) мерки за физичка заштита; д) мерки за превентивна медицинска заштита.*

***Контраразузнавачките мерки*** *вклучуваат:*

детектирање на показатели и спречување на терористички, екстремистички, разузнавачки и други субверзивни активности на странски разузнавачки служби, организации и поединци насочени кон загрозување на лицата и објектите;

учество во процената, предлагањето, пропишувањето и имплементирањето на контраразузнавачките мерки за заштита, како и нивната хармонизација со безбедносните мерки;

имплементирање на мерките против прислушувањето;

изведување на безбедносни проверки на барање на шефот на одделението за обезбедување, за лица кои се примени на работа, назначени или поставени на работни позиции кои подлежат на контраразузнавачка заштита;

спроведување на контраразузнавачка заштита на работните места и позиции во соработка со шефот на одделението за обезбедување.

Контраразузнавачката заштита е директно поврзана со работното место и задачите обележани со степен на доверливост за определени личности во чиишто рамки се произведуваат, се собираат, се обработуваат, се чуваат, се архивираат и се уништуваат податоците кои се од интерес за Република Србија.

**Превентивните и безбедносни мерки** вклучуваат:

учество во безбедносната процена на заштитените вредности, во соработка со други безбедносни служби и раководители на одделенијата за обезбедување;

обезбедување на професионална поддршка во определувањето на начини за чување и употреба на класифицираните информации и документи;

заштита на доверливите комуникации.

**Превентивно-техничките заштитни мерки** се низа задачи и активности кои се преземаат за:

детектирање и отстранување на минско-експлозивни средства, запаливи, радиоактивни и други опасни супстанци;

воспоставување и отстранување на технички дефекти на направи и инсталации;

спречување на ненајавен и насилен во капацитетите;

функционирање на систем со безбедна конекција.

**Мерки за физичка заштита** се низа задачи и активности преземени со цел да се обезбедат определени личности и објекти, вклучувајќи:

физичка заштита на определени личности;

физичка заштита на определени личности и објекти кои се користат од лицето постојано или повремено;

физичка заштита на сензитивни безбедносни точки на траекторијата на движење;

регулирање на сообраќајот и обезбедување на движењето на возила со

придружба.

**Превентивни-медицински мерки за заштита** се низа задачи и активности чија цел е да се откријат и да се отстранат микробиолошки, хемиски и радиолошки состојки кои се штетни по здравјето и животот на определена личност. Ова вклучува:

изведување на санитарно-технички инспекции на определени личности и објекти и на персоналот кој работи во објектите;

контрола на здравствената заштита и на квалитетот на храната, на водата и на воздухот;

контрола на хигиенскиот транспорт и на складирањето на храната;

обезбедување на соодветна и навремена здравствена заштита.

Покрај наведените мерки предвидени со моменталната регулатива, безбедносните служби за определените лица во Република Србија дополнително ја дефинираа содржината на предложените безбедносни мерки. Оваа содржина вклучува: а) распоред на одделенија за заштита и варијанти на нивното ангажирање; б) употреба на техничките средства и употреба на службени кучиња; в) спречување на следењето, на снимањето и на примената на мерките за маскирање, со употреба на природни и вештачки пречки и засолништа; г) примена на мерки за дезинформирање; д) начинот на одржување на врска меѓу ентитетите вклучени во заштитата и е) други прашања кои се важни за определување на начинот на организирање на обезбедувањето на определена личност.[9]

Во Република Српска, *одлуката за определување на специјално заштитени лица и објекти* предвидува мерките за специјална заштита (обезбедување на определени личности и објекти), делокругот и методот на изведување на специјално обезбедување на објекти и лица да се изведуваат во согласност со безбедносната процена на ситуацијата и обезбедените вредности, важноста на заштитените вредности во поглед на генералната безбедност и функција за која се одговорни определените личности. Врз основа на горенаведеното, во согласност со законодавството на Република Српска, безбедносните мерки за определените личности и објекти не зависат само од безбедносната процена, туку и од значењето на заштитената вредност (Палатата на Републиката, Националното собрание, Владата, Централната банка, Министерството за внатрешни работи) и државните функции за кои определените личности се задолжени (претседателот на Републиката, заменик-претседателот на Републиката, претседателот на Националното собрание и премиерот).

*Подзаконските акти за определување на заштитените лица, објекти и локации и имплементација на нивната заштита во Република Хрватска* ги предвидува следниве безбедносни мерки: а) оперативни безбедносни превентивни

9 Спореди со: Насоки за обезбедување на определени личности и објекти во јуриздикција на Воената полиција на Српските вооружени сили, Министерството за одбрана, Генералштабот на Српските вооружени сили, Дирекцијата на воената полиција, Белград, 2012, член 26.

мерки; б) физички безбедносни мерки; в) мерки на моторизираниот ескорт; г) внатрешна и надворешна безбедност на објектите и локациите; д) безбедносни мерки на рутата на движење; е) оперативни и физички мерки во сообраќајот; ж) контраексплозивна проверка и з) здравствени и хигиенско-технолошки мерки.

*Одлуката за определување на лицата и објектите кои треба да се обезбедуваат од страна на Полициската дирекција на Република Црна Гора* предвидува мерки за безбедност на лица и објекти во зависност од безбедносната процена и ги вклучува следниве мерки: а) превентивно-оперативни; б) физички; в) технички; г) здравствени; е) биолошко-санитарни и ж) хигиенско-епидемиолошки.

*Регулативите за безбедност на лица и објекти во Република Македонија* дефинира три вида на безбедносни мерки: а) оперативно-превентивни; б) превентивно-технички и в) физичко-сообраќајни безбедносни мерки.

*Подзаконските акти за заштита на поединци, локации и капацитети на Република Словенија* не ги дефинираат конкретните мерки за обезбедување, но наведуваат дека делокругот на мерки и форми на заштита се определува на основа на процената на заканите.

*Документот на ООН: Изработување на насоки за процена на безбедносните ризици* предвидува мерки за проценување на безбедносните ризици. По аналогија, може да се заклучи дека мерките предвидени за обезбедување на определени личности и објекти вклучуваат слични мерки кои ги применуваат српските безбедносни служби, истакнувајќи ја потребата од вклучување на временската димензија на овие мерки.

Со анализирање на содржината на *Прирачникот за воени правила на лидерите во САД*, во делот кој го опишува планот за управување со кризи, мерките кои ја спречуваат заканата по безбедноста на определени личности и објекти се идентификуваат на следниов начин: а) лична самозаштита на определени личности; [10] б) физичка заштита на определените личности и објекти; и в) сили за противнапад.

Со анализирање на содржината на *Полицискиот документ за полициско брифирање и безбедносни информации на дипломатските служби на Соединетите Американски Држави*, врз основа на процената на закани, се предвидуваат следниве мерки за заштита на определени личности: а) физички мерки за заштита; б) мерки за медицинска заштита, в) мерки за антидиверзантска заштита, г) мерки за контранапад (ангажирање на антитерористи и антиснајперски тимови со пушки), д) мерки за техничка заштита и е) мерки за контрола на пристапот до определени личности и објекти.

Со користење на компаративен метод од горенаведените мерки и преку синтеза на нивните клучни елементи, можно е да се предложи една посеопфатна

10 Белиќ, М., Непосредна физичка заштита на определените лица, PROOF, Белград, 2014, стр. 122-125).

рамка за обезбедување мерки за определени личности и објекти. Нивните елементи треба да содржат временска и просторна компонента и треба да се состојат од: 1) мерки за контраразузнавачка заштита, 2) мерки за превентивна безбедност; 3) заштитни првентивно-технички мерки; 4) мерки за физичка заштита; 5) мерки за превентивно-медицинска заштита, 6) мерки за сообраќајна безбедност на рутата на движење и во околината на определената личност и објект; 7) мерки на самозаштита на определените личности; 8) мерки за дезинформација; 9) контраразузнавачки заштитни мерки; 10) мерки за контролирање на пристапот до определени личности и објекти.

**Заклучок**

Со извршување на структурна анализа на разни правни акти на службите за државна безбедност и меѓународните безбедносни институции, како и со анализа на содржината на нивните безбедносни процени, се утврди дека безбедносните процени поврзани со определените личности и објекти имаат различна содржина.

Врз основа на мислењата изразени во врска со оценувањето на безбедносната состојба и безбедносната процена на определените личности и објекти, се создаваат предуслови за преземање на стратегија и мерки за обезбедување со цел да се спречи појавата на настани кои би можеле да ја загрозат безбедноста на определените личности и објекти. Со вклучување на анализата на ризиците во анализата, како сеопфатен процес на идентификување на потенцијални опасности, анализи на ризик и процени, може да се заклучи дека *процената на безбедносниот ризик* вклучува процена на сите елементи, односно:

а) процена на безбедносната состојба, појавата и настаните во врска со потенцијалните закани и опасности (политички, економски, општествени, технолошки, правни), сторители, време и место на можната закана;

б) процена на способноста (функционална и структурна процена) на одделението за заштита кое ги презема безбедносните мерки;

в) предлог-стратегија и мерките во согласност со горенаведениот елемент на процена на безбедносниот ризик.

Разликата помеѓу процената на безбедноста и безбедносната процена (процената на ризици) на определените лица и објекти е претставена во мерките за управување што доведуваат од постоечката до саканата безбедносна состојба. Ваквиот пристап кон управувачката функција на безбедноста на определеното лице и објектите се смета за стратешки (динамичен), проактивен (модерен) и пожелен (препорачан). Во овој контекст, неопходно е да се разгледа можноста за примена на современите меѓународни и национални стандарди за процена на безбедносниот ризик кој произлегува од природата на заканата и потребата за заштита на определени личности и објекти.

**ЛИТЕРАТУРА:**


Одлука за определување на лицата и објектите кои се под специјални мерки за обезбедување, Службен весник на Република Српска, бр. 123/2012.

Одлука за определување на лицата и објектите кои ги обезбедува Дирекцијата на полицијата на Република Црна Гора, Службен весник на Црна гора бр.37/2013.

Изработка на нацрт-насоки за процена на безбедносните ризици, Обединети нации, Сектор за безбедност и сигурност, Одделение за регионални операции, мај, 2012, стр. 4

Насоки за обезбедување на определени личности и објекти во рамките на службата на Воената полиција на Српските вооружени сили, Министерството за одбрана, Генералштабот на Српските вооружени сили, Белград, 2012.

Насоки за спроведување на обезбедувањето на определени личности и објекти, Министерство за внатрешни работи, Белград, 2012.

Кековиќ З., Савиќ С., Комазец Н., Милошевиќ М., Јовановиќ (2011) Анализа на ризиците во заштитата на лица, имот и бизниси, Центар за анализа на ризици и управување со кризи, Белград.

Крстиќ, С. (2016) Менаџирање на обезбедувањето на определени личности и објекти, докторска теза

Законодавство на Република Словенија за заштита на поединци, зони и објекти, бр. 63/13.

Логистички и административни аспекти на состаноците на министерскиот совет, ОБСЕ, Организација за безбедност и соработка во Европа, 2015, стр. 16-20

Прирачник за лидерите на воената полиција, Сектор на копнената војска, Вашингтон, 2002, стр. 1-6.

Миловановиќ, М. (2010) Донесување на одлуки во борбените дејствија, ВИЗ, Белград, стр. 392-450.

Полицискиот брифинг и безбедносните информации, Стејт департмент на САД, Служба за дипломатска безбедност, стр. 4.

Регулатива за одредување на активностите за обезбедување поврзани со определените личности и објекти во Република Србија, Службен весник на Република Србија, бр. 72/2010

Субошиќ Д., Даничиќ М. (2012) „Безбедносно менаџирање – организирање и донесување на одлуки“, Факултет за безбедност и заштита, Бања Лука, стр. 172.

Регулатива на Република Хрватска за одредување на заштитените лица, објекти и простори, како и спроведувањето на нивната заштита бр. 46/2013 и 151/2014.

Регулатива за лицата и капацитетите кои треба да се обезбедат, видот на мерки и активности како и степенот на безбедност, Службен весник на Република Македонија, бр. 56/2014.

Насоки за безбедноста на објектите, движниот имот и лицата во Српските вооружени сили, Министерството за одбрана, Генералштабот на Српските вооружени сили, Белград, 2012.

Правило на служба на Српските вооружени сили, Министерството за одбрана, Генералштабот на Српските вооружени сили, Белград, 2012.

32:913(497-15)
**Изворен научен труд**

# ГЕОПОЛИТИКА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН – ПРОСТОР НА ГЕОПОЛИТИЧКИ НАТПРЕВАР НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ

**Марина МИТРЕВСКА**[1]
**Нано РУЖИН**[2]

**Апстракт***: Во 2003 г. Советот на ЕУ на Самитот во Солун порача дека тогашните 15 членки на ЕУ целосно и решително ги поддржуваат државите на Западен Балкан за членство во ЕУ. Меѓутоа, новото раководство на Европската комисија кон крајот на 2014 г. јасно им даде до знаење на аспирантите од Западен Балкан дека вратите на ЕУ ќе бидат отворени дури по 2020 година. Во очите на балканските лидери и интелектуалци билансот на проширувањето беше повеќе од разочарувачки. За 17 години со членство се здобија само Словенија и Хрватска. Таквата геополитичка стерилност на ЕУ создаде простор за манифестирање на неколку неповолни и загрижувачки процеси како што се: јакнење на авторитарниот популизам и демагогија, значајни отстапувања од реформите, организиран криминал, непослушност и своеволност на локалните лидери, интерес и манифестација на други меѓународни субјекти за геополитичка присутност на Балканот. Ангажирани со настаните во Украина и на Блискиот Исток, САД на извесен начин го маргинализираа Балканот. Од своја страна, ЕУ, ослабена со „brexit issues“ го сврте интересот кон сопствените проблеми. Но затоа новодојдените на Балканот, Русија благодарение на своите енергенси, слично како Кина која се наметнува со проектот за новиот пат на свилата, или Турција водена од неоотоманозмот, покажуваат голема виталност за заземање релевантни геополитички и геостратегиски позиции во регионот. Напоредно, големите мигрантски движења, проследени со повратниците од војните на „Исламската држава“ во соработка со локалните верски екстремисти, дискретно се имплантираат на Балканот како сосема нов меѓународен и опасен субјект. Кога кон тоа ќе се додадат кршливата стабилност и чувствителните меѓуетнички и меѓукултуролошки односи, јасно е дека државите на Западен Балкан се наоѓаат во една специфична геополитичка позиција, како своевиден влог во стартешките интереси на надворешните актери. Нема сомнение дека Балканот и, пред сè, државите на Западен Балкан остануваат како најранливи простори на ново-старите ривалитети меѓу Западот и Истокот, но придружени со новите интерни и екстерни актери на регионот.*

**Клучни зборови***: геополитички влог, hard power, soft power, руско-американски ривалитет, Западен Балкан.*

## Вовед

Голем број аналитичари (*Andrew Korybko*) сметаат дека исто како и во минатиот век и денес *Балканот е најзначајниот стратешки регион на Европа.* Во еден од

1 Авторот е професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје, РМ

2 Авторот е професор ма Универзитетот ФОН во Скопје, РМ

најтаргичните векови XX век, Балканот или Југоисточна Европа, инаку поелегантен назив која не асоцира на трагедии и чувствителни граници, се враќа во центарот на европските геополитички актуелности и во првите декади на XXI век. Просторот наречен Балкан се одликува со бројни безбедносни предизвици од најразновиден карактер, а јадрото на нестабилноста го сочинуваат државите на Западен Балкан, а тоа се поранешните југословенски држави без Словенија, но со Албанија. Во фокусот на овој труд, приоритетот на анализата ќе биде насочен кон државите на Западен Балкан, инаку повеќе политички отколку географски поим, со кој се маркираат државите кои не се членки на ЕУ и кои се повеќе изложени на странските влијанија, и тоа со посебен осврт на Република Македонија. Сите западнобалкански држави се соочуваат со феноменот на дефицитарната демократска структура, авторитарниот популизам, организираниот криминал, меѓуетнички незадоволства, економска неразвиеност, социјална беда и висока стапка на невработеност. Кон споменатите неповолни балкански метафори, географот *Michel Foucher* смета дека можат да се додадат уште триесетина кои го отежнуваат нормалното функционирање на балканскиот мозаик на интерен или пак, на надворешен план. Опкружен од стара Европа на запад, Централна Европа на Север, *блиското руско странство* на североисток, како и Турција на Исток, но и силното присуство на САД на Косово, како и финансиско-кредитната присутност на Кина преку проектот *„Новиот пат на свилата“,* државите на Западен Балкан прераснаа во вистински геополитички влог меѓу големите и средните сили на Западот и Истокот.

По војните од 90-тите години на 20 век Европа повторно се врати на Балканот и се обиде да ги интегрира големите паневропски коридори. Соочени со бројните енклави, Западот сфати дека повекето подрегиони треба да се поврзат со подинамичните градови на Европа за да се заокружи европскиот идентитет на Балканот. Американските сојузници по интервенцијата на Косово ја изградија најмоќната воена база на Балканот, „Бонстил“, која според Бжежински ја претставува геополитичката *врата на американскиот продор кон Каспискиот и Задкаспискиот регион, вистинскиот евроазиски Римланд, богат со примарни енергенси.* Русија, од своја страна, потпирајќи се на Србија, смета дека Балканот претставува зона на традиционално влијание, чии амбиции често се судирале со англосаксонските и германските интереси. Откако Русија се стабилизира на финансиски и политички план, ги зголеми инвестициите во доменот на енергетиката и доби значаен стратешки аргумент за поголемо влијание во меѓународните односи. На пример, кризата меѓу Москва и Киев од 2009 г. покажа дека земниот гас може да се користи како вид оружје, а според тоа и секој потег во доменот на енергетиката претставува вид стратегија. Впрочем, руските амбиции за изградбата на гасоводот *„Јужен тек“* (South Stream), кој ги заобиколуваше Белорусија и Украина и поминува преку Балканот, требаше да ја снабдува Европа со руски гас. Овој проект на Балканот ќе му донесеше извесни економски и стратешки предности, но во неговата реализација се испречија повеќе геостратегиски, геополитички и геоекономски интереси на САД и на ЕУ. Руската дипломатија уште во 2002, а особено во 2008 г. даде до знаење дека се спротивставува на проширувањето на НАТО на Балканот. Реакцијата на Брисел и Вашингтон како одговор на руската енергетска позиција беше понудата за изградба на гасовод „Набуко“, кон кој се приклучи Бугарија. Останатите држави на Балканот сè уште беа под товарот на транзицијата и остатоците на минатото.

Анализирајќи го балканскиот контекст, Словенија се истакнуваше со солидна инфраструктура и современа електрична, хемиска и фармацевтска индустрија. Хрватска најголемиот адут го полагаше во туризмот а во рамките на скромните индустриски

капацитети најмногу беше ориентирана кон хемиската и текстилната индустрија. Албанија и Црна Гора настојуваа да го имитираат туристичкиот прогрес на Хрватска, додека во овој домен најсериозен конкурент беше Бугарија со своите зимски центри и летувалиштата на Црното Море. Србија наследи мошне значајни индустриски комплекси од поранешната федерација и поседуваше значајни земјоделски капацитети, додека Македонија, Босна и Херцеговина и Косово остануваат најсиромашни и политички најпроблематичните држави. Низ која призма може да се согледуваат меѓународните односи на овие држави? Дали на Балканот се судираат традиционалните интереси на некогашните решавачки европски и светски сили? Дали Балканот е своевиден геополитички и геостратегиски влог меѓу Западот и Истокот, односно помеѓу Русија и Кина од една и САД и ЕУ од друга страна?

## Етнички геополитички калеидоскоп на Западен Балкан

Дали преку анализата на етникумите кои го населуваат регионот на Западен Балкан е полесно да се сфати геополитката на овој регион? Нема сомнение дека во просторот на Западен Балкан, *етничката припадност* е водечка концепција во сите држави. Ако во Франција, Велика Британија или САД, тамошните граѓани се идентификуваат како Французи, Британци или Американци, независно од нивното етничко или расно потекло, на Балканот државјаните се идентификуваат преку етничката припадност. Така, во Македонија, независно од граѓанскиот статус, тие се идентификуваат како Албанци, Роми, Македонци, Срби, Власи итн. Во БиХ се идентификуваат како Срби, Бошњаци или Хрвати итн. Оваа логика е резултат на историските еволуции на државата и нацијата. На Западот, најнапред се развила државата, а потоа свеста за националната припадност. Во регионот на Западен Балкан, долго време под странска окупација, најнапред се развило националното чувство во рамките на други држави, а подоцна тие се здобиле со сопствена држава. Токму затоа припадниците на етникумите се препознаваат повеќе низ етничкиот отколку низ граѓанскиот идентитет. (Andre Sellier/Jean Sellier-“Atlas des peuples d’Europe central”,Paris: La Decouvert,1991,1992).

Балканските етникуми како сите етнички заедници се одликуваат со повеќе специфични карактеристики кои ги споделува секоја група. Таквите стереотипи науката ги сфаќа како елементи на идентитетот: заеднички јазик, традиција, историја, фолклор, религија, обичаи. Според мислењето на *G-F. Dumont,* една човечка група се дефинира како *збир на лица приврзани кон територијата на која живеат и поседуваат заеднички карактеристики кои ги издвојуваат од останатите.* Според тоа, постоењето на човечките групи само по себе означува вршење на одредени директни или индиректни влијанија врз интерните и екстерните состојби и геополитички еволуции. Сите идентитети од поранешна СФРЈ имаат сопствен јазик, и соодветно латинично или кирилично писмо. Денес како посебни јазици и со соодветно писмо се издвојуваат и Бошњаците и Црногорците, односно и другите етникуми: Албанците, Ромите, Турците. Освен преку иконографијата на јазикот и писмото, балканските народи се разликуваат и

според религиозната припадност. Словенците и Хрватите биле христијанизирани од страна на римокатоличката црква, Србите, Македонците, Бугарите и Грците од страна на православната византиска црква, додека Албанците, Бошњаците, Ромите ја прифатиле исламската вероисповед. На Балканот со векови коегзистирале најмалку три верски компоненти: христијани (католици, православни), муслимани, Евреи, а често се споменуваат и Бектеши, како и други помали групации.

Меѓу балканските народи две нации биле или сè уште се оспорувани. Во времето на постоењето на Југословенската федерација во 1971 г. муслиманите кои живееја на територијата на тогашна СР Босна и Херцеговина, а кои не се чувствуваа ниту како Срби ниту како Хрвати, биле признаени како посебна нација – муслимани. По распаѓањето на СФРЈ, кон 1993 г. изразот муслимани бил заменет со новиот израз *Бошњаци* а муслиманите од БиХ и Санџак го прифатиле таквиот енички идентитет. (Derens Jean-Arnault,Geslin Laurent : 6) По потпишувањето на Дејтонскиот договор (1995) со цел да се направи разликата во однос на српскиот и хрватскиот јазик, бил официјализиран и *босанскиот* (*бошњачкиот јазик)* кој користи латинично и кирилично писмо, односно *босанчица* и *аребика*. Втората оспорувана нација и јазик, е македонската нација. Грција ја оспорува употребата на името, Бугарија не ја признава македонската нација и името на државата, додека Српската православна црква не ја признава автокефалноста на Македонската православна црква. Најхомогена и најобединета нација на Балканот е грчката нација. Грчкото писмо и јазик се разликуваат од останатите, а Грција најрано се здоби со независност од составот на турската империја (1830). Од своето постоење, Атина применува еден сув јакобинизам и не дозволува никаков регионализам ниту признава постоење на други етнички малцинства на својата територија. (G-F.Dumon-Le: 26). Најхетерогена нација на целиот Западен Балкан се Албанците, било да се работи за етнички или верски параметри. На етнички план, Албанците се традиционално поделени во две различни географски групи од двата брега на реката *Shkumbin.* Гегите (Gegerishte) го населуваат севрениот дел на Албанија, вклучувајќи го Косово и Западна Македонија и *Тоските (Toskerishte),* на југот на Албанија, вклучувајќи и одредени енклави во Грција и во Македонија. Првите кои најчесто ги населувале планинските појаси се сметаат за изолирана заедница, кои го претпочитале обичајното право со силна племенска организација, додека вторите ги населувале висорамнините и долините и инклинирале кон надворешниот свет. Јазикот на Тоските одиграл улога на најзначајна обединувачка иконографија, со оглед дека бил прифатен од мнозинството Албанци. Меѓутоа, од 1999 г. гега-дијалектот, кој во епохата на Енвер Хоџа бил забранет, доживува ренесанса со објавување на неколку значајни публикации.

Вториот елемент на разликите во рамките на Албанија врз кои инсистираат повеќе албанолози како *Gilles de Rapper-("Les Guegues et les Tosques existent-ils?L'opposition Nord/Sud en Albanie et ses interpretations", Espace,Populations, Societe,3 , 2004)* се состои во различниот начин на живеење, кујна, обичаи,

општествена организација и практикување на религијата. Во северниот дел доминираат Гегите-муслимани и помал дел католици, додека на југот доминираат Тоските-христијани. Меѓутоа, верската ориентација не ја следи и поделбата меѓу Гегите и Тоските со оглед дека и во двете групации постојат и христијани и муслимани. Иако може да се констатира дека двете групации живеат релативно сложно, сепак за време на големата економска и финансиска криза од 1997 г., се манифестираа одредени тензии помеѓу поразвиениот Југ и помалку развиениот Север. Воедно, постојат одредени разлики помеѓу Албанците од Албанија и Албанците од Косово и Македонија кои се должат на разните социо-културни и историско-политички рамки на живеење. Албанија се здоби со независност во 1912 година, а од 1945 г. беше најавтократскиот режим во Европа кој падна по смртта на Енвер Хоџа и падот на комунизмот од 1989 година. Косово стана независно во 2008 г. по интервенцијата на силите на НАТО во 1999 г. против режимот на Милошевиќ.

Следниот значаен демографски елемент на геополитиката е компактноста на географската распространетост врз територијата на одредена држава. Пред падот на комунизмот 1989/90 единствено пет нации на Балканот поседуваа континуитет на демографската распространетост, и тоа: Грците, Бугарите, Албанците (чиј континуитет се протега на Косово и во Македонија), Македонците и Црногорците. Најмаку компактни се Србите кои бележат географско-демографски континуитет во Краина и западна Славонија (Хрватска), како и западна и југоисточна Босна. Слично на Србите, и Бошњаците беа дисперсирани, во три позначајни концентрации околу Сараево, потоа северозападна Босна до границите на Хрватска и во регионот на Санџак во Србија. Хрватите, исто така, биле делумно дисперсирани во Централна Хрватска и Далмација-Херцеговина. По војните кои имаа и карактер на етничко чистење, а завршија со потпишувањето на Дејтонскиот договор 1995 година. Насекаде е констатиран порастот на компактноста на нациите. Извесно е дека најмногу профитира Хрватска во која стапката на Хрвати од 78% во 1991 г. се зголемила на 90% во 2001 година. Најдисперсирана нација останаа Бошњаците, поделени во Босна и во Санџак.

Прашањето на распространетоста на националностите во моноетничките и плуретничките држави е значаен геополитички параметар на државите на Балканот. На Балканот се разликуваат три вида на расподелба на нациите. Албанците се нација која е распоределена во повеќе држави, со оглед дека само 49% живеат во Албанија. На Косово албанската популација претставува 92%, а во Македонија околу 23%. Најголем скок во миграционите динамики на Албанците е регистриран во Грција, и тоа близу 500 000, иако во 1990 г. не бил регистриран ниту еден Албанец. Втората плуриетничка националост се Србите кои се распространети во Србија околу 76%, приближно 1,4 милиони или 37% живеат во БиХ, во Црна Гора претставуваат една третина од вкупната популација, додека на Косово по војната од 1999 г. по масивните протерувања останаа едвај 5,3%.

Црногорците речиси 78% живеат во Црна Гора, додека останатите се во најголем процент присутни во Србија. Кога се во прашање Хрватите , тие претставуваат 90% од популацијата на Хрватска, но 87% живеат во Хрватска, додека 537 600 во Босна и Херцеговина каде претставуваат 14% од популацијата.

Кога се во прашање моноетничките држави, највисока концентрација е забележена во Грција каде живеат 99% Грци кои претставуваат 92% од вкупната популација. Воедно и 99% од Бугарите живеат во Бугарија каде претставуваат 83% од популацијата. Според официјалните статистички податоци, 97% од Македонците живеат на територијата на денешна Македонија и претставуваат 65% од вкупната популација на државата. Кон опишаната етничка, верска, културолошка, историска и територијална сегментација се додава и економската и социјалната хетерогеност низ кои може да се објаснат вековните меѓуетнички судири, тензии, аномозитети и трагедии на балканските народи. Меѓу овие фактори би ги издвоиле следниве три:

- судирот на цивилизациите, чии корени се пронаоѓаат во големата шизма помеѓу Рим и Константинопол од 1054 година. Балканот бил одбележан со *цезаропапизмот и отсуството на индивидуалните права,* односно со една радикално поинаква култура од онаа на католичкиот и протестантски Запад;

- економски, социјален и политички расчекор кој не произлегува од културолошката диверзификација на регионот туку, пред сè од економско-социјалниот и политички остаток на балканските држави. Се работи за една природна и историска еволуција низ која помина Западна Европа во 19 век и Централна Европа меѓу двете светски војни, а денес тоа го доживува и Западен Балкан;

- специфична геополитичка позиција – Западен Балкан како крстопат на Европа кон Азија и Блискиот Исток. Народите на Балканот во повеке наврати биле покорувани од страна на турската, австро-унгарската и руската империја со постојано парчосување на границите. Проблемите се манифестираат кога доаѓа до националното освестување во рамките на големите империи. Балканските ентитети биле расцепкани помеѓу германската или романтичарската концепција во однос на нацијата и француската концепција за маргинализирањето на етницитетот во полза на државата-нација.

Проблемот со овие концепции е што тие на извесен начин ја потврдуваат тезата дека, Балканот не се проектира како еден компактен ентитет, туку како множество на ентитети, со диверзифицирани етнички, културолошки и верски структури. Поаѓајќи од овие премиси, тезите на Самуел Хантингтон дека идните конфликти нема да бидат идеолошки, политички или економски, туку меѓу-цивилизациски, меѓуверски и интеркултуролошки, и тоа во зоните каде се судираат или мешаат цивилизациите, ја развива тезата дека и меѓуетничките судири во Западен Балкан биле во истиот дух (Samuel P.Huntington-Le choc des civilization, Paris: Odile Jacob,1997).

**Геополитика на историско-културните врски на балканските народи**

Три нации на Балканот, Бугарите, Србите и Македонците имаат традиционално силни врски со Русија. Во рамките на панславистичката логика, овие држави поседуваат неколку значајни заеднички точки со „*Третиот Рим*“, како што се етничкото словенско потекло, лингвистичка блискост на словенските јазици, кириличното писмо, обичаи, имиња, заеднички историски судбини, сојузништва против Отоманската Империја, припадност кон комунистичкиот блок. Бугарија во епохата на комунизмот се сметаше за најсоветската држава и независно од нејзината проевропска и пронатовска ориентација и членство и натаму останаа силни врските помеѓу Москва и Софија. (G-F.Dumon-Le: 40). Односите меѓу Србија и Русија се специфични, пријателски и историски. Во 1914 Русија ѝ објави војна на Австро-Унгарија по агресијата врз Кралството Србија. За време на Втората светска војна Русите и Србите заедно војуваа против нацистичка Германија. Во 1999 г., Русија на Борис Јелцин не беше во состојба да се спротивстави на воената воздушна кампања на НАТО врз цели во СР Југославија, но Параламентот на Србија (СРЈ) изгласа закон за припојување во Русија во една држава. Во 2001 г. Србите од Косово побараа руско државјанство со цел да се заштитат од осветата на Косоварите. Од своја страна, Москва систематично го блокираше членството на Косово во ООН и не ја призна независноста на Косово. Во 2013 г. Србија се здоби со набљудувачки статус во рамките на Организацијата на колективниот одбранбен договор, иницирана од страна на Русија. Воедно, Русија финансиски и воено ја помогна српската економија и нејзиниот одбранбен капацитет. Хрватска е силно свртена кон германофонскиот свет, поточно кон Германија и Австрија со кои дели бројни историски наследства од 16 до 20 век. Воедно Хрватите се од католичка вероисповед, што уште повеќе ги приближува кон своите западни соседи. Хрватскиот брег е од огромно стратешко значење за австрискиот излез на море, а во тој сектор се движат и големите австриски и германски капитални вложувања. Двете нации со доминантна муслиманска популација, Албанци и Бошњаци, инклинираат кон Турција, исто како и Косоварите и Санџаклиите. Турција никогаш не прифати да биде исфрлена од Балканот од страна на Западот. По војните од 90-тите, Турција почна да го зголемува влијанието врз Балканот. Анкара дејствуваше во полза на независна БиХ во која ќе доминираат муслиманите и прва ја призна независноста на Р. Косово. Во иднина се очекува Турција да го зајакне економското и политичкото влијание на Балканот, особено што доктрината на *новиот отоманизам* на Ердоган има амбиции на обновување на поранешните врски со народите на некогашната Отоманска Империја. Меѓутоа, некои автори сметаат дека таквата амбиција на Турција ќе биде отежната со фактот што балканските муслимани имаат една умерена интерпретација на исламот, додека оној на Турција е мошне конзервативен. Згора на тоа во Албанија се развија и неколку антитурски националистички движења, меѓу кои и она на Исмаил Кадаре,

кои сметаат дека исламот во Албанија е увезена религија. И, конечно, од економски и енергетски аспект, Баалканот е помалку интересен за Турција отколку земјите на Блискиот Исток. (Chalad Laurent – l'Albanie 2006-2007,Sous l'oeil de Etats Unis, Le Courrier des pays de l'Est,1062, juli-avgust,2007).

**Дали геополитиката е главниот фактор за нестабилност на Балканот ?**

Впрочем, Балканот повеќе од 150 години е најконфликтната зона во светот. Бројни судири на соседните земји, како и на големите сили, се воделе врз балканското тло. Она што е парадоксално е што Балканот не е простор богат со суровини и енергенси како на пример Блискиот Исток, ниту со развиено земјоделство или напредната индустријализација. Дали тајната на судирите е во бројноста на разните народи кои заемно не се поднесуваат? Впрочем, Балканот не е единствениот регион со толку богат мозаик од народи. Можеби геостратегијата може да го даде одговорот со оглед дека Балканот е значаен за контролата на Источното Средоземје. Во епохата на интерконтиненталните ракети и електронските војни и овој фактор отпаѓа со оглед дека на Балканот не постоеја ниту поголеми војни баз или стратешки пристаништа. На Балканот војуваа Австрија против Отоманската Империја, Австрија против Русија, разни стратешки потези, дипломатски игри и влијанија правеа и Лондон и Париз и Берлин и Рим. За време на Втората светска војна Балканот беше окупиран од страна на силите на оската на чело со Германија, потоа започна епохата на Студената војна каде Балканот беше граничната линија меѓу Западот и Истокот и конечно деведесеттите години при имплозијата на југословенската федерација, регионот беше одбележан со меѓуетнички војни. Еден одговор на дилемата на балканските војни е евидентен: конфликтите на Балканот произлегуваат од геополитиката. Но кој геополитички аспект ја создава долготрајната нестабилност на Балаканот? Зошто територијалните амбиции и меѓуетничките конфликти на балканските народи постојано биле инструментализирани од страна на вонбалканските сили, инаку водени од нивните империјални соништа за доминација? Зошто од страна на големите сили на Балканот се гледало како на појдовна точка на големите геополитички планови? Дали улогата на Балканот како светски Римлад е навистина толку значајна што прераснал во вековна опсесија на Рускиот пробив кон топлите мориња? Дали регионот е појдовна точка или порта кон Каспискиот регион како што сметаа Бжежински и Хантер за американската инвазија кон граничните богати азиски региони? Со прераснување во зона на реципрочен „conatinment" на големи светски сили, интерните балкански анимозитети и конфликти беа инструментализирани со единствена цел да се оневозможи зацврстувањето на влијанијата на ривалските сили. Притоа генералниот механизам на големите сили бил цикличен, колку офанзивен толку и дефанзивен. Историјата се повторува и по Втората светска војна кога Балканот е еден влог помеѓу Западот

и Истокот. На почетокот на 21 век, независно од падот на комунизмот и крајот на Студената војна, Балканот повторно прераснува во своевиден геополитички влог меѓу Русија и САД.

**Економските влогови како геополитички влогови**

Во современата епоха, Балканот поседува помал воен потенцијал, но повеќе потенцијал за економска интеграција, констатира А.Корибко. (Andrew Korybko- "Guerres hybrides: Briser les Balkans (I)- Le sacer Francophon, source Oriental Review, 06.05.2016) Од ова гледна точка, регионот може да се концептуелизира како *релативно поделен помеѓу поголемите стопанства на Германија, Русија и Турција.* Балканот на извесен начин ги спојува германската и турската трговија, додека најголемиот дел од трговијата на Русија со останатите два блока се одвива преку Источна Европа и Црното Море. Поаѓајки од таквата дихотомија, политиката на ЕУ и на НАТО *Drang nach Suden – На пат кон Југот, с*оздаваат многу повеќе еден концептуелен маневар со оглед дека е јасна целта на САД и Германија *да го консолидираат регионот, да ја реконструираат инфраструктурата и да ја модернизираат некогашната коридорска врска низ поранешна СФРЈ.* Големото геоекономско значење на Балканот за Германија, како и пошироко за стопанството на ЕУ, е евидентно. Најголемиот пазар и најголемата економска сила на Европа настојуваат да воспостават целосна и директна контрола (ЕУ) и индиректна контрола (НАТО со САД) врз трговските патишта на континентот кон Блискиот Исток во соработка со Турција, една од најмоќните сили во Западна Азија. (Andrew Korybkoc: 3). Доколку реферираме пред историјата, пред Првата светска војна полесно може да се објасни проектот на Берлин за „Berlin-Bagdad Express" и настојувањата да се оневозможи влијанието на Русија на Балканот. Актуелните проекти за контрола врз Балканот се спортивставуваат на амбициите на Русија и на Кина, чие присуство на Балканот се манифестира најмасовно во центарот на регионот, односно во Србија и во Република Српска.

Во регионот наречен Централен Балкан е сместена Република Македонија. Геополитичката и геофизичката позиција на Македонија ѝ овозможува да функционира како критична врска помеѓу грчките пристаништа и земјите на Централен Балкан и уште подалеку кон Унгарија и Германија. Воедно, територијата на Македонија е и основен пасаж за регионалната трговија север-југ, но и лесно прооден коридор за мигрантите од воневропските простори. Во актуелната состојба, РМ е официјално ориентирана кон проевропската и проНАТО-опцијата.

**Енергетските влогови како геополитички влогови**

Во актуелниот геополитички контекст одбележан со постојаните тензии помеѓу Западот и контрадикторните еволуции на државите-членки на ЕУ во

однос на Русија, проектите за протокот на рускиот гас низ територијата на Балканот како што беше проектот „Јужен тек“ (South Stream) еволуира во сериозен геополитички влог. Економските санкции на Брисел кон Русија во врска со кризата во Украина, беа и повод за наметнување кон државите-членки и кон кандидатите за членство во ЕУ, нови услови во однос на „Јужниот тек“, односно на адаптирање на националните законодавства со европските правила околу склучувањето на договорите со „Газпром“. Како резултат на оваа акција Бугарија ги замрзна преговорите, а набргу кон крајот на 2014 г. го најавува напуштањето на проектот „Јужен тек“. Но затоа на почетокот на 2017 г. Русија и Турција се договорија за анимирање на проектот „Турски тек“.

Бројни аналитичари сметаат дека ЕУ никогаш дефинитивно нема да раскрсти со Русија со оглед на нејзиното енергетско богатство и потребите на ЕУ од тие ресурси. Кон овој сложен однос се надодава геополитиката на Турција која во 2013 г. најавува дека не би имала против да ѝ пристапи на групата Shanghai five – Organisation de Cooperation de Shamghai која ја сочинуваат Кина, Русија, Казакстан, Узбекистан, Киргистан, Таџикистан. Оваа стратешка игра на Анкара е сериозно предупредување кон Брисел со оглед дека Турција во иднина би можела да игра и со проектот „Турски тек“ и TANAP (Трансанадолски гасовод, кој почнува од Азарбејџан, преку Грузија и Турција, сè до Бугарија, Грција, Албанија и Италија), кои ја пласираат Турција во незаобиколив субјект во транзитирање на гасоводите. Инаку новиот гасовод „Турски тек“ – „Turkish Stream“, е создаден да ја снабдува Средна Европа со руски гас. Гасоводот ја заобиколува територијата на Украина и го удвојува гасоводот „Blue Stream“, кој од Русија поминува во Турција и под Црното Море, завршува на терминалот Ипсала на грчко-турската граница. Во таквата динамизирана ситуација, под лупата на Западот се најде позиционирањето на Бугарија, Хрватска, Унгарија и Австрија, историски сојузници и членки на ЕУ и на НАТО. Независно од досието за гасоводите, во Европа се одвива вистинско рекомпонирање на геополитичката рамнотежа. Балканска Европа претставува плоча врз која се судираат бројни економски и геостратегиски интереси. На тој начин по иницијатива на Русија, Турција еволуира во вектор на новиот коридор од каде произлегуваат бројни геополитички предности во насока на афирмацијата на Анкара како главна евроазиска траса на земниот гас. Меѓутоа таквата новина не беше во полза на Србија која од една страна настојува да се интегрира во ЕУ, а од друга страна да го одржи сојузништвото со Русија, инаку главниот корисник на „Јужен тек“.

Доколку Турција продолжи да ја игра улогата на евроазиската стратегија, која би ја споила и со новиот кинески проект „Патот на свилата“, и продолжи со стратегијата на нејзиниот *soft power - неоотоманизам*, останува дека нејзината аспирација со Русија и Кина може да предизвика сериозни геополитички и меѓународни консеквенци за односите на Турција со САД и со НАТО. Со оглед дека анулирање на проектот „Јужен тек“ ги погоди лидерите на Западен Балкан,

можно е еден друг алтернативен коридор кој би ги споил остатоците од „Јужен тек“ и би поминал низ Грција и Македонија. Сепак, оваа можност е условена од чувствителноста и економската и политичката нестабилност на Грција и Македонија од една страна, но и од можните тензии на актерите кои се во игра околу овој проект. Како дополнителен елемент кој ја усложнува состојбата е значајното присуство на Кина која според проектот „Новиот пат на свилата“, решена е да инвестира во коридорот Будимпешта, Белград, Скопје, Солун.

**Враќањето на Русија на Балканот**

Како што е познато, историските врски на Русија со Балканот се мошне силни. По завршетокот на Студената војна 1990 г., од која Русија на Горбачов и на Борис Јелцин излезе поразена, таа беше маргинализирана и понижена од страна на Западот. Москва не беше во состојба да ги поддржи и да ги заштити сопствените сојузници од Србија, ниту да ги спречи бомбардирањата на НАТО или да го оневозможи конституирањето на независно Косово. Со доаѓањето на Путин на чело на Русија и особено по пронаоѓањето на огромните наоѓалишта на земен гас во Казакстан во 1997 г., Москва се здоби со неопходни економски капацитети со чија помош можеше да им се реваншира на Горбачев и на Западот. (George Marie Chenu-Balkans occidentaux: espace geopolitique convoite, Diploweb.com-La revue geopolitique, 09.dec.2012).

На првиот руско-балкански самит за енергија од 25.06.2007 одржан во Загреб, Русија отворено даде до знаење дека нејзина стратешка цел е да прерасне во најзначајниот снабдувач на Западот со гас, додека зоната на Западен Балкан да прерасне во клучна транзитна зона на рускиот земен гас. Во центарот на овој проект се наоѓа Србија како главен hub или платформа на контакт низ чија територија би поминал големиот гасовод „Јужен тек“. Проектот „South Stream“ инаку е раководен од страна на претпријатието кое 50% е под контрола на „Газпром“, а втората половина ја претставува конзорциумот помеѓу ЕНИ (Италија), ЕДФ (Франција) и БАСФ (Германија).

Путин и Медведев лесно се спогодија со српските власти, дури Москва јавно го подржа патот на Србија во ЕУ. Во меѓувреме беше склучен и договор за слободна размена меѓу Србија и Русија, додека „Газпром“ со откупот на НИС и рафинеријата во Панчево, стана доминантен фактор во нафтената индустрија на Србија. Воедно, Русија ѝ позајми на Србија 1 милијарда долари за рехабилитација и модернизација на железничката пруга, на хидрауличните централи и урамнотежувањето на буџетот. Пријателството се зајакна преку бројните скономски, политички, културолошки соработки, а Русија е и цврст сојузник на Србија околу непризнавањето на Косово. Планот за „Јужниот тек“ предвидуваше тој да помине низ Бугарија, Србија и Унгарија со цел да ги снабди останатите држави-членки на ЕУ. Што се однесува од Бугарија, Русија

е присутна со бројни суровини како гас, нафта, бензин, нуклеарни отпадоци, додека единствената рафинерија *„Лукоил“* ѝ припаѓа на Русија. БиХ исто така беше заинтересирана за припојување кон „Јужниот тек“ преку Хрватска, додека Република Српска е најприемчива. *„Газпром“* ја откупи рафинеријата во Бањалука, а потпиша и повеќе договори за соработка со Москва. Словенија и Хрватска исто така покажаа интерес за „Јужниот тек“, Словенија го потпиша и договорот, додека Црна Гора беше заинтересирана за поголема економска и техничка соработка околу модернизацијата на хидроцентралите. Од своја страна, Македонија дозволи влез на *„Лукоил“* и иницираше и бројни политички потези во насока на подобрување на билатералните односи со Москва. Во 2012 г. Русија во доменот на енергетиката се избори за мошне поволна позиција во зоната на Западен Балкан, пред сè благодарение на позицијата на Србија во овој регион. Меѓутоа „Газпром“ е еден нетранспарентен субјект, кој ги концентрира своите активности кон производство и снабдување, а ова двојство на деловни активности е спротивно на европските правни диспозитиви за конкуренцијата што беше еден од главните официјални фактори за неуспехот на проектот „Јужен тек“. Меѓутоа постојат и политички фактори како што се енергенсите како своевидно оружје, со што ЕУ не сакаше да стане зависник од геополитичката злоупотреба на ова оружје од страна на Москва.

**Останати актери**

По распаѓањето на Југославија, Турција постепено почна да се враќа во просторите на Западен Балкан. Притоа новите балкански генерации открија и некои позитивни аспекти од владеењето на Отоманската Империја: Портата успеа да воспостави таков систем во чии рамки коегзистираа повеќе етнички, верски и културни групи. Турција која има односи со сите држави од регионот практикуваше и сè уште практикува една активна, посредничка и помирлива дипломатија. Како значаен член на Исламската конференција, Анкара ги сензибилизира останатите моќни членки на оваа институција кон балканските проблеми. Членка на НАТО, игра значајна улога и во кризниот менаџмент со присуството на својот контингент на Косово, посредуваше во решавањето на проблемите помеѓу Скопје и Атина, како и во политичко-религиозните недоразбирања помеѓу Санџак и Белград. Турција е конкретна и реалистична. Доколку до 2025 г. не стане членка на ЕУ, Анкара се закани дека целосно ќе се фокусира кон државите кои биле дел од некогашната турска империја. Со потпишување на Договорот од Дејтон 1995 г., во БиХ пристигнаа бројни муслимански мисионери од Северна Африка и од Арапскиот Полуостров. И покрај значајната маса петро-долари, изградените џамии, странските имами не успеаја да го радикализираат европскиот карактер на босанскиот ислам. (George Marie Chenu: 3). Од своја страна, Емиратите и Кувајт се економски активни со неколку значајни проекти во Србија.

Меѓу најнеочекуваните новодојдени актери на Западен Балкан е зголеменото економско и финансиско присуство на Кина. Благодарение на Грција, кинеските транспортери си обезбедија директен пристап на европскиот пазар. Првата мисија на Кина е да го олесни пристапот кон Европа поради извозот на сопствените производи, создавање на трговски или индустриски претпријатија, како и изнаоѓање на трговски партнери од регионот со цел да пенетрира во ЕУ. Во политичка смисла, Кина е поблиску до Белград и го поддржува правото за зачувување на суверенитетот и територијалниот интегритет на Србија врз Косово, каде има идентична позиција заедно со Русија наспроти позициите на САД, В. Британија и Франција. Со постојаната употреба на правото на вето во СБ при ООН, Кина покажува дека е голема сила и дека ужива голема популарност меѓу јавното мислење на Србија. На економски план, Кина е најприсутна во Србија ( Мостот „Пријателство“ на Дунав, комуникациите Земун-Борча, електрична централа „Костолац“, учеството во изградбата на коридорот 11, Топилницата „Смедерево“ итн.) Кина е присутна и во Црна Гора, каде е во конкуренција со руските инвестиции и во Македонија со своите кредитни активности околу изградбата на повеќе комплекси како што се автопатот Гостивар – Кичево – Охрид. Сепак, сите овие проекти ги надминува големиот кинески проект „Новиот пат на свилата“, чиј составен дел е и коридорот Дунав –Морава – Вардар – Солун. ( Nano Ruzin-The Geopolitical state of the Balkans and the Danub-Morava-Vardar-Thessaloniki projekt, 203-213, Danub and the new silk road,ed.D.Dimitrijevic,Beograd: IIPE, 2016). Доколку се реализира овој гигантски зафат, целосно би се променила и геополитичката слика на Западен Балкан и пошироко.

**САД на Балканот**

За време на Студената војна односите меѓу СФРЈ и САД биле дефинирани во рамките на глобалниот концепт на односите Исток-Запад. Во очите на Вашингтон Југославија била доживеана како тампон зона помеѓу НАТО и Варшавскиот договор во Јужна Европа. Во овој период целите на надворешната политика на САД се сведувале на ограничување или спречување на хегемонијата на СССР врз Југославија.(Reneeo Lukic/Allen Lynch: 554). Разбирливо е што на почетокот на 90-тите, зачувувањето на територијалниот интегритет на СФРЈ е еден од виталните стратешки интереси на американската надворешна политика. Кога кризата се интензивира, претседателот Буш не беше во состојба да предложи валидни решенија за кризата и затоа лидерското место им го отстапува на ЕУ и ООН. Настојувајќи да ја сочуваат Југославија, САД ќе ја признаат сувереноста на Словенија и Хрватска дури во декември 1991 година. Администрацијата на Клинтон по почетната нерешителност ја промовира концепцијата „lift and strike“, која требаше во соработка со Франција, В. Британија и Русија да означи решение на кризата. Меѓутоа, последниве три држави настојуваа кризата

да се реши само по дипломатски пат, одбивајќи да се интегрираат воените и дипломатските механизми. Пред западните сојузници се наметнаа две концепции: една која се состоеше во употребата на НАТО-авијацијата врз српските сили во БиХ и Хрватска и втора, подигање на ембаргото на оружје за БиХ и Хрватска заради воспоставување на воената рамнотежа. По воениот успех на хрватските и бошњачките сили, беше склучен договорот од Дејтон во 1995 година. Таква нерешителност нема да покаже американската дипломатија за време на воздушната кампања на НАТО врз цели во СРЈ во 1999 година. Според српските толкувања, американската интервенција се должела на економскиот интерес на Вашингтон на Косово за да ги приграби најбогатите наоѓалишта на олово и лигнит во Европа. Според американските толкувања изречени од страна на американскиот НАТО-амбасадор Хантер, *Косово претставува пристапна врата за влез во регионите од примарна важност за САД, како што се израелско-арапскиот конфликт, ирачко-иранскиот судир, Авганистан, Каспискиот регион и транскавкаскиот простор... (Washington Post,21.04.1999)*. Геополитичката димензија за Косово ја развива и Збигнев Бжежински во неговото капитално дело „Големата шаховска табла“. Според францускиот политиколог Пјер Аснер (Pierre Hassner:349), Бжежински сметал дека во тек е создавање на еден империјален или еднополарен поредок фундиран врз американската супремација. Нема сомнение дека стратешката цел на САД е да се оневозможи каква било друга сила да ја оспори супремацијата на САД. Притоа, основен геополитички влог на САД е Евроазија. Губењето на контролата врз Балканот по дестабилизацијата на регионот е еден од факторите за интервенцијата на Косово и воспоставување на американската хегемонија во регионот (Camille Dansette: 10). Иако не може да се констатира во 2000 г. дека позициите на САД на Балканот ги загрозува Русија која е блиска со Србија, сепак може да се насети растечкиот американско-руски ривалитет во периодот по бомбардирањето на СРЈ од страна на НАТО 1999 година. Затоа Србите им станаа непријатели на Американците, констатира Пол-Мари де ка Горс.( Paul-Marie de la Gaurce:10). Таквата еволуција продолжува и во следните години. По кризата во Украина, Балканот се трансформира во нова линија на судирот меѓу Русија и Западот, констатира во 2015 во Сенатот, ДС Џон Кери. Напоредно со американскиот „Бондстил“ изгледа дека и Москва си создаде руски „Бондстил“ во близината на Ниш, наречен Руско-српски центар за ургентни ситуации. (*Jean-Arnault Derens/Laurent Geslin:7*). Сепак мали се изгледите дека Русија ќе успее да се наметне на Балканот, со оглед дека освен енергија нема што друго да им понуди на земјите на Западен Балкан. Но тоа не значи дека Русија од време на време не може да ги вмеша своите прсти во балканските проблеми колку да ископлицира некоја кризна состојба но и да потсети дека сепак сè уште е голема сила. Во тој контекст, Балканот го дочека и изборот на Доналд Трамп за претседател на САД. Очекувањата на балканските политички елити се најразновидни, од целосна неизвесност и индеферентност на новата американска администрација до големи

очекувања дека САД посебно ќе се зафатат со преуредувањето на Западен Балкан, со неговите граници и безбедноста.

**Заклучок**

Просторот на Западен Балкан е еден од најнестабилните региони во светот во последните 150 години. За да се објасни специфичноста и нестабилноста на Балканот, полезно е да се тргне од анализата на разните народи, етнички групи, култури, цивилизации. Историски, во регионот се судирале големите сили, независно што Балканот не е еден богат простор со суровини и енергенси. Изгледа дека геополитичките интереси на Балканот ги надминуваат економските или енергетските недостатоци на регионот.

По завршувањето на Студената војна опадна интересот на САД за Западен Балкан и за просторот на поранешна Југославија. За време на биполарната констелација Исток–Запад, СФРЈ одигра значајна геополитичка улога во полза на САД, со оглед дека оневозможи СССР да добие пристап до Јадранскиот базен и останатите топли мориња.

Во очите на големиот американски геополитичар С. Хантингтон, меѓуетничките војни на тлото на поранешна Југославија беа потврда на неговата теорија за неизбежниот судир на цивилизациите

Кога се актуелизира војната на Косово, и Русија на Б. Јелцин ја покажа својата геополитичка неспособност и нерешителност, влијателниот З. Бжежеински укажа на големиот интерес на САД за енергетските богатства на Каспискиот простор, а поранешниот американски амбасадор во НАТО, Р. Хантер изјави дека, вратата кон виталните точки на интересот на САД (Блискиот Исток, Авганистан, Каспискиот регион и Задкавказјето) се наоѓаат на Косово. На тој начин може да се констатира дека кон почетокот на 2000-тите од аспектот на стратешките интереси на САД, геополитичкото значење на Западен Балкан е во пораст.

Со енергетското и меѓународно-политичкото јакнење на Русија на чело со претседателот Путин, расте и геополитичкиот интерес на Русија за Западен Балкан. Геоекономскиот и геоенергетскиот влог се претвораат во геополитички влог.

Освен САД, ЕУ и Русија, во просторот на Западен Балкан се манифестираат и други светски сили како Кина, Турција, С.Арабија, кои се наметнуваат низ разни „soft power“ или финансиски проекти.

Западен Балкан повторно е геополитички влог во ривалитетот помеѓу Русија и Западотл, особено по кризата во Украина. Тој се трансформира во нова линија на судирот меѓу Западот и Русија.

Србија и Република Српска одржуваат најблиски односи со Русија но, воедно, значаен дел од јавното мислење на Црна Гора, Македонија и Бугарија покажува одредени проруски и пропутинови симпатии. Дел од политичките елити на З. Балкан кои се разочарани од реформските зафати и од *„pax america“*

или од имплементацијата на владеењето на правото, во Москва гледаат симбол на пансловенската и панправославната солидарност кон Балканот, наспроти инсистирањата на Брисел и на Вашингтон за имплементација на западниот демократски вредности во регионот. Во оваа група може да се сместат и корумпираните политичари кои бараат можно прибежиште во Русија под изговор дека се под притисок на американската или бриселската администрација. Конечно, српскиот анимозитет кон САД може да се протолкува од настаните од 1999 г. кога беше извршена воздушната операција врз СРЈ, приврзаноста на Вашингтон кон Приштина и признавањето на Косово, но и од традиционалните добри врски помеѓу Русија и Србија во последните 200 години.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Andre Sellier/Jean Sellier-"Atlas des peuples d'Europe central",Paris: La Decouvert,1991,1992.

G.F. Dumon-"Demographie politique, Les lois de la geopolitique des populations", Paris ,Ellipses, 2007.

Derens Jean-Arnault,Geslin Laurent- "Le Sandjak de Novi Pazar. Un foyer de tensions en Europe de Sud-Est » Le Courrrier des Pays de l'Est » Br.1058, 6. 2006.

G-F.Dumon-Le peuplement balkanique,un kaleidoscope geopolitique, Complexite balkanique, Geopolitiques,N. 31, 2 trimestre.

Gilles de Rapper-"Les Guegues et les Tosques existent-ils?L'opposition Nord/Sud en Albanie et ses interpretations", Espace,Populations, Societe,3 , 2004.

Samuel P.Huntington-Le choc des civilization, Paris: Odile Jacob,1997.

G-F.Dumon-Le peuplement balkanique,un kaleidoscope geopolitique, Complexite balkanique, Geopolitiques,N. 31, 2 trimestre.

Chalad Laurent – l'Albanie 2006-2007,Sous l'oeil de Etats Unis, Le Courrier des pays de l'Est,1062, juli-avgust,2007.

Andrew Korybko-"Guerres hybrides: Briser les Balkans (I)- Le sacer Francophon, source Oriental Review, 06.05.2016.

George Marie Chenu-Balkans occidentaux: espace geopolitique convoite, Diploweb.com-La revue geopolitique, 09.dec.2012.

Nano Ruzin-The Geopolitical state of the Balkans and the Danub-Morava-Vardar-Thessaloniki projekt, 203-213, Danub and the new silk road,ed.D.Dimitrijevic,Beograd: IIPE, 2016.

George Marie Chenu-Balkans occidentaux: espace geopolitique convoite, Diploweb.com-La revue geopolitique, 09.dec.2012,стр.3.

Pierre Hassner-La violence et la paix, Points Seuil,Paris,2000,str.349.

Reneeo Lukic/Allen Lynch-La paix americaine pour les Balkans, Revue Etudes internationals, volume XXVII,Br.3, sptemvri 1996,str.554.

Camille Dansette-Strategie americaine dans la Crise de Kosovo, Lille: Faculte des Sc.juridique,pol.et sociales,2000/1.

355.45(4-12
Изворен научен труд

# БЕЗБЕДНОСТА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО МУЛТИПОЛАРНИОТ СВЕТ: ПОТРЕБА ЗА ПОСИЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

**Моника БЕГОВИЌ**[1]

**Апстракт**: *Униполарниот свет по Студената војна се претвори во мултиполарен, и како резултат на тоа, Западот сѐ повеќе се бори да најде решенија за справување со новите закани и предизвици. Европската унија, која самата сé уште се наоѓа во криза, треба да воспостави и да одржува добри трансатлантски врски и да може да го наметне или да го задржи своето влијание на меѓународната сцена. Денешниот свет е меѓусебно зависен и не толку многу фокусиран на безбедносните прашања, закани и предизвици како порано, бидејќи се појавија проблемите на човечкиот опстанок и човечката безбедност кои стануваат сѐ посериозни. Теоретските пристапи кон меѓународните односи укажуваат на промени во распределбата на глобалната моќ, и ја поставуваат основата за менување на мултиполарноста и дискутабилната функционалност на мултилатерализмот. Тоа може да доведе до посериозни конфронтации помеѓу големите сили. Во овие констелации на меѓународни односи, Југоисточна Европа (ЈИЕ), која геополитички е многу чувствителна област за трансатлантските партнери, се бори со старите и новите предизвици и закани, обидувајќи се да најде најдобри можни решенија за приклучување кон трансатлантското семејство. Овој труд ќе ги презентира чекорите кои се потребни во таа насока, докажувајќи зошто се неопходни посилна регионална интеграција и соработка за поголема безбедност и сигурност и каква е современата улога на НАТО и ЕУ во ЈИЕ.*

**Клучни зборови**: *соработка во безбедноста, безбедносни закани и предизвици, Западен Балкан, НАТО, ЕУ, ЗНБП, ЗБОП*

## Вовед

Најголемата грижа за безбедноста во Европа денес се однесува главно на заедничките проблеми на трансатлантските партнери, а особено на тероризмот и оружјето за масовно уништување. Сепак, овие грижи се насочени и кон квалитетот на регионалната соработка во Европа, особено во одржувањето на добрососедските односи. Во мултиполарниот свет,

[1] Авторот е проект-менаџер и заменик-претседател на АТА-Хрватска, доктор по политички науки

мултилатерализмот е важен, за да покаже дека земјите се подготвени да соработуваат и да работат заедно. Европската унија и НАТО ги претставуваат главните арени за остварување на желбата за соработка и меѓусебна зависност, а одржувањето на мирот и безбедноста во Југоисточна Европа главно зависи од улогата на НАТО и на ЕУ. Иако ЕУ има развиена и релативно цврста Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП), сепак, НАТО останува доминантна институционална основа за трансатлантските безбедносни прашања. По последните американски претседателски избори, ЕУ се обиде да се ангажира повеќе на европската територија и започна да игра важна безбедносна улога, особено преку својата политика за проширување во однос на ЈИЕ. Тоа беше главната причина Европската комисија да усвои нова перспектива за проширувањето со земјите од Западен Балкан[2], испраќајќи јасна порака на светот дека Европската унија сака поголема стабилност во нејзиното соседство. Важноста на земјите од Југоисточна Европа за ЕУ постојано расте и затоа интеграцијата на земјите од Западен Балкан во ЕУ претставува една од заедничките цели на надворешната политика, цел која ќе им обезбеди на новите членки придобивки во економската, политичката, а особено во безбедносната сфера. Затоа, евроатлантската интеграција се перципира како клучна стратегија за постигнување мир, стабилност и просперитет во овој дел од Европа. При овие напори секогаш треба да се внимава на реакцијата од Русија, особено во време кога Русија има активна глобална улога во мултиполарниот систем на меѓународни односи.

Овој труд не ги опфаќа првенствено предвидувањата за тоа како мултиполарноста ќе влијае на општите меѓународни односи и како ќе се развиваат односите меѓу НАТО и ЕУ од една страна и Русија од друга страна, туку анализира и сугерира како новите можни конфронтации би можеле да влијаат на турбулентната атмосфера во регионот, со следните забелешки:

• Трудот ја разгледува перцепцијата за улогата на новите полови во мултиполарниот систем, особено Русија во однос на западот, со цел да се дефинираат целите, приоритетите и начините за нивна реализација во современите меѓународни односи.

• Трудот го истражува враќањето на НАТО и фокусот на европската област, при што Европа повторно ќе стане геополитичка, геостратегиска и геоекономска област за конфронтација меѓу Западот и Русија.

• Трудот ги разгледува импликациите на обновениот фокус на Европа и влијанието врз турбулентните односи во Западен Балкан.

• Трудот обезбедува теоретски увид во современите меѓународни односи поврзани со регионот на ЈИЕ.

**Современите односи во Југоисточна Европа**

Југоисточна Европа има многу чувствителна геополитичка положба, што е особено видливо преку турбулентните односи меѓу земјите од Западен Балкан, кои сѐ уште се

[2] European Commission, 6.2.2018., Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, A credible enlargement perspective for and enhanced EU engagement with the Western Balkans, Strasbourg https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/communication-credible-enlargement-perspective-western-balkans_en.pdf

https://ec.europa.eu/commission/news/strategy-western-balkans-2018-feb-06_en

стремат да создадат подобра атмосфера во регионот. Регионалната соработка е само еден вид однесување кое се очекува овие земји да го практикуваат за да можат да станат членки на ЕУ и на НАТО, и затоа е важно да се истакне дека без НАТО и ЕУ, кои отсекогаш ја гарантирале безбедноста на земјите од Западен Балкан, стабилноста во регионот би била прилично кревка.

Западниот Балкан сѐ уште се смета за нестабилен регион во Југоисточна Европа, меѓутоа, и покрај многубројните предизвици и нестабилност, може да се нарече регион ориентиран кон реформи, особено затоа што сите земји постојано го следат патот за да станат полноправни членки на евроатлантската заедница. Сите земји во регионот се стремат да се приклучат на семејството на ЕУ, надевајќи се дека членството ќе им помогне да ги надминат тензиите кои сѐ уште се присутни меѓу шесте земји. Во текот на процесот на приближување и преговори, проблемите се однесуваат особено на напредокот во областа на владеењето на правото, борбата против корупцијата и економскиот развој. Со исклучок на Србија, земјите од Западен Балкан, исто така, се стремат да влезат во НАТО, сојуз кој делува како гарант на мирот и безбедноста во регионот, којшто сѐ уште не е стабилен. Овие две организации споделуваат заеднички вредности додека обезбедуваат траен мир во Европа; индивидуална слобода, демократија, човекови права и владеење на правото.

Во овие напори на малите држави во Југоисточна Европа, мултиполарноста донесе нов играч на сцената, а тоа е Русија. Руското влијание во овој дел од светот е големо, и, прво и најважно, Русија се противи овие шест земји да влезат во НАТО, но исто така и во ЕУ на некој начин, особено загрижени за потпаѓањето на Србија под влијание на Западот. Г. Лавров, исто така, предупреди: „Повторените барања на ЕУ, Србија да ја усогласи својата надворешна политика со блокот како предвесник за членство и да наметне санкции за Русија, рече тој, се истите грешки што ги направи Западот со притисокот врз завојуваната Украина да избере меѓу Западот и Русија". (Стојановиќ, Независен, 2018) Се истакнува и изјавата на рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров за тоа како Европа се соочува со нездрава ситуација поради проширувањето на НАТО. Гледајќи од оваа перспектива, процесот на проширување со ЈИЕ може да се смета за нешто што ЕУ и НАТО сакаат да го искористат само за да се спротивставаат на Русија, а не дека земјите од Западен Балкан се навистина добредојдени да се приклучат. Русија дејствува како нов играч на меѓународната арена од 2013 година и успешно го проширува своето глобално влијание. Русија успеа да создаде мултиполарен свет, а во исто време да ги подели западните политички и безбедносни блиски односи. По Студената војна и распадот на Советскиот Сојуз, со мошне слаба Русија, САД и Европа не беа загрижени што Русија го шири своето влијание во светот[3]. Додека го ширеше своето влијание, Југоисточна Европа, а особено Западен Балкан, стана најважен за Русија, како геостратегиска точка која има пристап до Средоземното Море, но исто така е важен регион и за извоз на енергија и „*арена каде*

[3] *Russia's global activism can be divided into four geographic regions… First are Moscow's efforts to retain its influence or counter Western influence in the states of the former Soviet Union… The second category consists of Moscow's efforts to undermine the Western and transatlantic institutions it considers its principal adversaries—the United States, the European Union (EU), and the North Atlantic Treaty Organization (NATO)… Third, Russia is engaging in a campaign to gain or regain influence in other places where the Soviet Union once held sway. In the Balkans, for example, Russia plays the nationalist and Christian Orthodox cards to complicate Western efforts to integrate these countries into European structures. The final category consists of Russian efforts to gain influence in parts of Asia, Africa, and Latin America'.* Stronski Paul, Sokolsky Richard, The return of global Russia: An Analytical Framework, 14 December 2017, Carnegie Endowment for International Peace (web source)

*што Русија се обиде да го прекине проширувањето на НАТО и ЕУ* "(Стронски, Соколски, 2017), и во која Западот не ја оствари својата улога за донесување на демократија во овие земји во транзиција. *Москва има распоредено широк спектар на инструменти на „мека" и „тврда" моќ на Балканот, вклучувајќи ги и традиционалните дипломатски, информативни и културни алатки, економски мерки и тајни средства. Балканот изобилува со цели за Русија поради сложеното наследство на регионот и различните културни, верски и етнички врски.* (Стронски, Соколски, 2017). Русија го обнови своето влијание во светот, отфрлајќи ја идејата дека светот е униполарен, а САД е доминантна сила. Со оваа нова позиција Русија може да ги бара своите интереси во светот[4].

Геостратегиското значење на Западен Балкан ги одбележува приоритетите на кои треба да продолжат активностите на меѓународната заедница, со заеднички напори и засилена соработка за решавање на специфичните предизвици со кои се соочува овој регион, со цел да се одржи постојната рамнотежа со соседните земји. „*Геополитиката се врати на Балканот*", изјави Дејвид Мек-Алистер, германски европратеник и претседател на Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент, (Ранкин, Гардијан, 6.2.2018.), додавајќи дека на меѓународната сцена има различни играчи, ЕУ, НАТО, Русија и Турција, што покажува дека денешниот свет е мултиполарен.

Одржувањето на стабилноста и безбедноста на сопствената територија повторно стана тешко за Европската унија, бидејќи сè уште се бори со внатрешна криза. Но, партнерството со САД, особено преку НАТО, сè уште постои. Сепак, поради новиот пристап на американската надворешна политика, Југоисточна Европа не треба да се грижи дали Русија претставува закана или не, туку за иднината на евроатлантската интеграција. Како овие нови услови влијаат врз односите меѓу сојузниците се илустрира со следнава изјава: „*Наместо тоа, ние овде во Соединетите Американски Држави треба да се грижиме за Европа и за центрифугалните сили кои се чини дека немилосрдно го разединуваат нашиот најтесен круг на сојузници во светот. Слабата или скршена Европска унија е сериозен геополитички неуспех за САД .... Прво, треба да го зајакнеме НАТО. Тоа е темелот на безбедноста во Европа, и покрај сите негови искушенија и проблеми*". (Ставридис, надворешна политика, 2016).

Опстанокот на НАТО по Студената војна беше многу важен за евроатлантската стабилност и безбедност. Ова беше докажано не само во реалноста, туку и во теоретските пристапи, во кои НАТО не се сметаше само како сојуз, туку како воено-политичка организација. Неореалистите тврдат дека ако оваа трансформација никогаш не се случеше, Алијансата немаше да има никаква цел без спротивната страна. Кенет Валц, како неореалист, гледа на трансформацијата како на можност сојузниците меѓусебно да се контролираат на многу начини, при што колективната одбрана останува како главна задача која се уште го одредува НАТО како сојуз[5]. Ова се главните причини зошто Европа има потреба од НАТО, и покрај Заедничката безбедносна и одбранбена политика.

[4] *'Mr. Medvedev said: "Russia, like other countries in the world, has regions where it has privileged interests. These are regions where countries with which we have friendly relations are located.*"Kramer Andrew, Russia Claims its Sphere of Influence in the World, *New York Times*, August 31, 2008, http://www.nytimes.com/2008/09/01/world/europe/01russia.html

[5] It can be said, looking from the perspective of neorealism, that states join the alliances to ensure the behavior of other allies, advancing the interests of their foreign policy, trying to reduce the uncertainty of the international system, which neorealists define as international anarchy. Neorealists see states and great powers as central to world politics, that is characterized as anarchy, which additionally makes them to be within an alliance. (Waltz 1979; Waltz 1993, 44-79.)

Додека се справува со прашањето за новите современи меѓународни односи, теоријата на неореализмот ќе се искористи за опишување како НАТО се трансформираше, кога стана јасно дека одбраната и одвраќањето се темел на НАТО и неопходна основа за сите активности што ги презема НАТО. Приспособувајќи се на националните интереси на земјите-членки, НАТО привлекува нови земји да станат членки и ја оправдува својата улога на трансформиран сојуз[6].

Гледајќи го НАТО од гледна точка на трансатлантска заедница која игра важна улога во Западен Балкан, може да се каже дека НАТО е заедница на вредности што ги споделуваат сите земји-членки, а соработката во одбраната е инструмент за промовирање на политички промени. Слоун тврди дека НАТО не е првенствено наменето за одржување на мирот меѓу земјите-членки, туку за заштита на тие земји од светот околу нив. (Слоун 2005: 7). Затоа, иако имаше различни политички мислења во НАТО кога станува збор за процесот на проширување со земјите од Источна Европа, проширувањето на членството стана корисен политички потег. Сепак, оваа политика предизвика одредена нестабилност во Југоисточна Европа, особено откако Русија почна да игра нова улога во меѓународните односи.

Претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер изјави дека земјите од Западен Балкан ќе бидат подготвени да пристапат во ЕУ во 2025 година, нагласувајќи дека одредувањето на датум е „охрабрување за сите заинтересирани страни да работат напорно” (Ранкин, Гардијан, 6.2.2018. ). Сепак, досега, само Србија и Црна Гора започнаа преговори и разговори за членство. Треба да се очекува дека намерата на овие земји да станат членки на ЕУ има цел нивна полесна заштита од политичките спорови кои предизвикуваат безбедносни проблеми на европска територија.

„Ако сакаме поголема стабилност во нашето соседство, тогаш мора да одржуваме веродостојна перспектива за проширување на Западен Балкан. Јасно е дека нема да има понатамошно проширување за време на мандатот на оваа комисија и овој парламент. Ниту еден кандидат не е подготвен. Но, потоа Европската унија ќе биде поголема од 27 членки. Во преговорите за пристап, кандидатите мора да посветат најголем приоритет на владеењето на правото, правдата и основните права”(Јункер 2017).

Позитивно е што Европската комисија е отворена за процесот на проширување со земјите од Југоисточна Европа, но проблемот се јавува кога се разговара за причината која останува зад отворената врата и е сумирана во една изјава на Јункер: „Ако не се отвориме за земјите од овој многу сложен и трагичен регион, и ако не отвориме европска перспектива за нив, војната повторно ќе се врати во тоа подрачје, како што видовме во 1990-тите. Не сакам повторно да видиме војна на Балканот и затоа треба да се отвориме” (Јункер во „Ројтерс“, април 2018).

## Теоретска рамка

По унилаполарниот свет што следеше по Студената војна и доминацијата на САД во меѓународните односи, меѓународниот систем се враќа во својот мултиполарен облик, со подемот на други големи сили, наречени БРИК - Бразил,

[6] Neorealistic perspective of NATO’s transformation and reasons to exist in: Waltz, 2001, and: Waltz, 1993. International institutions adjust to the needs of the states and theirs national interests, so NATO stopped being an ordinary alliance. On the definition of the alliance, see more in: Walt 1997

Русија, Индија и Кина. Ерозијата на американската воена посветеност кон Европа претставува голем проблем за трансатлантското партнерство и европското стратешко опкружување, особено додека се зголемува моќта на заинтересираните актери Русија и Кина за Европа. Од таа причина, Европската унија е во опасност да ја загуби својата глобална улога како пол во овој мултиполарен, меѓусебно зависен меѓународен систем. Европската унија се соочува со предизвик за постигнување на единство меѓу земјите-членки и приспособување на нејзиниот надворешно-политички пристап во согласност со новото меѓународно опкружување.

Од аспект на новиот светски поредок што драстично се промени во изминатите 10 години и гледано од перспектива на неореализмот, може да се каже дека државите се здружуваат во сојузи за да го обезбедат однесувањето на другите сојузници, да ги унапредат интересите на својата надворешна политика и да ја намалат неизвесноста на меѓународниот систем, која неореалистите ја дефинираат како меѓународна анархија[7]. Кенет Волц, претставник на неореализмот или на структурниот реализам, ги разгледува причините за опстанокот на НАТО по крајот на Студената војна, гледано од перспектива на неореалистите кои тврдат дека НАТО ќе престанеше да постои ако меѓународниот систем не се карактеризираше со биполарност. Волц (2000: 5-41) тврди дека промените со кои се соочи меѓународниот систем во 1990-тите влијаеја на начините на кои државите ја осигуруваа нивната безбедност[8]. Во мултиполарниот систем се забележува пораст на неизвесноста, така што меѓународните институции, како што е НАТО, видоа можност да истакнат дека нивната цел е да ги решаваат прашањата од значење за меѓународниот мир и безбедност во глобален контекст. Иако неореалистите не веруваат во важноста на институциите, опстанокот на НАТО покажува колку меѓународните институции понекогаш служат за националните цели.

Новиот став што го зазеде Русија во меѓународните односи покажа дека тенденциозното тврдење дека НАТО стана застарено како воен и политички сојуз на меѓународната сцена е сомнително. НАТО денес не е само воено-политички сојуз. Заедничките ставови изразени од многу експерти во книгата под наслов „НАТО по шеесет години" (Сперлинг и Папакосма 2012) тврдат дека НАТО е позициониран како силен безбедносен актер на меѓународната сцена, при што

---

7 Anarchy is the basic concept of neorealistic theory. For more, seeWaltz (1979, 1993), Mearsheimer (1990) and Glaser (1997). It is worth mentioning that neoliberal institutionalists stress the high level of interdependence among member states of the alliance, as well as the promotion of cooperation.

8 On NATO's role in the New World Order and the reasons for its survival from the neorealistic perspective, see Waltz (1993, 2000). Waltz (2000) mentions that the fact that NATO survived the disappearance of the primary goal that it had when it was founded is one of the instances that shows why neorealists think that international institutions adjust to the needs of the states and their national interests. Therefore, NATO stops being an ordinary alliance, because if the transformation had never happened, the alliance would have no raison d'être without the opposite side. By adjusting to the national interests of the member states, it attracts new countries to become members and justifies its role as a transformed alliance

владите на сојузничките земји ги почитуваат заедничките вредности на кои се заснова Алијансата.

Неореалистите го гледаат светот како меѓународна анархија (Волц 1979, Волц 1993, 44-79.) во кој државите, како главни актери во меѓународните односи, треба да се приклучат кон сојузите за да го обезбедат однесувањето на другите сојузници, унапредувајќи ги интересите на нивната надворешна политика, обидувајќи се истовремено да ја намалат несигурноста на меѓународниот систем. Во овој труд, овој неореалистички пристап се смета за главен теоретски пристап во меѓународните односи кога се објаснува развојот на новите услови на меѓународната сцена. Неуспехот на земјите-членки на Европската унија во деведесеттите години на минатиот век да воспостават мир и стабилност на европска територија, според ставовите на неореалистите, покажа дека на земјите-членки на ЕУ им треба НАТО за да им помогне да воспостават мир и безбедност на својата територија. Исто така, неореалистите го објаснуваат како форма на *рамнотежа* кон американските сили, како и поранешните комунистички земји од Источна Европа, со цел источноевропските земји *да се приклучат кон посилното* НАТО[9].

За неореалистите, државите дејствуваат според нивните национални интереси во анархичниот меѓународен систем, во кој преовладува *безбедносната дилема*. Ова покажува недостаток на доверба во намерите на другите држави. Ривалството меѓу државите е засилено со фактот дека кога една држава ја зголемува својата моќ за да биде посигурна, стравот од други држави природно расте[10]. Неореалистите го сметаат овој натпревар и неизвесноста во меѓународната политика како причина за потребата да се постигне највисоката можна безбедност. Според теоријата за безбедносна дилема, државата ја подобрува својата одбрана за да стане побезбедна од потенцијалните напади; безбедносната дилема се

[9] On *balancing* and *bandwagoning*, see also: Schweller(1988, 1994). It is believed that the continuation of NATO is in the interests of the US and other member countries as it promotes global security stability. At the same time, NATO's defense planning creates the possibility of the US leading a coalition of states that want to cooperate because NATO has created an environment characterized by 50 years of peace in Europe. Both the US and EU admit NATO this role. Explaining bandwagoning, in some literature it is viewed as the total opposite of balancing – as supporting the stronger state or even a threat in some conflict, and as such is not a name for surrender, but rather joining the stronger coalition. States behave in line with the bandwagon theory because they want to be on the stronger side. Thus, sometimes bandwagoning and balancing simply reflect each other, so it is not possible to prove conclusively which behaviour is the dominant one. For example, when Western European countries joined NATO, they *balanced* in relation to the Soviet Union and *bandwagoned* in relation to the US. Without the Soviet threat, NATO becomes a "tool" for bandwagoning. One form of bandwagoning is *buck-passing*: allowing the unipolar force to bear responsibility for some action from which everybody will benefit

[10] On the security dilemma, see Jervis (1978), in which he explains two main arguments. The security dilemma is taken as the basis for examining the states' behaviour and it occurs when one state tries to increase its security in a way that decreases the security of other states (Jervis 1978: 169). See also Snyder (1990) and Glaser (1997).

јавува кога многу од средствата со кои државата се обидува да ја зголеми својата безбедност, ја намалуваат безбедноста на другите (Jervis 1978: 169). Всушност, една држава ги присилува другите држави да работат на нивните одбранбени способности поради стравот да не се намали нивната моќ. Тоа значи дека безбедноста на државите не се зголемува, туку во голема мера се намалува.

Од друга страна, ако една држава ослабне, таа нема можност за принуда. Имајќи ја моќта во меѓународната политика тоа значи токму и можност за принуда бидејќи државите се однесуваат првенствено во однос на нивната релативна моќ и секоја од нив е ограничена во користењето на нивната моќ, првенствено со спротивставување на моќта на другите. Распределбата на моќ меѓу мал број најмоќни држави обезбедува основа за политичко одлучување кога се размислува на која страна да се застане или дали да се биде членка на одредена алијанса (Waltz 1979: 112).

Причините за опстанокот на НАТО како меѓународен сојуз може да се испитаат и преку ставовите на Волт (2004), кој тврди дека НАТО мора да се одржи, бидејќи е од корист за европските и американските интереси[11]. Во својата работа „Потекло на сојузите" (Волт 1987), тој го изразува мислењето дека нациите не формираат сојузи само за да создадат рамнотежа на моќ. Како највлијателен претставник на теориите за сојузи, чии погледи можат да се применат во денешниот свет, Волт смета дека моќта е навистина важна кога се создава сојуз, бидејќи државите се сојузници со или против некоја сила што претставува најголема закана. Кога влегуваат во сојуз, државите можат или да изберат *балансирање* (здружување против главниот извор на опасност) или да се *приклучат кон помоќната страна* (здружување со државата што ја наметнува најголемата закана) (Волт 1985: 4). Балансирањето е приклучување кон послабата страна, додека приклучувањето кон помоќната страна значи да се избере посилната страна. Заклучокот на Волт (1985) е дека заканата го одредува изборот на сојузник, но и колку долго ќе трае сојузот. Теоријата на закана се заснова на рамнотежата помеѓу однесувањето и предлогот државите да се здружат во сојузи со цел да се избегне доминација на посилните. Државите се здружуваат во сојузи за да се заштитат од други држави или коалиции чии супериорни ресурси би можеле да претставуваат закана (Волт 1985: 5). Волт смета дека сојузите престануваат да постојат кога заканата ќе исчезне, понатаму велејќи дека државите всушност бараат безбедност од закани, а не влијание врз други сили. Ова е причината што Волт ја нуди за трансформација на НАТО, со цел цврсто да се позиционира во меѓународниот поредок, преземајќи иницијатива за намалување на кризата во регионот на Југоисточна Европа. Покрај тоа, војната на Косово ја потврди европската зависност од американската воена моќ што беше проектирана преку НАТО.

[11] For Walt's thoughts on alliances, see Walt (1985, 1997).

И двете теоретски основи - неореализмот и теоријата на здружување - нудат логичен пристап за разбирање на потеклото и карактерот на политиката за трансформација на НАТО во изминатите речиси 30 години. Овој пристап многу лесно ја рефлектира позицијата на НАТО кон Русија во однос на украинската криза како единствен гарант за безбедноста. Неореалистите тврдат дека државите се однесуваат во согласност со нивните национални интереси, при што националните интереси на соседните земји, како Украина, се во согласност со нив. НАТО-алијансата е потребна за заштита на таквите земји од закана. Факт е дека НАТО ќе постои сè додека нејзините земји-членки се соочуваат со закани по нивната национална безбедност, бидејќи сојузите се првенствено средство за обезбедување на националната безбедност.

**Потребна е поголема интеграција и соработка во Југоисточна Европа**

Големите безбедносни проблеми се регионални по обем, и тоа е случај особено со регионот на Југоисточна Европа. Одржувањето и градењето на мирот претставуваат сé поважна компонента на меѓународната безбедносна политика на регионалните сили, но и на големите светски сили кои ги изразуваат своите интереси во поддршката на различните пристапи во Западен Балкан. Соседствата на ЕУ се области од интерес за евроатлантската интеграција но, исто така и Русија, Турција и Кина.

Соработката меѓу државите секогаш ја зајакнува безбедноста и стабилноста во нивното соседство, а Европската унија е најдобриот пример за добра соработка меѓу државите. За жал, денес Западниот Балкан се смета за регион на мошне слаби мали држави, за кои е потребна меѓународна поддршка. Меѓуетничките односи, кои беа причина за нестабилност, сè уште се присутни во земјите, а тоа е главната пречка за стабилноста, безбедноста и демократијата во регионот. Советот за регионална соработка[12] ја промовира соработката во регионот и европската и евроатлантската интеграција на Југоисточна Европа и ја промовираше Стратегијата за Југоисточна Европа (ЈИЕ) 2020[13], која како привилегија на добрососедските односи ги подобрува условите за живот и повторно ја враќа во фокус конкурентноста и развојот, внимателно следејќи ја визијата на Стратегијата за ЕУ Европа 2020. Како што размислуваа многу скептици, овој регионален пристап не го исклучува индивидуалниот пристап и е целосно во согласност со развојот на регионалната соработка и може да се смета за пречка за добрососедски односи. Посилната регионална соработка ги зголемува шансите за побрза интеграција на регионот во ЕУ.

[12] https://www.rcc.int/home

[13] South East Europe 2020, Regional Cooperation Council, November 2013

Важноста на регионалната соработка може да се визуелизира преку следниве придобивки: намалување на тензиите, особено во регионот познат по зголемените меѓуетнички тензии и зајакнувањето на регионалната стабилност, што за возврат претставува клучен предуслов за одржлив развој. Од таа причина, двата главни столба на стабилноста во Западен Балкан се, од една страна, евроатлантските институции и, од друга страна, регионалната соработка. Не би било претерување да се каже дека, благодарение на овие клучни фактори, Западен Балкан во моментов е постабилен и политички и во однос на безбедноста отколку во кој било момент во изминативе 20 години.

Регионот е вклучен во различни форми на соработка со НАТО, кој како сојуз останува важен извор на стабилноста во регионот. Европската унија игра ефективна стабилизирачка улога преку Процесот на стабилизација и асоцијација (ПСА). Сите земји од регионот имаат договори за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската унија, со цел стабилизирање на регионот. Исто така, во стратешки интерес на Европската унија е да продолжи со интеграцијата на Западен Балкан. Процесот на проширување на ЕУ и на НАТО е најефикасната алатка која ги држи земјите од Западен Балкан на вистинскиот пат и ја поддржува регионалната стабилност. Според Сратегијата за проширување на ЕУ од 2009 година[14], добрососедските односи се „основни елементи на процесот на стабилизација и асоцијација ...", и како такви, внимателно се следат од Комисијата во сите фази од процесот на пристапување. Во Стратегијата се наведува дека „регионалната соработка го поддржува и го подобрува помирувањето во регионот што претрпе големи конфликти во неодамнешното минато".

Поради зголемениот евроскептицизам и влошените односи меѓу земјите од Западен Балкан, во 2014 година беше поднесена дипломатска иницијатива наречена *Берлински процес,* која имаше за цел да ја одржи динамиката на процесот на проширување на ЕУ, притоа одржувајќи ги добрите врски меѓу земјите од Западен Балкан и избрани земји-членки на ЕУ (Хрватска, Словенија, Австрија, Франција, Германија и Италија). Целта на процесот е да ја подобри регионалната соработка за подобар развој на општеството. Следниот самит за Западен Балкан ќе се одржи во јули во Лондон.

**Заклучок**

Новите услови во глобалниот свет и современите меѓународни односи создаваат и нови услови за малите земји во Југоисточна Европа, особено за Западен Балкан. Мултиполарниот систем покажува дека меѓународните организации треба да вложат повеќе напори за зголемување на безбедноста на малите држави

[14] Commission of the European Communities, 14.10.2009., Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and Main Challenges, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2009/strategy_paper_2009_en.pdf

што, исто така, значи зголемување на нивното влијание во современиот свет. Во зависност од домашните и меѓународните услови, малите држави треба да изберат политики кои најдобро ги рефлектираат нивните потреби, особено во геополитички контекст, а со тоа и самите да си помогнат да ги постигнат своите надворешнополитички цели.

Овој труд покажа дека регионалната соработка е едно од најголемите достигнувања и една од најголемите потреби на Западен Балкан како регион, по распадот на поранешна Југославија. Денешниот мултиполарен свет ги прави заедничките цели за интеграција во евроатлантските институции на малите земји од Западен Балкан стратешки цели, што не можат да се постигнат без висок степен на регионална интеграција. Овој труд покажа дека постои голема потреба за посилна интеграција и соработка во Југоисточна Европа, а само посилната регионална соработка ги зголемува шансите за побрза интеграција на регионот во ЕУ и во НАТО.

Ова е главната причина што теоријата на неореализмот е искористена за да се објасни како мултиполарниот свет се меша со интересите и геостратегиските интереси на малите држави. Тие немаат друга опција освен да бидат инкорпорирани во меѓународните односи на начин да имаат моќни држави или организации на нивна страна. Според неореалистите, тоа значи дека влезот во Алијансата е нивната најдобра опција за да се заштитат од анархијата што е доминантна во меѓународните односи. Затоа, приклучувањето кон Алијансата им помага на малите држави во обезбедувањето на соодветно однесување на другите земји-сојузници кои, ако не се сојузници, би можеле да бидат потенцијална опасност за безбедноста и сигурноста на малите држави. Кога малите држави влегуваат во Алијансата, тие всушност ги унапредуваат своите надворешнополитички интереси и ја намалуваат неизвесноста што постои во современите меѓународни односи. Во мултиполарниот свет, уште потешко е една држава да се чувствува безбедна доколку е сама во меѓународниот систем, кој е анархичен, па така државите пристапуваат во сојузи да се здружат „со“ или „против“ некоја сила што претставува најголема закана за нивната безбедност, при што многу често, како што тврдат неореалистите, државите ќе се здружат во сојузи со цел да ја избегнат доминацијата на помоќните држави.

Оваа теорија овозможува да се докаже хипотезата на овој труд дека во современите мултиполарни меѓународни односи со нови полови кои се појавија во современиот свет, особено Русија, која стои на спротивната страна на Западот, меѓународните организации и Алијансата (НАТО ) треба да го вратат својот фокус на ЈИЕ, а особено на Западен Балкан, со цел да го одржат мирот и безбедноста во регионот, кој од геополитичка перспектива е многу чувствителна област за трансатлантските партнери, и кој се бори со старите и новите предизвици и закани. Заклучокот е дека овој регион има потреба од постојана меѓународна поддршка, заедно со одржување на добрососедски односи.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Commission of the European Communities, 14.10.2009., Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and Main Challenges, https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2009/strategy_paper_2009_en.pdf

European Commission, 6.2.2018., Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions, A credible enlargement perspective for and enhanced EU engagement with the Western Balkans, Strasbourg

https://ec.europa.eu/commission/sites/beta-political/files/communication-credible-enlargement-perspective-western-balkans_en.pdf

https://ec.europa.eu/commission/news/strategy-western-balkans-2018-feb-06_en

European Union 2003. A Security Europe in a Better World", European Security Strategy

European Union, 2016, 'A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy - Shared Vision, Common Action: A Stronger Europe', https://europa.eu/globalstrategy/sites/globalstrategy/files/eugs_review_web.pdf

Juncker Jean-Claude, European Commission, State of the Union Address, 13 September 2017

Kramer Andrew, Russia Claims its Sphere of Influence in the World, New York Times, August 31, 2008, http://www.nytimes.com/2008/09/01/world/europe/01russia.html

Macdonald Alastair, Western Balkans need EU path to prevent new wars: Juncker, 17 April 2018, Reuters, https://www.reuters.com/article/us-eu-france-juncker-balkans/western-balkans-need-eu-path-to-prevent-new-wars-juncker-idUSKBN1HO15C

Stojanovic Dusan, EU and Russia battle for influence in Balkan region, 24.2.2018., The Independent, https://www.independent.co.uk/news/world/europe/eu-brussels-russia-moscow-kremlin-balkans-ukraine-jean-clauder-juncker-vladimir-putin-nato-latest-a8226786.html

Rankin, Jennifer, Serbia and Montenegro could join EU in 2025, says Brussels, The Guardian, 6.2.2018., https://www.theguardian.com/world/2018/feb/06/serbia-and-montenegro-could-join-eu-in-2025-says-brussels

Stavridis James, Are We Entering a New Cold War?, Foreign Policy, February 17 2016, http://foreignpolicy.com/2016/02/17/are-we-entering-a-new-cold-war-russia-europe/

Stronski Paul, Sokolsky Richard, The return of global Russia: An Analytical Framework, 14 December 2017, Carnegie Endowment for International Peace, https://carnegieendowment.org/2017/12/14/return-of-global-russia-analytical-framework-pub-75003

South East Europe 2020, Regional Cooperation Council, November 2013

Snyder, G. H., 1997, *Alliance Politics*, Ithaca, New York: Cornell University Press

Snyder, G. H., 1990, Alliance Theory: A Neorealist First Cut, *Journal of International Affairs*, 44(1): 103-123

Snyder G.H., 1984*, The Security Dilemma in Alliance Politics*, World Politics, Cambridge University Press 36(4); 461-495

Sloan, S.R., 2016. NATO's Warsaw Summit. Rearranging deckchairs on the Titanic. *Atlantic perspective*, No. 3, 2016.

Thorhallsson, B., Wivel, A., 2006. Small States in the European Union: What Do We Know and What Would We Like To Know? Cambridge Review of International Affairs, 19(4), pp. 651-668.

Walt, S.M., 1997, *The Origin of Alliances,* Ithaca: Cornell University Press

Walt, S.M., 1985, Alliance Formation and the Balance of World Power, *International Security,* 9(4): 3-43

Walt, S.M. 2004. The Imbalance of Power – On the Prospects for Effective American-European Relations, March-April 2004, *Harvard Magazine*. Available at: http://harvardmagazine.com/2004/03/the-imbalance-of-power.html (accessed 1 May 2017)

Walt, S.M., 2000, NATO's Future (In Theory), in: Martin P., Brawley M.R., eds., *Alliance Politics, Kosovo and NATO's War: Allied Force or Forced Allies?*, New York: Palgrave, 2000

Waltz, K.N., 1979, *Theory of International Politics,* Reading MA, Addison-Wesley

Waltz, K.N., 1993, *The Emerging Structure of International Politics*, International Security, 18(2): 44.-79

Waltz, K.N., 2000, *Structural Realism after the Cold War*, International Security*,* 25(1): 5-41

37.018.48:355.3(497.7)
Прегледен научен труд

# ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ ВО ОДБРАНБЕНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Драган ЃУРЧЕВСКИ**[1]
**Андреј ИЛИЕВ**[2]

**Апстракт:** *Водечка мисла во современите публикации од областа на менаџментот е дека „Компанијата постои заради клиентот“. Во Американската асоцијација за менаџмент на ова прашање се одговара со: „Вашиот успех не зависи од она што го знаете вие, туку од она што правите со вашето знаење”.*
*Токму затоа, во насока на развивање на одбранбениот сектор во Република Македонија, постои потреба за утврдување на влијанието на организациското учење врз усогласување на индивидуалните и организациски потреби во имплементација на доживотното учење кај вработените во одбранбениот сектор. Со тоа ќе се добие јасна перцепција на актуелните состојби во контекст на доживотното учење во одбранбениот сектор во Република Македонија, а резултатите од истражувањето ќе придонесат во индивидуалната и организациска имплементација на доживотното учење кај вработените во одбранбениот сектор, нивно лично едукативно надградување, како и брзо и лесно имплементирање на стекнатите знаења во секојдневната практика.*
*Според лисабонската стратегија доживотното учење се дефинира како: „Сите свесно преземени активности поврзани со учењето (формално или неформално), со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите” и „Сите активности во животот поврзани со учењето, со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите, од лична, граѓанска, социјална перспектива или од перспектива на вработувањето”*
*Со цел да се осознаат реалните состојби во сферата на доживотното учење во рамки на одбранбениот сектор на Република Македонија се спроведе анкетирање на единките на примерокот (лица вработени во одбранбениот сектор на Република Македонија позиционирани на менаџерски и неменаџерски работни места). Истражувањето е направено на примерок од повеќе стотици испитаници, селектиран според критериумот вработени лица во одбранбениот сектор кои вршат активности предиспонирани кон доживотното учење (Министерство за одбрана на Република Македонија и неговите подрачни единици, Армијата на Република Македонија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски„ Скопје и др.). Интерпретацијата на резултатите од истражувањето го анализира мислењето на испитаниците во врска со концептот на доживотното учење, ги идентификува потребите и значајните способности и вештини и ги детерминира факторите коишто влијаат врз изборот на одредена форма на доживотно учење,*

1 Авторот е професор на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ во Република Македонија

2 Авторот е професор на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје

*под хипотетска претпоставка дека постојат повеќе фактори што влијаат за учеството во процесот на доживотното учење.*

**Клучни зборови:** *доживотно учење, организациско учење, одбранбен сектор, Република Македонија*

## Вовед

Односот на компанијата и пазарот на кој се настапува, претставува основна карактеристика на економскиот систем. Системот на слободно пазарно стопанство настојува да обезбеди водење на пазарот од страна на побарувачката. Тоа значи дека потребите на клиентите за одреден вид или квалитет на производи ги определуваат односите на пазарот. Од таа појдовна карактеристика се изведува основниот однос на слободното пазарно стопанство, односно на пазарот воден од побарувачката, а тоа е конкуренцијата. Пазарот воден од побарувачката го определува местото на компанијата во средината, односно „фирмата постои заради средината". Овој однос се конкретизира во „компанијата постои заради клиентите".

Меѓутоа, во практика тоа не е секогаш така. Голем број основачи на компании заборавиле како се родиле нивните компании, а уште поголем број менаџери на веќе развиени компании, го заборавaат овој однос. Ваквото размислување на топ-менаџерите на големи компании ги довело таквите компании до смрт. Остварувајќи добар профит, таквите компании заборавиле на своите клиенти, не ги забележале нивните променети потреби или не ја забележале конкуренцијата, која грижејќи се за клиентите на пазарот понудила поквалитетни или поевтини производи. Оттука, водечка мисла во сите современи публикации од областа на менаџментот е дека „Компанијата постои заради клиентот". Во Американската асоцијација за менаџмент на ова прашање луцидно се одговара со: „Вашиот успех не зависи од она што го знаете вие, туку од она што правите со вашето знаење".

Во младоста доминантна улога на индивидуата е учењето, така што одредиштe на секое учење, односно на наученото е во новото учење: во истиот или во друг предмет, во истиот или во нареден клас итн. Во професионалниот живот одредиштето на учењето е во работата: она што е учено во претходното образование, треба да се примени за ефективно и ефикасно изведување на работните задачи на работното место. Бидејќи индивидуалната и компаниската средина се менуваат, еднаш наученото не секогаш е доволно за справување со новите ситуации. Секогаш треба да се тежнее кон стекнување на нови знаења и на нови вештини. Тие новостекнати знаења и вештини треба да се применат во новата променета практика.

Инаку, индивидуата која треба да го промени своето однесување во организациската средина треба да добие информации што треба да промени кај себе и како да го направи тоа. Така, планираната промена се случува најмалку два пати: ментално и физички. Овие елементи кои овозможуваат да започне промената (претходно знаење и искуство, ново знаење за новото однесување, демонстрирано ново однесување и сл.), ја сочинуваат стартната подготвеност за индивидуалната промена. Ваквата стартна позиција во процесот на промената ја именуваме како стартна едукативна подготвеност (СЕП).

Секако дека учењето, односно образованието, а со тоа и менаџирањето на неговата основна супстанца, знаењето, гледано како социолошка, кадровска и културолошка категорија, во денешни услови се смета за предуслов во опстанокот и развојот на модерните општества. Во актуелната животна и работна средина на брзи економски, социјални, политички и научно-технолошки промени, неговото знаење е исклучително.

Тоа е една од суштинските алки во социо-економскиот развој на современите општества и отворање на широко поле за делотворно учество на човечкиот фактор во решавањето на општествените, професионалните и индивидуалните проблеми. Подобрувањето на образованието и на интелектуалното ниво на човечките ресурси во организиран систем, стекнувањето и имплементацијата на знаењето во практика, станаа клуч за решавање на нејзначајните економски, општествени, групни и индивидуални проблеми во секојдневното работење и живеење.

Следствено на овие констатации, а во насока на развивање на одбранбениот сектор во Република Македонија, постои неопходна потреба за утврдување на влијанието на организациското учење врз усогласување на индивидуалните и организациски потреби во имплементација на доживотното учење кај вработените во одбранбениот сектор.

## Организациско учење

Во традиционалното психолошко сфаќање смислата на учењето е да ја зголеми независноста на реакцијата во однос на непосредниот стимул. Индивидуалното учење се случува и се манифестира кога личноста е во состојба на ист стимул да дава различни одговори. Но, основната цел на организацијата не е учењето. Во однос на нејзините основни цели, учењето е секогаш средство. Организацијата не постои за да учи, туку учи за да постои. Таа е специфичен собир и констелација на луѓе, средства, методи и принципи на работа, вредности и норми на однесување, чија основна цел е единствено и кохерентно дејствување во реализацијата на нејзините основни цели. Идеал во функционирањето на секоја организација е нејзината способност да дава единствен, синхронизиран и стандардизиран одговор на различните поттикнувања кои доаѓаат од опкружувањето. Поаѓајќи од тоа, би можело да се каже дека индивидуалното учење се случува кога луѓето даваат различни одговори на ист стимул, а организациското, кога групи луѓе даваат исти одговори на различен стимул.

За попотполно да се разбере поимот на организациското учење неопходно е да се разбере феноменот на организацијата која учи. Организацијата која учи е резултат на ефикасно организациско учење. Како што и организациското учење е резултат на организацијата која учи, така односот меѓу организацијата која учи и организациското учење најдобро може да се определи како однос меѓу структура и процес.

Во практична смисла, идејата за организацијата која учи е резултат на потребата за промени, опстанок, компетитивност и развој. Во постмодерните економии учењето се разгледува како единствено стабилно средство за одржување на конкурентните способности и развојот. Промените на кои се изложени современите организации или се заканува или значат можност за опстанок и развој. За да опстанат во услови на константни, брзи и често неочекувани промени, организациите се принудени на учење. Меѓутоа, денешните организации не избираат само помеѓу учењето и неучењето. Тие се пред многу потешки барања и

задачи. Во игра е, пред сè, брзината на учењето. Учењето секако е императив, но опстанокот на организацијата зависи првенствено од тоа дали степенот и брзината на учењето се поголеми од степенот и брзината на промените кои се случуваат во организацијата и нејзиното опкружување. Во современите организации учењето не е само последица на промените туку, пред сè, нивен антиципатор и организатор.

Во поширока смисла, организацијата која учи може да се дефинира онака како што тоа го прави Питер Сенге , кој говори за организацијата која учи како за онаква во која не може, а да не учите бидејќи учењето е вткаено во нејзиниот живот. Тој организацијата која учи ја определува како „група луѓе која континуирано ги зголемува своите способности за да го создаде она што сака да го создаде”.

Организациите кои учат ги поучуваат своите вработени на процесите на критичко мислење заради разбирање на она што го прават и зошто тоа го прават. Овие поединци им помагаат на самите организации да учат од грешките, како и од успехот. Како резултат на тоа, тие ги сфаќаат промените во својата околина и ефикасно се адаптираат на нив. Организацијата која учи може да се разгледува како група вработени, кои се оспособени да продуцираат нови знаења, производи и услуги.

Педлер и соработниците инсистираат на фактот дека учењето треба да се случува во целокупната организација и да ги опфаќа сите нејзини членови, бидејќи само тоа може да доведе до нејзина трансформација, односно развој. Компанијата која перманентно учи е визија за она што е можно. Таа не се создава со едноставна обука на поединците, туку таа настанува само како резултат на учењето на целокупното организациско ниво. Компанијата која учи е компанија која овозможува учење за сите свои членови и која константно се трансформира.

Хубер го сфаќа учењето како промена на однесувањето, која е поврзана со стекнувањето знаење, дистрибуцијата на информации, интерпретацијата на информациите и организациската меморија. Човек учи ако низ процесуирањето на содржините и информациите, обемот и видот на неговото однесување се проширени.

Аргирис и Шон сметаат дека организациите учат преку своите членови. Индивидуалните активности на учењето се поттикнуваат или ограничуваат низ околниот систем на фактори кои може да се наречат организациски систем на учење. Тие го дефинираат организациското учење како процес на „откривање и поправање на грешките”.

Сите споменати гледања на организираното учење можат во основа да се сведат на две теориски различни, но не и спротивни сфаќања на учењето. Тоа се учењето како стекнување знаења, процесирање на информации и промена на однесувањата кои притоа се случуваат од една страна и учење како трансформација на искуството во знаење, ставови и вредности, од друга страна.

Инаку, тајната на успехот во секој систем, или клучот на успешноста во остварувањето на менаџерската улога, како што вели Адижес, лежи во

организациската култура што претставува суштина на организациското учење, а тоа пак, од своја страна е токму местото каде што е родена тимската работа.

Во современата менаџерска литература низа статии и книги се посветени на еден од најновите менаџерски „звучни зборови": организациско учење. Декадата на 90-тите години од минатиот век се опишува како „декада на корпорациите што учат". Топ-менаџерите на врвните светски фирми кои ги посетувале семинарите за организациско учење и системско мислење во рамките на Центарот за организациско учење на Институтот за технологија во Масачусетс (САД) укажуваат дека организациското учење сé повеќе станува глобална конкурентска предност. Тоа им овозможило на нивните корпорации од постојано приспособување и рангирање на промените, да станат носители на промените, оставајќи ги зад себе организациите кои сè уште се обидуваат да се приспособат на промените што тие ги креирале.

Во работната организација менаџерот е оној којшто се јавува како промотор на организациското учење, како едно моќно конкурентно средство за подобрување на успешноста на организацијата. За да го постигне тоа, менаџерот мора да го вгради организациското учење во визијата и стратегијата на организацијата како постојано или како некои го нарекуваат доживотно учење.

Организациското учење, како концепт и како многу прагматична научна дисциплина, зазема значаен дел во доживотното образование. Образовната надградба, професионалната ориентација, едукативната препрофилација, јакнењето на индивидуалните и организациски перформанси кај вработените и кај управниот кадар, претставуваат широко поле на активност на споменатите институционални единки на светско ниво, но и во нашето деловно опкружување. Нивниот деловен ангажман се разбира дека придонесува кон развојот на образованието на возрасните, иако повеќе од деценија и половина правната регулатива не беше задоволена, поради фактот што Законот за образование на возрасни беше усвоен во Собранието на Република Македонија во текот на 2007 година.

**Концепти на доживотното учење**

Според лисабонската стратегија доживотното учење се дефинира како: „Сите свесно преземени активности поврзани со учењето (формално или неформално), со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите" и „Сите активности во животот поврзани со учењето, со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите, од лична, граѓанска, социјална перспектива или од перспектива на вработувањето".

Иако не станува збор за сосема нова идеја и практика, доживотното учење во меѓународен контекст за прв пат се појавува во 1972 година од страна на УНЕСКО, првенствено преку терминот „доживотно образование".

После речиси дваесет години од извештајот на Фауре, терминот доживотно образование (lifelong education) се преименува во доживотно учење или низ животот (learning through the life), по препораките од извештајот на Делорс за УНЕСКО. Разлика помеѓу термините не постои само за семантиката, туку и во содржината. Препораките од извештајот на Делорс од 1996 година се во насока на тоа дека концептот на доживотното учење е клучот којшто го овозможува пристапот до XXI век. Доживотното учење во својот нов облик се доживува како нешто многу повеќе од она што беше досегашна практика. Од доживотното учење се очекува да создаде можности за учење на сите, нудејќи втора или трета шанса. Накусо, доживотното учење мора да ги искористи сите можности коишто стојат на располагање од страна на општеството.

Доживотното учење во седумдесеттите години повеќе се поврзувало со развојот на индивидуите и општеството, со цел справување со рапидните социјални промени. Толкувањето на доживотното учење во деведесеттите години на 20 век се поврзува со преквалификувањето, доквалификувањето и обучувањето, со цел стекнување нови вештини и способности коишто ќе им овозможат на индивидуите успешно да се справат со потребите на променливото работно опкружување. Фокусот на доживотното учење е повеќе насочен кон ученикот, отколку кон едукаторот и системите за образование. Тоа е една од главните причини за промена на терминот, од доживотно образование во доживотно учење.

Во однос на примената на европските практики во Република Македонија, треба да се напомене дека клучна активност во рамки на спроведувањето на доживотното учење во нашата земја се секторските програми, „Корениус", „Еразмус", „Леонардо да Винчи", „Грундвиг" и трансферзалните програми. Целта е да се помогне во формирањето рамка на ефективна искористеност на резултатите од програмата за доживотно учење и претходните сродни програми на секторско, регионално, национално и европско ниво.

За ефективна искористеност на резултатите од програмата за доживотно учење и претходни сродни програми на секторско, регионално, национално и европско ниво се предлагаат еднострани или национални проекти, мултилатерални проекти, вкрстени акции во програмата со кои се промовира искористеност на резултатите на европско ниво по сектор, тема и корисничка група, како и промовирање на активности за искористеност преку регионални европски секторски мрежи со цел да се промовира кругот кој се развива помеѓу развојот на политичките и практичните искуства.

Акциите кои се финансирани во рамките на оваа клучна активност имаат цел да ја дополнат и ја поддржат искористеноста на резултатите од конкретен проект, интегрирани во рамките на четири секторски програми и други трансферзални клучни активности. Оттаму, проектите се финансирани на системи и механизми за поддршка на дисеминацијата и искористеноста на резултатите, како и на промовирање на искористеноста на вкрстените акции и акции на ниво на

Европската унија за искористување на резултатите.

Главниот фокус е ставен на иницијалното образование и работоспособното население за стекнување базични компоненти, отстранување на пречките и развојот на најразновидни патишта за понатамошно учење, поврзани со формално признавање на компетенциите, како и системите за насочување и информирање, што треба да им помогнат на поединците во изборот. Различните засегнати страни: национални, регионални и локални јавни тела, социјални партнери, граѓанско општество, ја делат финансиската одговорност во промовирање и поддршка на културата на доживотно учење во чиј центар е поединецот.

Европската комисија изготви референтна рамка што се состои од осум клучни компетенции за доживотно учење, дефинирани како комбинација на знаење, вештини и ставови соодветни на контексот: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазик, математичка компетенција и базично-граѓански компетенции во науката, чувство за иницијатива и претприемништво и свест за култура и изразување. Овие компетенции треба да се постигнат или да се добијат на крајот од задолжителното образование и потоа треба да бидат постојано обновувани и развивани во животот.

Инаку, законската регулатива на доживотното учење во Европската унија определува стратешка рамка во четири стратешки цели: 1) Доживотното учење и мобилноста да станат реалност; 2) Подобрување на квалитетот и ефикасноста на учењето и обуката; 3) Промовирање на правичност, социјална кохезија и активно граѓанство; 4) Зајакнување на креативните иновации, вклучувајќи го тука и претприемништвото на сите нивоа на образование и обука. Врз основа на овие четири стратешки цели беа утврдени повеќе приоритети како, на пример, проширување на можностите за мобилност во учењето или зајакнувањето на партнерството помеѓу институциите за образование и обука во целина.

Од досегашната примена на законот за доживотно учење во Европската унија постои значителен напредок во реформите и модернизирањето на високото образование и развивање на заедничките европски инструменти за промовирање на квалитетот, транспарентноста и мобилноста.

Соработката на полето на образованито во рамки на законот резултира со голем број референтни алатки и инструменти на ниво на ЕУ, кои имаат цел да дадат поддршка на националните реформи. Препораки и заеднички принципи беа изготвени на полето за квалитетот на високото образование и во стручното образование и обука, квалитетот на мобилноста, валидирањето на неформалното и информалното учење, доживотното учење и Европската рамка за квалификации.

Во поглед на законската регулатива на доживотното учење во Република Македонија, треба да се напомене дека со Законот за образование на возрасните се уредува организирањето, структурата, финансирањето и управувањето на системот за образование.

Образованието на возрасните опфаќа формално и неформално учење. Формалното учење опфаќа основно, средно, стручно оспособување и образование

на возрасните, техничко, преквалификувано или доквалификувано образование и високо образование на возрасни. Ова формално образование е во согласност со законите кои ја уредуваат оваа дејност. Неформалното учење опфаќа организирани процеси на учење за оспособување на возрасните за работа за социјален и личен развој.

Цели на образованието на возрасните се стекнување можност за соодветно образовно ниво за секого и сите возрасни групи кои стекнуваат одредени знаења, вештини и ставови во согласност на општеството и пазарот на труд.

Задачи на образованието се да се стекне најмалку задолжително образование, оспособување при вработување за оние на кои им е потребна стручна квалификација, преквалификација, доквалификација, обука на вработени и невработени лица, како и стекнување знаења кои одговараат на личните способности и стекнување основни вештини и компетенции кои обезбедуваат основи за доживотно учење.

Надлежностите на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија се да учествува во државната политика во однос на образованието и во согласност со овој закон да предлага преквалификација и доквалификација на кадарот преку пазарот на труд. Исто така, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија учествува во усогласување на стручните квалификации по стандарди, во склоп со Центарот за изготвување на нови стручни квалификации по стандарди и листа на стандарди на занимања и нивно професионално ориентирање.

Надлежноста на локалната самоуправа е да врши анализа на потребите на пазарот на труд од локално ниво. Може да основа општински установи за развој на човечките ресурси, да доставува предлози до министерството и до центарот за потребите за развој на возрасните и нивно образование, да донесува образовни програми финансирани од локалната самоуправа, да обезбедува средства за установите како основач и да доставува предлози за уписната политика за образование на возрасните до министерството.

Социјални партнери во областа на образованието на возрасните се коморите, синдикатите и едукативните организации за образование на возрасни. Тие имаат право да организираат образование, да предлагаат измени и дополнувања на постоечките програми, како и да предлагаат нови програми. Нивна обврска е да ја реализираат програмата за образование, да обезбедат услови, да ги исполнат договорните услови и да доставaт годишен извештај до центарот за наставните планови и програми кои ги реализираат, бројот на учесниците, кадарот во наставата и друго.

Програмите за образование на возрасните нудат стекнување основно, средно и високо образование приспособено во однос на можностите и потребите на возрасните за да се образуваат и усовршуваат, како и специјализација во установите кои се лиценцирани за дејност. Постојат и посебни програми

за описменување, мајчин јазик и странски јазици, преквалификација, доквалификација, претприемништво и менаџмент, информациско-комуникациски технологии, креативно учество на културни и уметнички настани, зачувување на околината и нејзина заштита, активно граѓанство, познавање на наука и технологија и други способности.

Финансирањето на образованието на возрасните се спроведува преку Буџетот на Република Македонија, локалната самоуправа и други извори на финансирање утврдени со закон.

## Истражување и резултати од истражувањето во одбранбениот сектор на Република Македонија

Со цел да се осознаат реалните состојби во сферата на доживотното учење во рамки на одбранбениот сектор на Република Македонија, во периодот од јануари до март 2017 година, беше спроведено анкетирање на единките на примерокот (лица вработени во одбранбениот сектор на Р.Македонија позиционирани на менаџерски и неменаџерски работни места). Истражувањето е направено на примерок од повеќе стотици испитаници, селектиран според критериумот вработени лица во одбранбениот сектор кои вршат активности предиспонирани кон доживотното учење (Министерство за одбрана на Република Македонија и неговите подрачни единици, Армијата на Р. Македонија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје и др.). Самата интерпретација на резултатите од истражувањето го анализира мислењето на испитаниците во врска со концептот на доживотното учење, ги идентификува потребите и значајните способности и вештини и ги детерминира факторите коишто влијаат врз изборот на одредена форма на доживотно учење, под хипотетска претпоставка дека постојат повеќе фактори што влијаат за учеството во процесот на доживотното учење.

Од направената анализа може да се заклучи дека кај вработените лица во одбранбениот сектор на Република Македонија постои согласност дека континуираното учење е значаен фактор за унапредување на процесот на нивното работење. Поголемиот дел од вработените даваат позитивна оцена на постоечкиот систем на наградување во рамки на нивните работни организации. Ова е мошне значајно бидејќи наградувањето на оние кои учат ја зголемува мотивираноста на вработените лица за поквалитетно спроведување на работниот процес. Понатаму, вработените сметаат дека во рамки на нивните работни организации лесно се прифаќаат новите начини на работа и технологии. Оттука ја гледаме подготвеноста за прифаќање на иновации во пристапот на работниот процес. Исто така, унапредувањето на вештините и перформансите на вработените лица во овој сектор е на високо ниво. Истото важи и за поттикнувањето и самоиницијативноста на вработените. Вработените лица во одбранбениот сектор го делат ставот дека во

нивните работни организации секогаш се прават анализи за можните случувања во иднина и се изнаоѓаат можни одговори. Во рамки на одбранбениот сектор на Р. Македонија, менаџерите ја споделуваат работата и знаењето со вработените и им овозможуваат да учат.

Од анализата може да заклучи дека во рамки на одбранбениот сектор на Република Македонија постои план за обуки на вработените лица за нивно лично, групно и организациско унапредување. Во таа насока треба да се спомене дека постои и буџет за спроведување на обуките. Анализата укажува и на добра аналитичност во донесувањето и спроведувањето на организациските планови во сферата на секојдневното работење. Понатаму, вработените лица во одбранбениот сектор го делат ставот дека во нивните работни организации луѓето се потикнуваат да учат. Исто така, одбранбениот сектор на Р. Македонија се карактеризира со брза и ефикасна адаптибилност на работниот тим кон зададените задачи, која се базира на релативно висока креативност, како индивидуална така и тимска. Кога станува збор за постоењето визии, вработените сметаат дека во нивната работна организација има споделена визија.

Почитувајќи ги потребите на вработените за учење и земајќи го предвид доживотното учење како форма на неформалното учење кое овојпат придонесува кон јакнење на капацитетите на личните и организациски перформанси на човечките ресурси во контекст на организациското учење, може да се заклучи дека постои висок степен на моралност и одговорност на вработените во рамки на одбранбениот сектор на Република Македонија. Самообразувањето, учењето од водството, надзорништвото, колегите и средината е типично поле за имплементација на доживотното учење во форма на неформално, информално и когнитивно учење. Всушност, функционалната писменост на вработените во овој сегмент е евидентна, како споделување на знаењето во работниот тим, тимското однесување и тимската рамноправност. Релативно високата декларативна свест за обука од страна на менаџерскиот и неменаџерскиот кадар изразена преку лидерските особини за поттикнување на вработените за учење, отвореноста кон иновации, барањето помош на неменаџерскиот кадар од раководството укажува на позитивен тренд на организациска насоченост на вработените лица кон доживотното учење. Исто така, висока е свеста за постигнување на организациските цели, а со тоа и целите на деловното опкружување во контекст на глобалното размислување за поттикнување и развој, како на организациски така и на индивидуален план. Овде лесно може да се препознаат значајните европски влијанија на доживотното учење за интерна и екстерна мобилност на вработените во контекст на доживотното учење и храбра подготвеност за влез на пазарот на трудот. Понатаму, радува фактот за познавањето и практикувањето на информативно-комуникациска технологија кај вработените лица, што претставува актуелен тренд и основа за понатамошен развој во подигање на нивото на квалитетот на секојдневното работење. Дискриминацијата од каков

било вид: религиска, етничка, политичка, полова и сексуална, како организациска категорија на однесување е застапена кај вработените. Тоа уште еднаш ја потврдува универзалната вредност на доживотното учење.

## Заклучок

Учеството на возрасните во доживотно учење е веројатно најважниот предизвик со кој се соочуваат земјите од Европа денес на полето на образованието и обуката. Ова е од суштинско значење не само за конкурентноста и економскиот развој, туку и за социјалната инклузија, активното граѓанство, вработувањето и за личната исполнетост на луѓето. Политиките за образование и обука на земјите-членки на Европската унија покажуваат сè поголема загриженост за доживотно учење, што ги покрива сите видови образовни структури, на сите видови места, со сите можни педагошки приоди, наменето за целата популација, со акцент на посебните потреби на одредени целни групи.

Во тој поглед, спроведеното истражување е значаен придонес кон разоткривањето на потребите и можностите за доживотното образување на возрасните-вработените лица во одбранбениот сектор на Република Македонија, преку концептот на организациското учење со својата суштина, своите стратегии, своите дисциплини и ситуациски типови.

Преку истражувањето добивме јасна перцепција на актуелните состојби во контекст на доживотното учење во одбранбениот сектор во Република Македонија, а резултатите од истражувањето ќе придонесат во индивидуалната и организациска имплементација на доживотното учење кај вработените во одбранбениот сектор, нивно лично едукативно надградување, брзо и лесно имплементирање на стекнатите знаења во секојдневната практика и основа за идни истражувања во оваа сфера.

**ЛИТЕРАТУРА:**


Адижес, Исак; (1999) Тежња ка топ форми ; Београд

Argyris, C. & Schon, D. (1978) Organizational Learning: A Theory of Action Perspective, Reading, Massachusetts: Addisional-Wesley

Burns, R. (1995) The Adult Learner at Works, Business & Professional Publishing

Broad M. & Newstorm J. (1991) Transfer of training: Action - Packet Strategies to Ensure High Payoff from Training Investments. Reading, Mass.: Addison - Wesley Publishing Company

Билов, (2007) Билтен за образование на возрасни, ИИЗ/ДВВ – Скопје

Bogdanovic, S. & Despotovic, M. (2005) Organizaciski diskurs i planiranje obrazovanja odraslih, Bosanski kulturni centar, Sarajevo

Council Conclusions on a strategic framework for European cooperation in education and training - ET 2020

Dodgson, M. (1993) Organizational Learning: A Review of some literatures, Organization Stud-

ies, Vol. 14, no. 3

European commision. Memorandum on lifelong learning, 2002

European commision. Making a European area of lifelong learning a reality. 2003

Huber (1991) Organizational Learning: the contributing process and the literature, Organization Science, Vol.2, No.1

Jarvis, P. (1995) Adult and Continuing Education, Theory and Practice, London: Routledge

Marquardt and Raynolds (1994) The Global Learning Organisation, Burr Ridge, Irvin

Пецаковска С. и Лазаревска С., Македонското образование во светло на реперите и индикаторите за „Образование и обука 2010 година„ Програма за работа на европската комисија, Скопје, 2009 година

Pedler et al. (1991) The Learning Company: „A Strategy for Sutainable Development„ McGraw-Hill, New York

Поповски, В. (2001) Влијание на организациската култура врз деловноста напретпријатијата,Економски институт, Скопје

Roeders, P. (2003) Dinamika efikasnog ucenja, Filozofski fakultet, Beograd

Смилевски, Цветко (2000) Предизвикот и мајсторството на организациските промени, Скопје: Детра

Senge M. Peter (1994)The Fifth Discipline: The Art and Practice of the Learning Organization, New York: Doubleday

Тајчи Н.М: (1994) Управување со стратешки промени, Скопје

Темелковски, Стево (2004) Момент за менаџмент - Методи и стратегии на когнитивното учење, Скопје: Бигосс

Закон за образование на возрасни, Службен весник бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14, 144/14, 146/15и 30/16)

http://www.na.org.mk

http://www.mtsp.gov.mk

http://www.zels.org.mk

http://www.vlada.mk

http://www.sep.gov.mk

http://www.avrm.gov.mk

http://www.mon.gov.mk

http://www.europa.eu

341.43(4-672ЕУ)
Прегледен научен труд

# СЕКУРИТИЗАЦИЈА НА АЗИЛОТ: ПРИСТАПИ И ПРЕДИЗВИЦИ

**Александар ПАВЛЕСКИ**[1]

**Апстракт:** *Несигурноста, како политички и општествено конструиран феномен, генерално се поврзува со заканите или опасностите насочени кон одреден субјект. Притоа, дали и кога заканата има егзистенцијално значење, пред сè зависи од легитимитетот на секуритизирачкиот актер, како и од контекстот во кој истата се анализира. Во оваа смисла, тргнувајќи од фактот дека барателите на азил во последните неколку години се пред сè прикажани во негативен контекст поради различни причини, овој труд посебно сè фокусира на нивното перцепирање како закана за националната безбедност. Всушност, трудот анализира како барателите на азил стануваат безбедносно прашање и во таа насока како и кои инструменти и пристапи се употребуваат од страна на државите за решавање на ова прашање. Во оваа насока, вниманието на трудот е насочено и кон пристапот на Европската унија по однос на ова прашање.*

**Клучни зборови:** *безбедност, секуритизација, Копенхагенска школа, азил, Европска унија*

## Вовед

Како резултат и последици на политички прогони, конфликти, висок степен на терор и низок животен стандард, различни прекршувања на човековите права и сл., луѓето денес се сè почесто принудени да ги напуштаат нивните домови. Последните случувања на светската сцена и во светската политика иницирани со револуционерните настани во арапскиот свет и посебно во Сирија, дополнително го потврдуваат секојдневното кршење на човековите права. Како резултат на тоа и на ризичното безбедносно опкружување, луѓето ги напуштаат своите домови во потрага по заштита и нормални животни услови. Во оваа насока, токму прекинувањето на воспоставената врска помеѓу граѓаните и државата претставува значаен фактор за раселувањето на луѓето. Исто така, покрај одредени репресивни режими во одделни земји, причините за раселувањето на луѓето се тесно поврзани и со трендовите во меѓународното политичко и економско опкружување.

Конкретен пример во оваа насока претставува граѓанската војна и меѓународната интервенција во Либија. Имено, според процената на УНХЦР, започнувајќи од февруари 2011 година, Либанската револуција има предизвикано масовен бран на бегалци, при што повеќе од 900.000 луѓе ја имаат напуштено земјата.[2] Притоа, карактеристично е тоа што речиси 660.000 од нив се Либијци, додека останатите се државјани на трета земја. Исто така, околу 200.000 луѓе се водат и како внатрешно раселени лица. Оваа

1 Институт за безбедност, одбрана и мир –Скопје, Д-р.

2 2012 UNHCR country operations profile-Libya, available at: http://www.unhcr.org/pages/49e485f36.html

војна и меѓународниот одговор на истата, нè иницираа само политички ефекти преку решавањето на кризата со употреба на воени средства и со поттикнување и мобилизација на исламистичките лидери, туку тие предизвикаа и економски и социјални последици преку зголемувањето на буџетските трошоци за воени цели. Покрај тоа, бегалската криза иницираше и потреба за итна реформа на Шенгенскиот договор. [3]

Може да се констатира дека раселувањето на луѓето има значајни импликации врз глобалната политика, пред сè во однос на конфликтите, мирот, градењето на државата, регрутацијата на терористите, транснационалниот криминал и сл.. Притоа, вообичаено одговорите кои ги преземаат државите во услови на масовни кризи, пред сè имаат политички предзнак. Карактеристично е што во вакви ситуации државите често се соочени и со дилемата дали одговорот на бегалската криза треба да биде насочен единствено кон заштитата на правата на нивните граѓани или и на правата на бегалците. Од аспект на заштитата, овие одговори можат да бидат позитивни, но и негативни преку негирање на таа заштита.

Имено, во рамките на Европската унија, либиските бегалци не беа добредојдени и барањата на барателите на азил беа масовно одбивани (потврдувајќи на тој начин дека хуманитарните причини за доделување азил немаат клучно значење).

Токму од овој аспект произлегува меѓузависната врска помеѓу прашањето на мигрантите и барателите на азил со секуритизацијата. Тоа од причина што секуритизацијата во меѓународните односи претставува процес во кој државните актери ги трансформираат субјектите и прашањата (политички и хуманитарни) во безбедносни прашања. Во суштина станува збор за екстремна верзија на политизација која овозможува употреба на ургентни и вонредни средства и инструменти заради дефинирани одредени безбедносни цели.

Во согласност со Извештајот на УНХЦР за глобалните трендови за 2016 година[4], речиси 20 луѓе се ново раселени лица секоја минута во текот на денот. Конкретно, според Извештајот, глобалниот број на насилно раселени лица значително е зголемен од 33.9 милиони на 65.6 милиони во 2016 година. Во текот на 2016 година, 10,3 милиони луѓе станале нови раселени лица, пред сè како резултат на конфликти или прогони. Во нивни рамки влегуваат и 6.9 милиони лица раселени во границите на нивните матични држави и 3.4 милиони нови бегалци и нови баратели на азил. Во согласност со податоците во Извештајот, растот на овие лица е посебно концентриран помеѓу 2012 и 2015 година, пред сè како резултат на конфликтот во Сирија, но и како резултат на други конфликти во регионот, како во Ирак и во Јемен, но и во субсахарска Африка, вклучувајќи ги настаните во Бурунди, Централноафриканската Република, Демократска Република Конго, Јужен Судан и Судан.[5]

Од друга страна, регионите во развој прифатија речиси 84% од светските бегалци под мандат на УНХЦР, или околу 14.5 милиони луѓе. Помалку развиените држави обезбедија азил на околу 28% од вкупниот број на светски бегалци. Во оваа насока, Турција е држава која прими најголем број бегалци во светот, или околу 2.9 милиони луѓе. По неа следуваат Пакистан (1.4 милиони), Иран (979.400), Уганда (940.800) и Етиопија (791.600).

---

3 ”Europe moves to end passport-free travel in migration row”, available at: http://www.guardian.co.uk/world/2011/may/12/europe-to-end-passport-free-travel.

4 UNHCR Report on Global Trends for 2016, available at: http://www.unhcr.org/globaltrends2016/

5 Ibid.

## Дефинирање на азилот

Во теорија и во академската литература, како и во самата практика, постои разлика помеѓу поимното определување на барателите на азил и илегалните мигранти. Имено, во реалноста, барателите на азил вообичаено не патуваат изолирано, туку се дел од големиот бран на миграција. Во најширока смисла на зборот, миграцијата се дефинира како трајна или полутрајна промена на живеалиштето.[6]

Од теориски аспект, најчеста е дистинкцијата помеѓу надворешната и внатрешната миграција. Исто така, многу честа е и дистинкцијата помеѓу легална и нелегална миграција. Во овој контекст, илегалниот мигрант се дефинира како лице кое незаконски влегува и/или има легален влез со подоцнежно нелегално живеалиште на територијата на една земја. Притоа, причините за нелегалниот влез или престој, вообичаено се поврзуваат со очекувањата за поголеми економски можности и воопшто можности за квалитетен живот.

Од аспект на азилот, многу значајно е правењето разлика помеѓу принудна и доброволна миграција. Во суштината на принудната миграција вообичаено стојат политички мотиви, пред сè бегството од прогони или конфликти. Доброволната миграција, пак, најчесто се поврзува со економските мотиви.[7] Во реалноста, најголем дел од миграцијата вклучува елементи од двата вида миграција т.е. од политичката и од економската миграција. Во основа, барател на азил е лице кое побарало меѓународна заштита и чие барање за статус на бегалец сè уште не е утврдено.

Од меѓународен аспект, според Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година, секоја држава-потписничка како дел од нејзината обврска за заштита на бегалците на нејзина територија, потребно е да се утврди и да се регулира прашањето за тоа дали барателот на азил е бегалец или не, да го инкорпира во нејзиното национално законодавство. Во тој контекст, бегалец е лице кое поради оправдан страв од прогон заради раса, религија, националност, членство во одредена општествена група или политичко мислење е надвор од матичната држава и бара заштита на друго место.[8]

Почетокот на развојот на комплексниот систем за меѓународна заштита на бегалците датира од пред 80 години т.е. кон крајот на 1945 година. Имено, по завршување на Втората светска војна, новоформираната Организација на Обединети нации ја одобрува конвенцијата во која се наведени конкретни права и заштитни инструменти кои државите е потребно да ги обезбедат за бегалци и баратели на азил. За надгледување на овој процес, во 1950 година основан е

6 Lee, E.(1966): A Theory of Migration, Demography, Vol.3, No.1,p.49

7 Alexander, B. (2009): Forced Migration and Global Politics, West Sussex: Wiley-Blackwell, p.4

8 UNHCR Asylum Levels and Trends in Industrialized Countries , Statistical overview of asylum applications lodged in Europe and selected non-European countries. Available at: http://www.unhcr.org/4e9beaa19.html

и Високиот комесар на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР). Во суштина, усвојувањето на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и на Протоколот од 1967 година, обезбедува универзален пристап за третман на бегалци протерани од нивните земји како резултат на прогон, насилен конфликт, сериозни повреди на човековите права или од други форми на сериозно загрозување.[9]

Паралелни аспекти во насока на заштита на бегалците се воспоставени и во други области од меѓународното право. Меѓу нив, најзначаен е Меѓународниот закон за бегалци[10], кој претставува збир на правила и на процедури кои имаат цел заштита, првенствено на лицата кои бараат азил од прогон, а потоа и на оние лица кои во согласност со Конвенцијата од 1951 година се признати како бегалци. Законската рамка на овој закон обезбедува низа разновидни гаранции за овие специфични групи на луѓе, иако во одреден степен оваа правна заштита се преклопува и со меѓународното право за човекови права, како и со правниот режим применлив за вооружени конфликти според меѓународното хуманитарно право.

Генерално, може да се констатира дека разликата помеѓу категоријата бегалец и барател на азил има многу повеќе политички и нормативни т.е. законски отколку научни аспекти.

## Теориски аспекти на секуритизацијата

Иако денес во современиот свет безбедноста се смета за една од основните човекови потреби, сепак во однос на овој поим присутен е еден широк спектар на различни размислувања и сфаќања. Имено, започнувајќи од најтрадиционалното разбирање на безбедноста, единствено како воена безбедност, сфаќањето за безбедноста, преку класичната идеја за националната безбедност, еволуира сè до современите идеи и концепти за сеопфатна безбедност. Сепак, за секое сфаќање на безбедноста карактеристични се два основни елементи: закана и референтен објект (т.е. објект којшто е ранлив на таа закана). Во овој контекст, покрај воениот аспект, денес безбедноста се перцепира и низ политичките, социеталните, еколошките и културните аспекти. Волферс А. истакнува дека „безбедноста во која било објективна смисла, подразбира отсуство на закани за стекнатите вредности, додека во субјективна смисла, отсуство на страв дека таквите вредности ќе бидат нападнати . . . “.[11]

Бери Бузан ја сфаќа безбедноста како потрага за ослободеност од закани

9 Article 1A of the 1951 Convention and 1967 Protocol relating to the status of refugees. Available at: http://www.unhcr.org/3b66c2aa10.html

10 Текстот на Законот достапен е на: http://www.law.berkeley.edu/library/dynamic/guide.php?id=64

11 Wolfers, A. (1962): Discord and Collaboration, Baltimore, John Hopkins University Press, p.150

и како способност државите и општествата да го задржат нивниот независен идентитет и нивниот функционален интегритет против промените кои според нив се непријателски. Тој истакнува дека крајната цел на безбедноста е опстанокот, заштитен од различни грижи поврзани со нормалните услови за егзистенција.[12]

Според основачот на концептот за секуритизација, Оле Вивер, едно прашање е секуритизирано кога тоа станува безбедносен проблем. Притоа, според него, прашањето станува безбедносен проблем кога (политичките) елити го прогласуваат тоа, додека прашањето е секуритизирано кога истото е прогласено за безбедносен проблем којшто е прифатен од публиката. Тоа значи дека за успешна секуритизација, неопходно е референтниот објект да биде соочен со егзистенцијална закана.[13]

Според Копенхагенската школа, суштина на секуритизацијата се базира на два основни елементи: „означување на егзистенцијална закана (што не мора нужно да биде реално) и потреба за итна акција или посебни мерки и прифаќање на таа закана од страна на значајна публика". Притоа, дефиницијата за егзистенцијалноста е различна за секој различен тип на референтен објект на безбедноста.[14]

Тоа значи дека не може да се очекува дека различни ентитети (како што се поединци, нации итн.) ќе бидат сигурни или несигурни на ист начин. Покрај тоа, според Бузан возможни се и ситуации во кои вистинските, егзистенцијални закани не можат да се согледаат и правилно да се перцепираат, а од друга страна возможно е и заканите кои доминираат во перцепцијата да немаат многу суштинска реалност.

Карактеристично за Копенхагенската школа е и проширувањето на дефиницијата за безбедноста „хоризонтално" преку вклучување на политичката, економската, еколошката, воената и социеталната безбедност и „вертикално", со што се надминаа традиционалните тесно дефинирани и државноцентрични сфаќања за доминантното значење на безбедноста на државата преку вклучување и на други референтни објекти како што се поединецот и групите.

Во различни сектори, егзистенцијалните закани се однесуваат на различни референтни објекти. На пример, во социеталниот сектор, референтен објект е идентитетот, додека референтни објекти во еколошкиот сектор се екосистемите и загрозените видови. Само во воениот сектор референтниот објект и понатаму останува држава. Практично, „секторизацијата" на безбедноста означува дека егзистенцијалните закани не се објективни, туку дека тие се однесуваат на

12 Barry, B. (1991): "New Patterns of Global Security in the Twenty-first Century", International Affairs 67.3, p.432-433.

13 Ole, W. (1998): Securitization and Desecuritization, New York, Columbia University Press, p.6.

14 Георгиева, Л. (2006): Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје, стр.53

различните карактеристики на секој референтен објект.

Според теоријата за секуритизација, политиката за национална безбедност е внимателно утврдена од политичарите и од носителите на одлуки. Во оваа насока, политичките прашања се конституирани како екстремни безбедносни прашања за кои е потребна итна акција кога од страна на секуритизирачкиот актер тие се етикетирани како „опасни“, „заканувачки“ и „алармантни“. Значи, безбедносните прашања не се едноставно „таму“, туку мора да се артикулираат како проблеми со нивно секуритизирање од страна на актерите. На пример, прашањето за имиграцијата како „закана за националната безбедност“ ја поместува имиграцијата како прашање од низок приоритетен политички интерес кон прашање од висок приоритет, кое бара итни активности за негово решавање, како што се, на пример, активностите за обезбедување на државните граници. Сепак, едно прашање станува секуритизирано само доколку публиката колективно се согласува со природата на заканата и следствено на тоа кога таа го поддржува преземањето на вонредни мерки за негово решавање. Доколку публиката го отфрли говорот/повикот на секуритизирачкиот актер за егзистенцијалноста на заканата, тогаш не може да стане збор за успешен процес на секуритизација.

Затоа, потребно е секуритизирачките актери објективно да ги перцепираат безбедносните закани и да се обидуваат истите да ги решаваат преку преземање на различни ургентни мерки и активности. Од друга страна, во процесот на секуритизација присутни се и функционалните актери кои можат да влијаат врз безбедносните динамики на овој план. Сепак, тие немаат моќ да го „преземат“ прашањето од политичарите и од донесувачите на одлуки. Примери за функционални актери можат да бидат медиумите, академиите на науките, навладините организации и слични институции.. Во оваа група, исто така, можат да се најдат и самите поединци преку пренесување и споделување на информации со пријателите, колегите, познаниците и сл.. Значењето на функционалните актери може да се перцепира и преку примерот со екстремните тврдења во таблодните весници ширум Европа кои креираат нарација во која групата позната како „Исламска држава“ има цел инфилтрирање во западното општество и уништување на западните демократски вредности.

Во основа, секое безбедносно прашање може да се претстави во спектар кој се движи од: неполитизирано прашање (прашањето не е дел од јавна дебата и дискусија); политизација (прашањето предизвикува загриженост во јавноста и неопходно е негово решавање) и на крај е секуритизацијата (прашањето е врамено како егзистенцијална закана). Кога едно прашање е секуритизирано, вообичаено легитимитетот за активностите кои се преземаат (а кои може да се сметаат за недемократски во нормални ситуации), произлегува од говорот и перцепцијата за „итност“ и „егзистенцијална закана“.

Во однос на самата природа на државата од безбедносен аспект, Бузан посочува три основни компоненти: идеја за држава, физичка база и

институционална база на државата.[15] Секоја од овие три компоненти може да се перцепира како посебно безбедносно прашање, но сепак тие се и меѓусебно поврзани, а токму анализата на релациите помеѓу нив овозможува адекватно разбирање на проблематиката и суштината на националната безбедност. Суверенитетот е услов кој овозможува државата да ги извршува сопствените безбедносни задачи. [16] Од овој аспект, суштината на постоењето на државата првенствено е поврзана со социо-политичкиот аспект, а не со физичкиот аспект т.е. со нејзината територија и население. Според ова, постојат размислувања дека државата многу повеќе претставува идеја која заеднички ја негува и ја чува група на луѓе отколку што таа претставува физички организам. Од овој аспект, доколку суштината на државата се базира врз идејата за тоа таа да се одржи во свеста на населението, тогаш таа идеја за државата сама по себе станува главен референтен објект на националната безбедност. [17]

## Секуритизација на азилот

Дали и како одредено прашање ќе биде различно перцепирано во реалноста, зависи од кој аспект или перспектива тоа ќе биде врамено. Во овој контекст, доколку барателите на азил или бегалците се перцепирани или врамени од хуманитарен аспект, тогаш таквиот пристап иницира сосема поинакви чувства и релации наспроти формулирањето на истото прашање од безбедносен аспект. Сепак, треба да се истакне дека иако барателите на азил често се поврзуваат и со други прашања од областа но миграцијата, не може да се занемари фактот дека истовремено тие се перцепираат и како сомнителни и опасни од безбедносен аспект. Тоа е, меѓу другото, и поради неможноста за идентификување на нивниот идентитет или потекло. Всушност оваа, како и честите терористички напади во европските градови во изминатиот период, претставуваат доминантни причини зошто барателите на азил многу често се перцепираат или врамуваат, пред сè, како безбедносно прашање.

Несомнено е дека во изминатите неколку години азилот сè повеќе се поврзува со загриженоста за безбедноста, меѓу другото и поради драматичното зголемување на бројот на регистрирани баратели на азил и на појавата на повеќе мешани миграциски текови. Во оваа насока, карактеристично е и тоа што многу од барателите на азил од страна на медиумите се означуваат како „нелегални“ или „лажни“ што, исто така, влијае врз јакнење на негативната перцепиција во јавноста за нив. Како резултат на тоа, прашањето за азилот иницираше интензивни политички дебати, како по настаните од 11 септември 2001 година, така и во

15 Barry B. (1991): People, States and Fear, p.57

16 Josefina, E.A. (2006): Re-thinking (in)security discourses from a critical perspective, Asteriskos, 1/61-82,p.65

17 Barry B. (1991): People, States and Fear, p.63

повово време по Арапската пролет и големиот прилив на бегалци од Северна Африка, Либија и Сирија.

Во однос на перцепцијата и врамувањето на ова прашање на европскиот континент, карактеристично е тоа што започнувајќи од 2015 година, по терористичките напади во поголем број на европски градови, групата „Исламска држава“ (позната и како ИСИС или ИСИЛ), стана главен приоритет на безбедносните агенди на европските држави. Во тој контекст, оваа група е претставена и како закана за безбедноста на државата, но и како закана за безбедноста на европските граѓани и за западните демократски вредности и начин на живот. Во оваа насока, по нападите во Париз од 13 ноември 2015 година, францускиот претседател Франсоа Оланд, изјавува дека „Франција е во војна“ против армијата на џихадисти кои „ја нападна Франција, бидејќи Франција е земја на слободата“. [18]

Може да се констатира дека фокусот на пристапот на секуритизирачкиот актер (францускиот претседател) е ставен на прашењето: Што и кои сме ние? Во оваа рамка, францускиот народ е силен и храбар, но истовремено е и жртва на терористички напади. На другиот крај од рамката се армија на „џихадисти“ и „кукавички убијци“, чии напади можат да се карактеризираат само како „хорор“. Дополнителен аспект кој го засилува пристапот на секуритизирачкиот актер претставува тврдењето на Оланд дека групата Исламска држава е организација која му се заканува на целиот свет и дека токму поради тоа, целата меѓународна заедница мора да биде вклучена во уништувањето на оваа група. Како резултат на тоа, прашањето се издигнува над политиката, станува секуритизирано, при што првичното решение се бара во зајакнувањето на граничните контроли и преземањето на вонредни мерки и активности на овој план. [19] Во суштина, може да се констатира дека ваквиот секуритизирачки пристап кон групата „Исламска држава“, има влијание во најмалку три сектори: социеталниот, воениот и политичкиот.

Од друга страна, зголемените безбедносни грижи на државите директно се одразија и врз самите бегалци преку поткопувањето на воспоставениот меѓународен режим за нивна заштита. Имено, загриженоста за безбедноста и борбата против тероризмот ја зајакнаа рестриктивноста на политиките за азил во многу држави ширум светот. Така, сè почести се перцепциите дека бегалците, пред сè, претставуваат закана за безбедноста на државите и дека тие се потенцијални терористи само врз основа на нивната националност, религија или земја од која потекнуваат.

Ваквите настани во меѓународното опкружување директно влијаат врз дополнителен развој на политиките за миграција и азил, како во национални така и во регионални и во меѓународни рамки. Во рамките на Европската унија,

18 Clara, E. (2018): Securitization theory: An Introduction, E-International Relations Students. Available at: http://www.e-ir.info/2018/01/14/securitisation-theory-an-introduction/

19 Ibid.

каде државите-членки споеделуваат исти вредности и не се поделени меѓусебно со граници, заради одржување на внатрешната и надворешната безбедност на Унијата, развиен е Заеднички европски систем за азил. [20] Во изградбата на овој систем, државите-членки на ЕУ инвестираа големи финансиски средства за развој на софистицирани технологии со цел зголемување и унапредување на контролата, посебно на граничните премини. Илустративен пример на овој план е и пристапот на Шпанија и на Италија каде што зголемениот број на баратели на азил и на мигранти иницираше дополнително јакнење и зголемување на главните воени и полувоени субјекти задолжени за гранична контрола. Од друга страна, Велика Британија воведе електронска евиденција на барателите на азил, со цел спречување на нивно бегство додека трае обработката на барањата за азил.

Може да се констатира дека наспроти отсуството на внатрешните граници помеѓу државите-членки на ЕУ проследено со слободно движење на луѓе и стоки, прашањето за азилот иницираше воведување на строги надворешни гранични контроли за лицата кои не потекнуваат од држава-членка на ЕУ. Паралелно со ваквиот пристап, дополнително јакнење на перцепцијата дека барателите на азил и мигрантите во ЕУ е потребно да се врамуваат само од безбедносен аспект, иницираа и бројни невладини организации, новинари и научници. Од друга страна, ваквата секуритизација на прашањето за азилот, беше забележана и од Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации, според која:

„. . . Појавата на нови безбедносни грижи за држави, посебно по настаните од 11 септември 2001 година, иницираше секуритизација на воспоставените практики и политики за азил. Во таа насока, сè повеќе бегалците и барателите на азил се сметаат за носители на несигурноста, а не са жртви од неа. . .” [21]

Оттука, неопходно е развиениот систем и рамката за заеднички политики за азил во ЕУ, да ја балансираат и да ја унапредат заштитата на безбедноста на граѓаните на Унијата од една страна, но и да обезбедат заштита и почитување на основните човекови права и за оние на коишто најмногу им се потребни т.е. за бегалците и за барателите на азил. Наспроти ова, карактеристично е што како резултат на новото безбедносно опкружување ЕУ започна да применува два нови пристапи: „безбедна трета земја“ и „концентричен круг“.

Целта на првиот пристап, „безбедна трета земја“, е намалување на можноста за барање на азил во ЕУ и задржување на барателите на азил надвор од границите на Унијата, бидејќи барателите на азил најчесто потекнуваат од ризични држави. Вториот пристап го карактеризираат четири концентрични

20 Сепак, почетокот на секуритизирачкиот дискурс кон прашањето за азил во рамките на ЕУ, може да се лоцира во 1975 година во Рим, со формирањето на Групата за тероризам, радикализам, екстремизам и меѓународно насилство (TREVI), каде што имигрантите и барателите на азил првично се поврзани со заканата од тероризам.

21 The State of the World's Refugees, UNHCR, 2006, p.5

кругови. Конкретно, првиот или внатрешниот круг е самата ЕУ, вториот круг го сочинуваат соседните земји за кои се очекува да имаат и да споделуваат заеднички стандарди за азил и миграција со првиот круг. Третиот круг претставува тампон-зона и ги вклучува земјите од Источна Европа, Турција и Северна Африка, додека четвртиот круг го сочинува просторот каде ЕУ треба да се бори за елиминирање на факторите и изворите за имиграција. [22] Ваквиот пристап беше имплементиран преку посилни гранични контроли со цел спречување на протокот на мигранти кои се потенцијални баратели на азил. Паралелно со тоа, во рамките на ЕУ е формирана и работна група за азил и миграција на високо ниво, заради соработка со трети земји во кои се очекува голем прилив на бегалци.

Во основа, посочените два пристапи претставуваат рефлексија на дистинкцијата помеѓу т.н. внатрешен (insider) и надворешен (outsider) аспект. [23] Имено, според оваа дистинкција, перцепцијата е дека Европа може да биде загрозена единствено однадвор и, оттука, таа ќе биде безбедна само доколку што е можно повеќе ги држи „аутсајдерите“ надвор од нејзините граници.

**Заклучок**

Од сето претходно презентирано, произлегува дека во изминатите неколку години, барателите на азил и бегалците, пред сè, се перцепирани или врамувани од безбеденосен аспект т.е. како безбедносно прашања. Причините за таквата перцепција се различни, но најчесто се поврзани со терористичките напади во европските градови, неможноста за идентификување на нивниот идентитет и потекло и слично. Во овој контекст, безбедносните грижи помеѓу државите влијаеја врз креирање на заштита од бегалците и од барателите на азил во три специфични области:

националната територија (преку ограничување на пристапот до неа);

утврдувањето на статусот бегалец и барател на азил (преку зајакнување на политиките во оваа сфера);

потрага по изнаоѓање трајни решенија на ова прашање.

Во однос на пристапот на националната територија, карактеристично е тоа што луѓето кои имаат потреба од заштита т.е. бегалците и барателите на азил, со секуритизацијата на нивното прашање тие стануваат предмет на построги контроли за имиграција, започнувајќи од транзитните држави па сè до државите кои претставуваат нивна крајна дестинација. Всушност, оваа категорија на луѓе станува предмет на засилени контроли, пред сè како резултат на нивната националност, религија или земја на потекло. Од друга страна, ваквиот пристап

22 Viena Presidency Conclusions, 1998. Available at: http://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/ec/00300-R1.EN8html

23 Jakob, G. (2006): Securitization of immigration and asylum: A Critical Look at Security Structure in Europe, University of Lund, p.31

кон бегалците и барателите на азил претставува дополнително ограничување на можноста тие да дојдат до безбедна територија.

Значајно влијание врз секуритизацијата на азилот имаат и лидерите на европските држави преку именувањето и идентификувањето на барателите на азил како закана за безбедноста. Во таа насока, секуритизацијата го истакнува значењето на говорот на политичарите како секуритизирачки акт според кој нападите (предизвикани од дел од барателите на азил или бегалците) претставуваат чин на војна што заслужува сериозен одговор од страна на државните секуритизирачки актери. Перцепцијата дека барателите на азил се опасни, директно влијае врз развојот на атмосферата на несигурност и страв.

Несомнено е дека концептот за национална безбедност и одбрана не се однесува конкретно на азилот или принудната миграција како безбедносно прашање но, сепак, истиот иницира и воведува загриженост во однос на илегалната миграција со која е потребно справување на регионално и на меѓународно ниво, заради елиминирање на можноста за означување на барателите на азил како илегални мигранти.

**ЛИТЕРАТУРА:**


Betts, Alexander.2009. Forced Migration and Global Politics, West Sussex: Wiley-Blackwell,

Buzan, Barry. 1991. People, States and Fear:An Agenda for International Security Studies in the Post-Cold War Era, Lynne Rienner Publishers, Boulder, Colorado.

Buzan, Barry. ″New Patterns of Global Security in the Twenty-first Century", International Affairs 67.3.

Charles, Reed., David, Ryall. 2007. The Price of Peace: Just War in the Twenty-First Century, Cambridge University Press, Cambridge.

Echavarria, A. Josefina.2006. Re-thinking (in)security discourses from a critical perspective, Asteriskos, 1/61-82.

Георгиева, Лидија. 2006. Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје.

Георгиева, Лидија. 2007. Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студента војна, Филозофски факултет, Скопје.

Георгиева, Лидија. 2011. Европска безбедност: концепти, процеси и институции, Филозофски факултет, Скопје.

Gibney, Matthew. 2004. The Ethics and Politics of Asylum: Libearl Democracy and the Response to Refugees, Cambridge University Press, Cambridge.

Gray, Colin. 1999. Modern Strategy. Oxford University Press, Oxford.

Gustavson, Jakob. 2006. Securitization of immigration and asylum: A Critical Look at Security Structure in Europe, University of Lund

Huysmans, Jef. 2006. The Politics of insecurity – fear, migration and asylum in the EU, The new international relations series.

Joshua, Seidman-ZAger. 2010. The Securitization of asylum: Protecting UK residents, Working paper series No.57, Refugee Study Center, University of Oxford, Oxford.

Lee, E.(1966): A Theory of Migration, Demography, Vol.3, No.1

Ole, Wæver. 1998. Securitization and Desecuritization, New York, Columbia University Press

Prins, Gwyn. 2002. The Hearth of War: On Power, Conflict and Responsibility in the Twenty-First Century, Routledge, London.

Robertson, Shanthi. 2012. Understanding State Responses to Forced Migration, School og Global Studies, RMIT University.

UNHCR, 2006. "The State of the Worlds Refugees".

UNHCR, The European Convention on Human Rights and the Protection of Refugees, Asylum-Seekers and Displaced Perosns, European Series 2, 1996.

UNHCR Report on Global Trends for 2016, available at: http://www.unhcr.org/globaltrends2016/

Wolfers, Arnold. 1062. Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore.

327.5:005.334(497.7)
Прегледен научен труд

# УПРАВУВАЊЕТО СО КРИЗИ И КОНЦЕПТОТ НА ОТПОРНОСТ: СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Васко ПОПОВСКИ**[1]

**Апстракт**: *Сведоци сме на зголемен број кризи и природни катастрофи и сè почести нови видови ризици кои иницираат нетипични закани. Од друга страна, климатските промени се очекува да предизвикаат невиден бран на климатски бегалци во наредните години. Поради ова неопходно е управувањето со кризи да ги земе во предвид сите новонастанати ризици и закани, вклучувајќи ја и отпорноста како нов елемент на ризикот. Со тоа ќе се подобри системот за управување со кризи, трансформирајќи се од реактивен во проактивен. Целта на овој труд е да го разбере значењето на отпорноста и управувањето со кризи, како и да ја истражи вклученоста на отпорноста во системот за управување со кризи во Република Македонија. Се употребуваат методите на анализа на содржината и компаративната анализа. Отпорноста се дефинира како способност на поединците, заедниците, системот или државите да ги издржат или апсорбираат шоковите и стресовите, прилагодувајќи се на новонастанатата состојба со цел брзо заздравување и позитивно менувајќи се, со цел подобро да се справуваат со идните шокови и стресови. При разгледувањето на соодветната законска и стратешка рамка за управување со кризи во државата, можеме да заклучиме дека концептот на отпорност не е вклучен во управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи. Со цел изградба на отпорно општество кон кризи и катастрофи во Република Македонија, неопходно е концептот на отпорност да се вклучи целосно во нормативните и стратешките основи на управувањето со кризи. Само така може да се изгради општество кое не само што ќе ги апсорбира ефектите на кризите и катастрофите, туку ќе може да ги претвори кризите во можности, а моменталните недостаци во долгорочно консолидирање и зајакнување на општеството.*

**Клучни зборови**: *отпорност, отпорно општество, кризи, управување со кризи, управување со ризикот од катастрофи*

## Вовед

Денешниот свет поминува низ турбулентни времиња, при што сме сведоци на сè поголем број кризи и кризни состојби предизвикани од различни видови на конфликти и безбедносни ризици, како и природни несреќи и катастрофи, од кои климатските се доминантни во последнава деценија. Заеднички карактеристики на сите нив се

1 Докторанд по безбедност, Институт за безбедност, одбрана и мир

зачестеноста во појавувањето, засилениот интензитет, како и зголемените последици т.е. штетите и загубите кои сериозно го погодуваат севкупниот општествен развој на државите.

Во контекст на ова, може да се истакне дека во текот на 2015 година се идентификувани 15 поголеми вооружени конфликти во светот (Uppsala Universitet, 2018), од кои воениот судир во Сирија го зазема водечкото место, како според интензитетот на воените дејствија, така и според жртвите и нивото на разурнување на државата. Како директен резултат на оваа криза, повеќе од 1.1 милиони бегалци ги заплиснаа бреговите на европскиот континент барајќи сигурно засолниште, од кои речиси 700,000 лица транзитираа низ територијата на нашата држава во периодот јули – декември истата година. Овие настани предизвикаа силен притисок врз системите за управување со кризи и одбрана на државата, при што, иако со намален транзит на бегалци и мигранти, сè уште е прогласена кризна состојба на јужната и северната граница на Република Македонија. Исто така, сè почесто се случуваат терористички напади насочени кон различни држави и државни системи, и според глобалните статистики се едни од најмногубројните кризни настани. Ова го потврдува и истражувањето за современиот тероризам кое идентификува приближно 97,000 терористички напади на глобално ниво до крајот на 2016 година (Roser, Nagdy and Ritchie, 2018). Светот сè почесто се соочува и со нетипични ризици и закани (на пример, финансиските кризи од 2008 година, нападите на интернет и компјутерските системи и мрежи на државите и сл.), кои сериозно го нарушуваат секојдневното функционирање на државите, како и прелевање на актите на тероризам и насилство во несреќи и катастрофи (на пример, рушење на брана и последователна поплава).Климатските промени според прогнозите за нивното влијание до крајот на овој век, се очекува да предизвикаат невиден бран на климатски бегалци во наредните децении, кој според истражувањето на Универзитетот „Корнвел“ (2017) може да достигне 2 милијарди луѓе до 2100 година.

Од друга страна, природните несреќи и катастрофи имаат тенденција на раст низ последниве неколку децении. Така, на пример, во периодот од 1994 до 2013 година, на глобално ниво се случиле 6,873 природни катастрофи кои резултирале со вкупна загуба од 1.35 милиони човечки животи, но со нивото на деградација на животната средина и проекциите за влијанието на климатските промени се очекува бројот на катастрофални настани двојно да се зголеми (Поповски, 2018, 16). Ова е иницијално потврдено и во анализите на податоците од меѓународната база на податоци за катастрофи ЕМ-ДАТ (2017)[2]. Имено, во периодот од 2000 година на годишно ниво во просек се случиле 341 катастрофа како последици на настани поврзани со климата, што претставува зголемување од 44% во споредба со претходните пет години и дупло повеќе од периодот 1980 год. – 1989 год. Најсвеж пример е минатата, 2017 година, во текот на која се случија невиден број на природни катастрофи кои погодија значителен дел од планетата (на пр. супер триото на урагани во Карипското Море и јужните брегови на Соединетите Американски Држави, поплавите во Југоисточна Азија, шумските пожари во Западна Европа и во Австралија, како и сушата во Источна Африка), предизвикувајќи директни штети од повеќе од 300 милијарди долари. Само во Република Македонија во текот на изминативе три години се случија три катастрофални настани – поплави со 32 човечки жртви и штети и загуби од повеќе од 90 милиони американски долари. Последователно, во националниот профил на природни опасности највисоко се рангирани поплавите како опасност со зголемен број на настани и последици, земјотресот како долготрајна опасност која може да предизвика загуба на голем број на човечки животи и сериозни последици по економскиот

2 http://emdat.be/

и севкупниот развој на државата, пожарите како опасност со константен број настани.

Сето ова доведува до потребата управувањето со кризи и управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи, како сегмент, да добијат на значење, првенствено преку менување на пристапот, од фрагментиран сет на активности и мерки за одговор и закрепнување од кризи и катастрофи, кон структуиран систем за заштита, превенција, рано предупредување и подготвеност. На тој начин станува збор за еден организиран систем кој во предвид ќе ги земе сите елементи на ризикот, вклучително и отпорноста. Последователно, целта на овој труд е да го разбере значењето на отпорноста и управувањето со кризи, како и да ја истражи вклученоста на отпорноста во системот за управување со кризи во Република Македонија преку употребата на методите на анализа на содржината и компаративната анализа.

### Отпорност – концептуална рамка и терминолошко определување

Зборот отпорност потекнува од латинскиот збор „*resilire*" што значи „да отскокне наназад, да отстапи"[3]. Основата на зборот доаѓа од *re* + *salire* (скока, рипа) и претставува состојба на отстапување од нормалното. Во 1824 година се додава значењето на еластичноста во поимот и тоа доведува до најопштиот термин – „способност за брзо заздравување од тешкотија или непријатност"[4]. Концептот на отпорност како нова димензија во управувањето со кризи и намалувањето на ризици се јавува од крајот на минатиот век, иако истиот е присутен во други науки и сегменти од општествениот живот уште од средината на минатиот век. Така, на пример, во машинството означува способност на материјалите и на инфраструктурата како целина да ги издржат надворешните влијанија и во психологијата означува способност на индивидуата да се справи со тешкотиите и животните предизвици и да закрепне од истите.

Во седумдесеттите години од минатиот век, отпорноста е воведена во областа на животната средина како истрајност на односите во рамките на тие системи и нивна способност за апсорпција на различните влијанија т.е. промените и настојувајќи да се вратат во првобитната состојба (Холинг, 1973, 17).Преминот на векот ја етаблира отпорноста во општествените науки и управувањето со кризи и намалувањето на ризиците од катастрофи и се појавува т.н. социоеколошка или еволуциска отпорност. Според Давуди (2012), светот е комплексен, хаотичен и неизвесен и еволуциската отпорност е дел од сфаќањето дека сигурната состојба може да се промени или радикализира, разликувајќи се од претходната состојба. Промената е поради надворешните и внатрешните влијанија и доведува до способност за адаптација кон новонастанатата состојба. Фолке и другите (2010) ја дефинираат адаптибилноста на промените како способност за трансформибилност и создавање на нов систем. Со ова разбирање се потенцира квалитетот на подобрување на системот како резултат на реакцијата кон шоковите и стресовите.

3 http://latin-dictionary.net/definition/33432/resilio-resilire-resilui

4 English Oxford Living Dictionaries.https://en.oxforddictionaries.com/definition/resilience

Пример за ова е концептот „Build-Back-Better” (Изгради повторно, но подобро) во фазите на заздравување, рехабилитација и реконструкција, а кој е еден од приоритетите на рамката за намалување на ризикот од катастрофи од Сендаи.

Паралелно со порастот на значењето на отпорноста како нов квалитет во намалувањето на ризиците во теоријата, сè повеќе се вклучува во концептите на меѓународните организации и политиките на државите. Иако, различните субјекти различно ја дефинираат отпорноста, сепак заеднички именител е способноста за издржување на шоковите и стресовите. Според DFID (2011, 8), шоковите може да се дефинираат како ненадејни настани кои имаат влијание врз општествените и државните системи (на пр. насилство, конфликти, финансиски кризи, природни катастрофи и др.), додека стресовите се подолгорочни трендови кои влијаат врз системот и неговата ранливост (на пр. деградацијата на животната средина, лошата состојба на инфраструктурата, политичката нестабилност и сл.). Така, на пример, Европската унија (2016, 1) ја дефинира отпорноста како „способност на индивидуата, домаќинството, заедницата, државата или регионот да издржи, да се приспособи или брзо да закрепне од стресови и шокови како што се насилствата, конфликтите, сушата и останатите природни катастрофи, без да се доведе во прашање долгорочниот развој”. Според Организацијата на Обединетите нации (ООН, 2009), отпорноста е „способност на системот, заедницата или општеството коишто се изложени на опасности да се одбранат, да ги апсорбираат, да се акомодираат или да закрепнат од ефектите на опасностите навремено и ефикасно, вклучувајќи ја и заштитата и повторното воспоставување на неопходните основни структури и функции.” И, на крај, Организацијата за економска соработка и развој – OECD (2013), оди чекор повеќе и ја дефинира отпорноста како „способност на поединците, заедниците и државите и нивните институции да ги апсорбираат шоковите, позитивно приспособувајќи и трансформирајќи ги нивните структури и средства за живот со долгорочни промени и неизвесности”.

Од сите овие дефиниции можеме да констатираме дека отпорноста има мултидименизонален карактер, насочена е кон опасностите и ризиците, и вклучува повеќе институции, од различни сегменти од системот и се транспонира низ сите фази на ризикот (превенција, митигација, подготвеност, одговор и закрепнување). Од друга страна, управувањето со кризите и намалувањето на ризикот од катастрофи се изградени врз основа на „мултириск“, „мултихазард“ и мултисекторски пристап, вклучувајќи ги анализата и процената на опасностите и ризиците, оперативното планирање и подготвеноста на системот за одговор, справување и закрепнување. Можеме да заклучиме дека отпорноста треба да биде вклучена во управувањето со кризи и намалувањето на ризиците од катастрофи. Отпорноста како нова димензија во управувањето со кризите и намалувањето на ризиците од катастрофи придонесува за проактивен (превенција) наместо реактивен (одговор) пристап кон кризите и катастрофите.

Современите сфаќања за ризикот ја опфаќаат и отпорноста како елемент

од ризикот. Впрочем, ова е елаборирано и од страна на Стефаноски (2015), кој ја вклучува отпорноста како елемент на ризикот (покрај опасноста, изложеноста и ранливоста), изедначувајќи ја со капацитетот за справување, бидејќи истиот е целосно содржан во отпорноста. Додека капацитетот за справување го сочинуваат, меѓу другото, и сите стратегии и мерки кои директно влијаат врз контролата на настанот, со амортизирање на импактот на опасноста, примена на адаптирани стратегии за одговор и намалување на штетните влијанија, отпорноста може да се разгледува низ призмата на способноста за одржување во функција на системот за одговор и закрепнување.

Имајќи го сето ова предвид, отпорноста можеме да ја дефинираме како *способност на поединците, заедниците, системот или државите да ги издржат или апсорбираат шоковите и стресовите, приспособувајќи се на новонастанатата состојба со цел за брзо закрепнување, и позитивно менувајќи се, со цел подобро да се справуваат со идните шокови и стресови.* Во контекст на последното, во предвид се зема и вклучувањето во анализите на неизвесностите и несигурностите на настаните (т.н. црн лебед ефекти[5]) преку употреба на предвидувањата на иднината со „strategic foresight“[6]методологии и алатки.

Во врска со отпорноста се доведува и самото општество со сите свои статички и динамички карактеристики т.е. станува збор за отпорно општество, со оглед на тоа што во денешно време општествата се соочуваат со најразлични видови на традиционални и нетрадиционални ризици и закани. Концептот на отпорно општество е присутен и во академските дебати во различни науки, вклучувајќи ги и управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи, како и во практичните сегменти на имплементацијата на различни мерки и активности. Концептот на отпорно општество потребно е да се заснова на подготвени граѓани, отпорни заедници и подготвени системи за одговор и закрепнување. Шоковите се ненадејни, стресовите се долготрајни и поради тоа навремено и ефикасно е неопходно да се започне со активности за подготвеност. Поради тоа, отпорното општество се засновува на начела кои ја обезбедуваат неговата мултидимензионалност и придонесуваат за одржливиот развој (на пример: свесност за ризиците и опасностите и нивно интегрирано анализирање и проценување, одржливо управување со ризиците и заканите, системски пристап за превенција, митигација, подготвеност и одговор на кризите и катастрофите,

5 Метафората за т.н. црн лебед е формулирана од страна на Насим Николас Талеб во неговата книга “Црниот лебед – импактот на многу неверојатното” и претставува редок, ненадеен или непредвидлив настан кој има екстремни последици по одреден систем (на пр. финасиската криза од 2008 година или распаѓањето на СССР). Настанал врз претпоставката дека сите лебеди се бели, така што постоењето на црниот лебед е неверојатно и тешко за верување (иако црниот лебед постои).

6 Станува збор за методологии и алатки кои се насочени кон разбирање на иднината, анализа и нејзино предвидување, истражување на алтернативните иднини, како и подготовка на сценарија и планови за одговор.

„Whole society" пристап кон намалувањето на ризиците од кризи и катастрофи, отпорна критична инфраструктура, ефикасно и навремено рано предупредување и алармирање, брзо закрепнување со вклучен „Build-Back-Better" пристап во закрепнувањето, рехабилитацијата и реконструкцијата, анализирање и истражување на неизвесното и непредвидливото, како и развивање сценарија за можната иднина. Мултидимензијалноста на отпорното општество најдобро се согледува во рамката за намалување на ризиците од катастрофи од Сендаи, донесена за време на Третата светска конференција на ООН за намалување на ризици од катастрофи, којашто се одржа во Сендаи, Јапонија, во март 2015 година. Ова особено се карактеризира преку принципите на отпорност, „Build-Back-Better" и пристапот во намалувањето на ризици од катастрофи на целото општество.

**Концептот на отпорност и системот за управување со кризи: Случајот на Република Македонија**

Во рамките на овој труд е направено истражување на вклученоста на концептот на отпорност во рамките на основните стратешки и нормативни документи на системот за управување со кризи, како и други клучни документи од интерес на ова истражување. Според Митревска (Mitrevska M., 2016, 154), системот за управување со кризи во Република Македонија е организиран со цел постојана консултација, координација, навремена реакција, ефикасност и ефикасно искористување на ресурсите, како и за подготовка и донесување на процена на загрозеноста и безбедноста на Република Македонија од сите видови ризици и опасности. Областа на управувањето со кризи нормативно е уредена со Законот за управување со кризи и според истиот (2005, 1), системот за управување со кризи се организира заради превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата, здравјето и животот на луѓето и животните, а се настанати од природни непогоди, епидемии или други ризици и опасности кои го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија или дел од неа. Уште повеќе, системот за управување со кризи опфаќа и прибирање на информации, процена, анализа на состојбата, утврдување на целите и задачите, развој и спроведување на потребните дејства за превенција, рано предупредување и справување со кризи.

Националната рамка за управување со кризи ја сочинуваат: Националната концепција за безбедност и одбрана, Стратегијата за национална безбедност на Република Македонија, Законот за управување со кризи, Законот за заштита и спасување, Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи (Митревска М., 2016, 160). Како други клучни документи од интерес за ова истражување биле земени предвид следниве: Национална стратегија за заштита и спасување и Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите

ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената (во понатамошниот текст: Уредба за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности). Доколку во поширокиот контекст на намалувањето на ризици од катастрофи ги подразбираме и климатските промени и мерките за ублажување и приспособување, тогаш во овој корпус на идентификувани документи се и Третиот национален план за климатски промени и Стратегијата за климатски промени „Отпорно Скопје“.

Во контекст на вклученоста на отпорноста во документите според терминолошкото определување, интегрирање како елемент на ризикот или основа за препораки и практични мерки и активности за достигнување на отпорност на општеството и заедниците, разгледуваните документи можеме да ги поделиме во три групи: група на документи кои не ја препознаваат и интегрираат отпорноста, група на документи кои ја препознаваат отпорноста без суштинска интеграција и група на документи кои ја препознаваат и во поголем или помал обем ја интегрираат отпорноста во својата содржина.

Во **првата група на документи** спаѓаат клучните стратегиски и нормативни документи кои го определуваат и го уредуваат системот за управување со кризи - Националната концепција за безбедност и одбрана, Стратегијата за национална безбедност на Република Македонија, Законот за управување со кризи и Законот за заштита и спасување. Иако тие се основата на системот, сепак концептот на отпорност не е препознаен и интегриран во нивната содржина. Како основна причина може да се земе фактот дека истите се донесени во текот на првата деценија на овој век, период кога и во поширока рамка отпорноста не беше вклучена во рамките за управување со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи. Од друга страна, системот за управување со кризи, вклучувајќи го и потсистемот за заштита и спасување, како што се дефинирани, претставуваат реактивни системи кои првенствено се ориентирани на одговорот на катастрофи т.е. непогоди отколку на превенција и подготвеност за кризи и катастрофи. Исто така, наведените законски решенија се ориентирани првенствено кон опасноста, отколку кон ризикот и поради тоа, ризикот не се подразбира во целокупноста на неговата мултидимензијалност, вклучувајќи ја и отпорноста како негов елемент.

Во **втората група на документи** можат да се вбројат Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи, Третиот национален план за климатски промени и Национална стратегија за заштита и спасување. ***Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи*** е национален механизам за намалување на ризиците од катастрофи на повеќе нивоа (национално, регионално, локално) и овозможува координација, анализи и експертиза за приоритетните области и активности. Отпорноста во овој документ не е директно интегрирана, туку е

вклучена во основите за донесување на платформата, како дел од глобалните меѓународни стратешки документи за намалувањето на ризиците од катастрофи (на пример, Рамката за намалување на ризиците од катастрофи од Хјого 2005 – 2015 год. и Меѓународната стратегија за намалување на катастрофи. Со оглед на фактот дека се повикува на неа како дел од меѓународните основи, отпорноста се вклучува како една од целите кои треба да се постигнат во намалувањето на ризиците од катастрофи. Уште повеќе ова е нагласено и определено со Рамката за намалување на ризиците од катастрофи од Сендаи од март 2015 година, особено во принципите на отпорност, „Build-Back-Better" и пристапот во намалувањето на ризици од катастрофи на целото општество. ***Националната стратегија за заштита и спасување*** е основен стратегиски документ кој рамковно ја уредува областа на заштитата и спасувањето како дел од системот за управување со кризи. Отпорноста се подразбира само во контекст на критичната инфраструктура и мерките за заштита и спасување и во документот се споменува како „преземање на мерки за зголемување на отпорноста на инфраструктурни објекти од природни непогоди и други несреќи". Подразбирањето на отпорноста е во рамките на т.н. статична отпорност или отпорност на инфраструктурата за издржување на надворешните влијанија. ***Третиот национален план за климатски промени*** произлегува од обврските на државата според „Рамковната конвенција на ОН за климатски промени" и се однесува на мерките и политиките кои државата ги презема во поглед на ублажувањето и приспособувањето кон климатските промени. Во контекст на отпорноста, значајно е да се истакне дека истата терминолошки не е дефинирана, туку е практично применета во секторот води како мерки и активности во однос на поплавите (рестрикции на урбанизација во поплавните подрачја, мерки за подобрување на безбедноста на браните и акумулациите, пошумување, подобрено управување на водните тела, одржливо домување, миграција во безбедни области и слично). Отпорноста во овој контекст се подразбира првенствено во фазата на превенција, со цел опасноста да не прерасне во катастрофален настан. Предвидениот корпус на мерки и активности се очекува да го намали ефектот на евентуалните настани.

Во **третата и последна група** на стратешки и нормативни документи кои ја препознаваат и ја интегрираат отпорноста во својата содржина спаѓаат: Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности и Стратегијата за климатски промени „Отпорно Скопје".Прв нормативен документ кој ја препознава, ја дефинира и ја интегрира отпорноста е ***Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности***. Имено, овој подзаконски акт методолошки ја определува рамката за интегрирана процена на сите видови на ризици и опасности и се заснова на процена која е „мултириск", „мултихазард" и мултисекторски ориентирана. Од тој аспект можеме да ја идентификуваме нејзината заснованост

и поврзаност со современите методолошки рамки и пристапи за процена на ризици и опасности, пред сè на ЕУ Насоките за процена на ризици и мапирање на опасности. Во уредбата, отпорноста е дефинирана како „способност на системот за управување со кризи, локалната заедница или општеството кои се изложени на опасности, да дадат отпор, да апсорбираат негативни влијанија, да се приспособат на промените и да отпочнат процес на закрепнување од ефектите од опасноста, и тоа навремено и ефикасно, преку одржување и обновување на нивните основни структури и функции.” Во оваа дефиниција можат да се идентификуваат сегменти на проактивен пристап во отпорноста преку апсорбирање на ефектите и приспособување кон опасностите со цел закрепнување и воспоставување на основните функции и системи. Содржински, најблиску е до дефиницијата на ООН. Иако понатаму во текстот не се наведува директно, концептот на отпорност е интегриран преку мултидимензијалноста на елементите на ризикот, и особено на вклученоста на капацитетите на системот (национален, локален) за превенција, рано предупредување и одговор на проценетиот ризик, вклучувајќи го и брзото закрепнување и управувањето со ревитализацијата по елиминирањето на кризата.

Концептот на отпорност е делумно интегриран во рамките на ***Стратегијата за климатски промени „Отпорно Скопје“,*** подготвена од Град Скопје. Имено, тука станува збор за отпорност на градот и граѓаните т.н. урбана отпорност и има цел преку сет на дефинирани мерки и акции во наредниот десетгодишен период да изгради капацитети за урбана отпорност и ефикасно и ефективно справување со климатските промени. Иако отпорноста не е поимно дефинирана, се поистоветува со урбаната отпорност т.е. отпорноста на градот и се интегрира во различните аспекти на климатските промени, вклучувајќи ги и ранливите сектори (здравје, води и намалување на ризиците од катастрофи). Преку дефинирање на предизвиците и приоритетноста, се креираат практични мерки и активности со цел зајакнување на урбаната отпорност. Така, на пример, во секторот за намалување на ризици од катастрофи се идентификуваат предизвиците за намалувањето на ризиците и зајакнувањето на отпорноста (недоволната вклученост на областа во секторските стратегии, програми и приоритети на национално и локално ниво, недоволна координација, зголемена урбанизација и изградена средина, недоволно финансирање, како и немање на култура на превенција). Последователно, се дефинирани и препораки со мерки и активности за зајакнување на урбаната отпорност: зајакнување на локалните капацитети, способности и ресурси, донесување на Интегриран акциски план на Град Скопје за урбана отпорност, имплементирање на тактичко показни вежби за подготовка и одговор на природни несреќи и катастрофи, градење на култура на отпорност преку „таргетирани“ активности за граѓаните, воспоставување на јавно-приватни партнерства и иновативни модели за соработка со граѓаните и слично.

**Заклучоци**

Сведоци сме на зголемен број на кризи и природни катастрофи и сѐ почести нови видови на ризици кои иницираат нетипични закани. Имајќи ја во предвид стапката на климатските промени се очекува бројот на климатски поврзаните катастрофи значително да се зголеми и во интензитет и во фреквенција и во причинети штети. Од друга страна, климатските промени се очекува да предизвикаат невиден бран на климатски бегалци во наредните години. Поради ова неопходно е управувањето со кризи да ги земе предвид сите новонастанати елементи на ризикот, вклучувајќи ја и отпорноста. Со тоа ќе се подобри системот за управување со кризи, трансформирајќи се од реактивен во проактивен, првенствено преку менување на пристапот, од фрагментиран сет на активности и мерки за одговор на и закрепнување од кризи и катастрофи, кон структуиран систем за заштита, превенција, рано предупредување и подготвеност. На тој начин станува збор за еден организиран систем кој ги зема предвид сите новонастанати ризици и закани. Отпорноста во контекст на ова истражување се дефинира како способност на поединците, заедниците, системот или државите да ги издржат или апсорбираат шоковите и стресовите, приспособувајќи се на новонастаната состојба со цел брзо закрепнување, и позитивно менувајќи се, со цел подобро да се справуваат со идните шокови и стресови. Концептот на отпорното општество потребно е да се заснова на подготвени граѓани, отпорни заедници и подготвени системи за одговор и закрепнување.

При разгледувањето на соодветната законска и стратегиска рамка за управување со кризи во државата, можеме да заклучиме дека концептот на отпорност не е сеопфатно вклучен во управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи, иако постојат неколку исклучоци, каде што во одредени документи се препознава важноста на отпорност, а поимно се определува или практично се упатува на препораки, мерки и активности за нејзино јакнење. Со цел изградба на отпорно општество кон кризи и катастрофи во Република Македонија, неопходно е концептот на отпорност да се вклучи целосно во нормативните и стратегиските основи на управувањето со кризи. Само така може да се изгради општество кое не само што ќе ги апсорбира ефектите на кризите и катастрофите, туку ќе може да ги претвори кризите во можности, а моменталните недостатоци во долгорочно консолидирање и зајакнување на општеството.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Uppsala Conflict Data Program, Department of Peace and Conflict Research. http://ucdp.uu.se/

Max Roseret all. "*Terrorism*". Published online at OurWorldInData.org. 2018. https://ourworldindata.org/terrorism

Cornell University. "*Rising seas could result in 2 billion refugees by 2100"*. Published online at ScienceDialy.com. 2017.

https://www.sciencedaily.com/releases/2017/06/170626105746.htm

Vasko Popovski. *Assessment and documentation of good practices on disaster risk reduction for children's resilience in Kazakhstan – Final Report*. UNICEF Kazakhstan. 2018.

EM-DAT. http://emdat.be/

Latin Dictionary.

http://latin-dictionary.net/definition/33432/resilio-resilire-resilui

English Oxford Living Dictionaries. https://en.oxforddictionaries.com/definition/resilience

C.S. Holling. *Resilience and stability of ecological systems*. Annu. Rev. Ecol. Syst., 4 (1973).

Simon Davoudi. *Resilience: a bridging concept or a dead end?* Planning Theory and Practice, Vol. 13 No.2, (2012).

Carl Folek et all. *Resilience Thinking: Integrating Resilience, Adaptability and Transformability.* Ecology and Society, 15(14), (2010).

DFID. *DefiningDisaster Resilience: A DFID Approach Paper*. DFID. 2011.

European Commission. Humanitarian Aid and Civil Protection Development and Cooperation – Europe Aid. *Building Resilience: The EU's approach.* EU Factsheet. (2016).

United Nations. UN/ISDR. *2009 Terminology on DRR*. Geneva: UN/ISDR, 2009. https://www.unisdr.org/we/inform/terminology

OECD. Factsheet: *What does "resilience" mean for donors?*

http://www.oecd.org/dac/May%2010%202013%20FINAL%20resilience%20PDF.pdf

Стевко Стефаноски. **"Процената и управувањето со безбедносните ризици како основа за ефикасен кризен менаџмент во Република Македонија"**. ДИС. Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје, 2015.

Марина Митревска. *Кризен менаџмент*. Филозофски факултет (Скопје). 2016.

Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија. *Службен весник на РМ40/2003*.

Стратегија за одбрана на Република Македонија. *Службен весник на РМ 30/2010.*

Закон за управување со кризи. *Службен весник на Република Македонија29/05, 36/11.*

Закон за заштита и спасување (пречистен текст). *Службен весник на Република Македонија 93/12.*

Влада на РМ. *Национална платформа на Република Македонија за намалување на ризициод катастрофи(трето ревидирано издание)*. Влада на Република Македонија. 2011.

https://tinyurl.com/yc296zvl

United Nations. Third UN World Conference on Disaster Risk Reduction in Sendai, Japan. Sendai Framework for Disaster Risk Reduction 2015 – 2030. Sendai: UN, 18 March 2015.

Национална стратегија за заштита и спасување. *Службен весник на РМ 06/14*.

Влада на РМ. *Трета националнакомуникација за климатски промени*. Влада на РМ. 2014.

Уредба за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето насубјектите во системот за управувањесо кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената. *Службен весник на РМ13/15*.

Град Скопје. *Отпорно Скопје – Стратегија за климатски промени*. Град Скопје. 2017.

316.7:364.662(497.7)
Стручен труд

# КУЛТУРНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОПШТЕСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Антоанела ПЕТКОВСКА**[1]

**Апстракт**:*Континуираните расправи за значењето и смислата на културата во социолошката литература, во филозофијата, како и во многу други општествени и хуманистички науки имаат големо значење но предизвикуваат и дубиози.*
*Во општествената стварност и во науката и филозофијата, нештата се исклучуваат во принцип главно поради неможноста да се избегне редундантноста и хиерархијата на значењата кои се дел од една целина, особено комплексна, жива и подложна на промени на социеталниот амбиент, која мора да му биде инхерентна на човекот, каква што е културата. Во обид да ја надминам оваа првична епистемолошко-хевристичка партикуларизација во определбите за културата, невообичаено, токму низ редундантноста на пристапите кон културата, го применив истиот дискутабилен методолошки пристап, обидувајќи се да образложам како во самото ткиво на науките се создава исклученост кога културата се гледа низ позициите на подвоеност, потикнати од стварноста. Секоја позиција на отсуство на една егзистенцијално и есенцијално релаксирана, рамноправна и со тоа потенцијално проактивна позиција на поединецот или општествената група во услови на конкретен општествен и културен дизајн генерира енормен број на можности на исклученост од целината на животот и ја поткопува сигурноста на општественото делување, а со тоа и безбедноста на општеството.*
*Културната исклученост во услови на различни можности за градење „културен и социјален капитал“ и постулирање на отворен/еманципиран вредносен систем е општо место во денешниот културен универзум. Таа се интензивира како во општествата на благосостојба така и нагласено во сиромашните општества на периферијата на Европа и на светот, како што е тоа случај со Македонија.*
*Поврзаноста на културната исклученост во една тотална смисла е, се разбира, неминовно поврзана и со економската/класната исклученост, политичка, идеолошка, религиска, етничка, професионална, локална, институционална, медиумска, родова, генерациска, образовна, здравствена, научна.*
*Од друга страна, нарушувањето на општествената интеракција и недостатокот на интеркултурниот дијалог има длабоки последици врз довербата во луѓето и институциите и генерира рамка на состојби кои ја намалуваат општествената безбедност.*

**Клучни зборови**: *културна исклученост, општествена интеграција, општествена безбедност*

1 Авторот е професор на Институтот по социологија при Филозофскиот факултет, УКИМ во Скопје

**Вовед**

Долгите и континуирани расправи за битието и смислата на културата, опсегот на нејзиното значење за промислувањето, оправдувањето, критикувањето или редефинирањето на социусот и ексклузивноста на хуманитетот во социолошката литература, во филозофијата, како и во многу други општествени и хуманистички науки има значајна аура, но е подложна и на банализирање. Идеолошките дискурси, заложбите за новото читање на светот и неговите експлицитни или имплицитни динамики на промената на хевристичките и епистемолошките перспективи, кои ќе успеат да го зграпчат духот на современото општество, многу често имаат неколку низи на слични, конвергентни, како и неконвергентни исходи. За оваа тема, се разбира, неодминливо мора да се размислува низ призмата на историските, како и научно-филозофските импликации на концептот, кој како феномен, од перспективата на сознанијата до кои е дојдено во последните два-три века, може да се идентификува од настанокот на човекот до денес. Меѓутоа, структурата на нивното значење се институционализира, како во општеството така и во контекст на неговото проучување. Како и да е, останаа доминантни (и во модерната и во постмодерната или пост-постмодерната варијанта) неколку клучни карактеристики во проучувањето на културата, како на пример: дивергентни форми на феномени кои вклучуваат духовност, интелигибилност, креативност, ерудиција, забава/спектакл; и, сеопфатни, егзистенцијални, организациски форми на севкупниот опфат на животот во општеството и во човековата околина воопшто (тотален поим на културата или социетална култура). Всушност, веќе одамна е прифатено дека културниот симболички универзум вклучува активен, прагматичен, исто толку колку и промислувачки и динамички креативен и исклучително љубопитен „софтвер“ со бескрајни можности за „надградување“. Главната дилема и подвоеност внатре во интелектуалните дискурси нотορно се концентрира, за жал, колку и да се намерите благородни и методолошки интересни, на прашањето за „застареноста“ на елитната димензија на културата и на, наводно „бруталното“, објективно, деконструционистичко и паракритично (а зошто, на пример, не би било радикално, неконвенционално, неканонско, револуционерно) третирање на клучната перспектива на феноменот – modus vivendi. Дискрепанцата, се разбира, не кај сите автори, е во основа лажна и неконзистентна, токму поради целината на животот во сите свои практики, смисла и значења без кои опстанокот на општеството е неопределен и невозможен. Всушност, во стварноста, колку и во науката и филозофијата, нештата се исклучуваат во принцип, токму поради неможноста да се избегне редундантноста и хиерархијата на значењата кои се дел од една целина, особено комплексна, жива и подложна на промени на социеталниот амбиент, која мора да му биде инхерентна на човекот вон сите граници на поделбите генерирани со одделни, наметнати правци на историскиот развој.

Во обид да ја надминам оваа првична епистемолошко-хевристичка исклученост внатре во теоретското позиционирање на самата структура и динамика на феноменот на културата, веројатно невообичаено, ќе се обидам токму низ редундантноста на пристапите кон културата, да го направам истиот дискутабилен методолошки пристап, обидувајќи се да образложам зошто она што конвенционално се нарекува духовна култура, односно уметноста, културното наследство, образованието и нивната „публика“ или реципиенти исто колку и продуктивниот субјект (уметници, креатори на културна политика, интелигенцијата од областа на општествените и хуманистичките науки, па дури и од другите области на наука и образование) ја репродуцираат или ја продуцираат општествената исклученост во севкупната димензија на социјалниот реалитет.

Секоја позиција на отсуство на една егзистенцијално и есенцијално релаксирана,

рамноправна и со тоа потенцијално проактивна позиција на поединецот или општествената група во услови на конкретен општествен и културен дизајн и во сите диференцирани форми и институционализирани рамки на социјабилитетот, генерира енормен број на можности на исклученост од целината на животот. Со тоа директно се поткопува сигурноста на општественото делување, а понатаму и безбедноста на општеството во целина. Оваа исклученост не се однесува само на „консумирање" на одделни вредности произведени од човекот туку, уште пострашно, исклученоста од знаењето, смислата кои, пак, се неопходни за овозможувањето на вклученост во реалитетот и виртуалитетот на животот. Можноста да се разбуди сознанието за исклученоста од одредени приватни и општествени дејствувања е подеднакво значајна, на локално, на национално и на глобално рамниште. Исклученоста е најалармантниот сигнал за отуѓеност, насилноста во дистрибуцијата на моќта, социјалната диференцираност и хиерархизацијата, чии манифестни форми очигледно можат да се затскријат во патолошката хипокризија на спектакуларните перформанси на корпоративно неолибералната логика на современиот капитализам, во сите негови варијанти. Така, доколку фрустрациите од статусите и признавањето на мериторниот контекст на општествената продукција и репродукција, исто колку и лажните претстави за удобноста на современиот начин на живот, нè зграпчуваат во своите вредносни матрици, без можност за метанарација и метапристап кон општествувањето, исклученоста и помалку или повеќе радикалните, деструктивни или едноставно резигнирани, опортунистички реакции на таквата состојба, нè исклучуваат и од можноста да си создаваме нови универзуми исчистени од баластите на историските наративи кои веќе се покажале неуспешни. Тежината и сложеноста на историскиот наратив и контроверзноста на колективната меморија произлезена од толкувањето на тие наративи, како и создавањето на дискурси кои манипулативно и селективно се однесуваат кон историското „сеќавање", се неоспорно фактори кои непосредно ја засегаат „статиката" на архитектониката на општественото ткиво. На тој начин, создавајќи дисбаланс во третирањето на вклученоста на одделните идентитетски формации во општественото живеење и во распределбата на моќта, полека или забрзано, но сигурно, се нарушува безбедноста на општественото ткиво.

## Културната исклученост во Република Македонија: состојби и последици

Првичната претпоставка за исклученост на македонската култура е втемелена на она што вообичаено се нарекува транзициска култура. Според некои автори, општествата што ја сменилe својата идеолошко-политичка матрица и со тоа го смениле и фокусот на базичните вредносни парадигми, од социјализам кон капитализам, од етатизам и тоталитаризам кон демократија и слободен пазар (Nealon,2012), односно биле подложни на „културната траума" (Alexander, 2012;Sztompka,1991), се третирани како сложени културни системи кои се соочуваат со национализам, сиромаштија, антимарксистички тенденции, традиционални непомирливи дискурси, реконсидерација на културното наследство и идентитетот, конформистичко вклопување во културата на глобализацијата и, од друга страна, влијание врз промените на тенденциите на тој глобален галиматијас од егзистенции. За други автори, станува збор за транзиција во еден побогат,

пoслободен свет, со нагласено цивилизациски подобри перформанси. Сепак, самата конотација на транзициска култура ги фаворизира или ги исклучува некои од тие општества во заземање на рамноправно место на мапата на динамичните современи процеси. Во Македонија, фрустрациите од културната траума не се исти како во Полска или во Русија, а се разликуваат дури и од транзициските процеси и продукти на земјите што беа дел од поранешната заедничка држава (СФРЈ) (Kennedy, 2002).

Културна исклученост во контекст на различни можности за создавање на „културен и социјален капитал" и соодветно градење на отворен/еманципиран вредносен систем (знаење, информација, традиционализам) е општо место во денешниот културен универзум, меѓутоа се интензифицира како во општествата на благосостојба, така уште посилно во сиромашните општества позиционирани на периферијата на Европа и на светот како што е тоа случај со Македонија. Поврзаноста на културната исклученост во една тотална смисла е, се разбира, ноторно поврзана и со економската/класната исклученост, политичка, идеолошка, религиска, етничка, професионална, локална, институционална, медиумска, родова, генерациска, образовна, здравствена, научна (Bourdieu, 1984;Kennedy, 2002).

Во општествен контекст што ги превреднува технички, лукративно и згорнично своите видувања за тоа што значи всушност ткивото и моќта на корпоративниот капитализам, вплеткано сè уште во замката на авторитарноста и лечењето на идентитетските историски фрустрации, кои се добар изговор или „спин" за подржување на институциите на власт, тешко може да се очекува консеквентност и отвореност кон градење на културни вредности и системи што не калкулираат или што не се втемелени исклучиво на културата на сиромаштијата, стравот и медиокритетството (Петковска, 2009) . Ова, што е уште социолошки поинтригантно, се чувствува и во оние општествени групи и поткултури кои не се нужно на најниското место на општествената стратификација и по правило исклучени, туку и кај групи во кои граѓаните имаат повеќе можности за градење на културниот капитал, како и на социјалниот капитал (оние со повисок општествен статус).

Масовната „версус" елитната културна матрица во Македонија произлегува од „филозофијата на паланката" и нуди безбројни стратешки можности за манипулација на центрите на моќ (Fuko, 2012). Интересно за Македонија е дека облиците на масовната култура се наметнуваат со многу посилен интензитет отколку во социјалистичкиот период кога акцентот беше на националниот фолклор и на елитната култура и уметност, национална, како и интернационална (Петковска, 2009).

Моќта на пазарот, вулгарната комерцијализација на уметноста, помогната со силата на медиумите, ги наметнува дискурсите на популарната или масовната уметност и нејзината интерференција со концептот на високата, елитна уметност.

Како и на други глобални простори, особено на балканскиот, така и во Република Македонија се оформува (иако нејзините зачетоци датираат уште од периодот на социјализмот!) една прилично тривијална популарна култура, која најчесто го носи називот „поп-фолк", „нео-фолк" или „турбо-фолк" (појави што до одредено рамниште можат да се споредат со некои глобални трендови, како на пример „етно-поп" културата „World music" и сл.). Во основа, тука се работи за старата борба за означување на вистинскиот вкус, културните потреби, стандарди и редундантните практики на човековото живеење и дејствување, особено оптоварена со трансформацијата на системот од социјалистички во граѓански (капиталистички). Честопати, во литературата што го третира овој феномен, карактеристичен за посткултурната траума на поранешните земји на Балканот, тој се поврзува со новиот тип на раслојување на транзициските општества (Dragicevic – Sesic, 1994).

Всушност, формирање на вкусот во односот кон културното наследство, уметничката рецепција, положбата и статусот на уметничките институции од јавен и друг карактер ја репродуцираат исклученоста по класни основи, општествениот статус, а во врска со тоа, значи и културната исклученост во општеството. Масовната уметност, популарната уметност ја еродираат природната позиционираност на елитната, високата уметност во поранешните фази на културната и уметничката историја на Македонија. Имено, Македонија е производ на едно живо и конфликтно историско проседе, инаку прилично карактеристично за просторите на Југоисточна Европа, каде дејствата на конфликт и конвергенции на културите постулираат можност за синкретизам помеѓу Истокот и Западот, Северот и Југот. Основната матрица на овој дискурс на градење идентитет/идентитети, на интегративни и дезинтигративни процеси во Македонија, се гради од интеракцијата на: античките и класичните медитерански култури, византиската цивилизација, паганската и подоцна христијанизираната варијанта на старословенската култура, османлиската цивилизација, аспекти на западноевропската културна традиција, како и, се разбира, споделена и автохтона балканска и автохтона национална културна основа. Неопходно е да се нотира дека за некоја профана, евидентна социјална историја на уметноста во Македонија, според конвенционалното разбирање на феноменот во европски дух, може да се говори дури од втората половина на 19 и почетокот на 20 век (тоа значи по завршувањето на петвековното владеење на Отоманската Империја на територијата на денешна Македонија и пошироко во регионот) (Петковска, 2009).

Исклученоста постои и на рамниште на хиерархизацијата внатре во уметничкото творештво меѓу различните видови уметност, која најчесто потекнува од интересите и вредносните приоритети на власта, како и од клиентелизмот, за жал инхерентен и за уметничката фела. Особена борба се води помеѓу оние кои се трансформирале во новата ера на технологијата и ја фаворизираат дигиталната уметност и можностите на интернетот и медиумите воопшто (како на рамниште

на продукција и афирмација, така и на рамниште на критика) и го потиснуваат, исклучуваат од „играта на престижот“ класичниот пристап кон уметничката практика.

Улогата на институциите во областа на културата, односно уметноста и културното наследство, вклучувајќи ги и образовните институции, немаат развиена стратегија за вклученост на продуктивните и рецептивните субјекти во процесите на развојот на културно-уметничката практика. Постои изразена хипокризија во идејната матрица која манипулира со културното наследство и уметничкото творештво во согласност со тесните и најчесто брутални и примитивни интереси на власта без оглед на консеквенците по идентитетот и вкусот на граѓаните кој има обврска да го развива и да го поттикнува, а не да го сведе на пропагандна машинерија од најбрутален вид. Снобизмот, привидната заложба за ангажирана уметност во име на заштита на националниот идентитет или наводното следење на уметничките наративи произлезени од глобалната уметничка практика само ја интензивираат културната исклученост на граѓаните и ја следат практиката на постигнување привидна вклученост. Корпоративна култура, корпоративна уметност и уметничкиот пазар се реминисценци на корпоративниот капитализам и економија (Nealon, 2012), кои во Македонија се манифестираат како последица а не како причина на степенот на развој на општествените односи во кои постојат проблеми со идентитетот, креативноста и отвореноста кон глобалните тенденции, страв од хибридизација, глокализацијата и сл. Од друга страна се манифестира отпор кон космополитизмот или кон „слепото“ следење на меинстрим-движењата во уметничката практика. Во контекст на идејата за пазарот на уметнички постулираното творештво се појавува хибридниот феномен на креативните/ културни индустрии (Франкфуртска школа, постмодернисти, Бирмингенска школа).

Денешните видувања на креативните практики, дизајнот на стварноста и градењето на „формули“ за разновидни стилови на живот инкорпорирани и моделирани низ диверзифицирани рамки на активности, материјализирани или испорачани во „концептуални“ пакети што би требало да имаат функција на развивање и градење на нова култура на живеење, соодветна за денешнината, се манифестира во феноменот на креативните индустрии (што се разбира ги подразбираат и културните индустрии). Тие од пред неколку години се препознаени како современа форма на уметничка практика и институционализација на истата во Република Македонија. Културните индустрии ги содржат иманентните форми на феноменот на продавање на идеи, чија природа и намена е во основа економски и идеолошки комерцијална и тендециозна во контекст на постулирање и ефектуирање на патот за јавни политики, чија основна интенција е остварување на влијание во јавната сфера. Тоа значи создавање на јавно мислење низ ракурсот на вкусот за животот, менување на вредносни системи и животни ориентации, имплементирање на нови форми на интеракција и

комуникација и сл. Нагласените потреби на „пазарот на креативноста“ (дизајн, занаетчиство, спектакл, информатички технологии, медиумски содржини, адвертајзинг, па дури и т.н. културен туризам и сл.) еманираат практики кои ја дефинираат и ја супсумираат технократско-економско-естетизирачката логика и практика на современото потрошувачко и виртуелно постулирано општество. Во Македонија, процесот на сензибилизација на јавноста и на официјалните власти за „лукративноста“ на овие креативни практики даде свои резултати во донесување на Националната стратегија за креативни индустрии (2008 година), која почнува да се операционализира низ акциони планови однеодамна (2012 година).

Но, овој културно-економски феномен не го демократизира правото на создавање, ниту можноста за рецепција/консумација на културното творештво, дури и во најсоодветни услови на естетизација на животните практики.

Ако ја погледнеме структурата за користењето на слободното време кај граѓаните на Македонија (Petkovska at all 2017, Петковска 2009), ќе ја добиеме јасната слика за улогата и значењето на уметничкото/културното творештво во нивниот живот, што е отворена последица на нивната исклученост од интелектуалните и креативните практики. Освен кога тие се поврзани со идеологијата која или им ветува дека ќе бидат лојални и горди поданици на некоја флуидно и произволно прочитана културна историја и идентитет или ќе им ја развива илузијата дека сме дел од светот без оглед на тоа колку ни значат уметничките процеси и тенденции што доаѓаат оттаму или во кои можеме да се вклопиме низ бирократските и клиентелистички механизми на нашата културна политика и институциите од областа на културата. Резултатот е создавање на јавен простор и јавно мнение кое, пред сè, е затворено во рамките на својата исклученост од слободата на мислење, делување. Тоа е директна реминисценца на општествената исклученост и со тоа не може да се стекнат карактеристиките на развојот на културата на живеењето. Така и светот на уметничкото и културното творештво воопшто, е исклучено од секојдневните општествени процеси, освен, можеби, во нивната утилитарна варијанта.

Публиката или потенцијалната публика е поделена по класна, професионална, етничка, религиска и во одредена мера по родова линија, а и по основа на возраста. Би рекле дека тоа е очекувана состојба во поделено, стратифицирано современо општество и дека наведените согледби за однесувањето на аудиториумот во просторот на јавната сфера, вклучувајќи ја и онаа на културната продукција и репродукција се очекувани (sic?). Вака поставените констелации на односи, притоа, не можат да означуваат и прифатлива состојба од гледна точка на еден идеолошки систем, постулиран како „кредо“ во современиот глобален општествен и цивилизациски циклус.

Трауматичните процеси што го дегенерираат или го регенерираат есенцијалниот онтички и сознаен код во реалност на жителите на Македонија укажуваат на сериозен проблем кој не е врзан само за традицијата на една

сиромашна (што е факт) и „не признаена“ (на ниво на државност и идентитет) земја, туку таа земја ја искусила/искусува преобразувачката, насилна епопеја на втурнување во еден нов, неолиберален капитализам директно од позицијата на еден помалку или повеќе бирократски, но и хуманистички настроен социјализам. Веќе се, главно, научно прифатени основните насоки на промислување на тој систем/процес/завршена делница од современата историја на Македонија. Тие укажуваат на константни напори (и неуспеси во тие напори) за сосредоточено и креативно средување и интегрирање на ткивото на македонското општество кое сè уште директно е под влијание на традицијата на злоупотребата на моќта од страна на елитите, помогнати од корпоративната моќ на стеснетата траекторија на глобализацијата.

Конфликтот на вредности внатре во општественото ткиво, како и чувството на загрозеност од „други“, цивилизациски моќни и геополитички доминантни социо-културни заедници, произведува дополнително чувство на несигурност во рамките на една „мала“ држава како што е Македонија. Безбедноста, односно недостатокот од безбедноста, се доживува како трауматично искуство генерирано со децении наназад, а засилено во рецентната констелации на меѓународни односи.

Следува прашањето дали е возможна културна продукција во услови на континуирано неконзистентна, некохерентна и непрофесионално обликувана културна политика која не може да резултира со континуитет инхерентен на потребите, состојбите и промените во ткивото на македонската култура. Изборот поставен пред секое културно творештво или пред „толкувањето“ на културното наследство зависи од низа варијабли: информираност, образование, знаење, минуциозност на собирање и обработка на (арте)фактите, квантитет и квалитет на финансирање, управување со човечки ресурси, организациска култура, маркетинг (национален и меѓународен), обезбедување методи за непречена интеркултурна комуникација, обезбедување амбиент и простор за слободата на говорот и творештвото, упатување кон високи критериуми на квалитет и одговорност, вештина за користење на правилата на „новиот светски поредок“ и истовремно избегнување на замките кој тој ги претпоставува како интристични карактеристики на глобалниот капитализам и (не)демократското управување.

Непосредна консеквенца на отсуството на доследност во спроведувањето на овие ноторни елементи на културната (образовната, научната, уметничката) политика е оформување (и очекување) на публика, во Македонија, која нема вистински предиспозиции, а уште помалку мотиви да се однесува отворено, критички и љубопитно кон кој било вид на културни вредности (од минатото но и од современата продукција) е директната исклученост од квалитетните, нови и разновидни (технички, технолошки, интелектуално, естетски) практики на една динамична и отворена култура на живеење. Дури и медиумската култура (или некултура!) не добива можност да биде сфатена, прочитана, критикувана на сообразен начин, од едноставна причина што и за „културата на задоволтвото

и потрошувачката“ е неопходна подготовка и вештина, како еден од парадоксите на светот денес. Овој вид култура се доживува или на најтривијален начин, како една „неподнослива леснотија на постоењето“ или како „монструозен“ механизам кој поради својата природа го еродира психо-социјалното тело на општеството, ја напаѓа сферата на приватноста а со тоа го прави граѓанинот да се чувствува немоќен и изложен на секаков тип структурално насилство.

Од последните согледувања отстапува само еден мал дел од интелигенцијата и од интелектуалните елити во Македонија (со можности или амбиции за стекнување на културен капитал, на национално или глобално рамниште). Широката публика е составена од: галиматијас на потенцијални снобови („ново печени богати“ и слични слоеви на граѓани), сосема некритички и лаички настроени граѓани со речиси никаков културен капитал  (живеат на граница на егзистенцијалниот минимум) или без пристап кон установите (луѓето со попреченост и слично), граѓани кои од етнички и религиски причини или исклученост не се наоѓаат себеси во просторот на репертоарот на културната продукција или се самогетоизираат како, впрочем и во полето на творештвото само по себе – оттука и паралелизмот на институции што не може секогаш да се оправда со културен плурализам или мултикултурализам.

Недостатокот на услови и можности за развивање на културните потреби и начинот на нивното исполнување, големите пречки за реализација на уметничко-културната практика, владеењето на културата на сиромаштијата и на културата на стравот, големиот јаз меѓу можностите и аспирациите (кои главно ги учиме од светот на популарната култура и медиумите, односно од светот „надвор од нас“) се директен пат кон исклученоста од создавање на вредности и од критериуми што ја евалуираат нивната хиерархија, како на општествено така и на индивидуално рамниште. Ваквиот исход од жестоката и сеопфатна исклученост на најголемиот дел граѓани во Македонија, наспроти малубројните елити (кои се исто недоволно екипирани да го следат патот на културното творештво, но за жал можат агресивно и немериторно да влијаат на него) ја разоткрива едната од клучните причини за алиенацијата на македонските граѓани и на состојбата на општествена аномија.

## Заклучок

Структурата на исклученоста во пирамидата на општествените и културните полиња (Bourdieu, 1984) подразбира генерирани состојби и процеси на влијание од долу кон врвот и обратно. Ако темелните системски решенија се неефективни, со отсуство на прифатливи и можни за реализација нормативни институти неадекватни за практикување, тогаш природата на исклученоста на граѓаните со широко диференцирани статуси станува нагласено поприсутна. Уделот во продукцијата и репродукцијата, како и во консумацијата на културните добра (знаење, информација, уметност, идеологија) автоматски се претвора во

нерамноправност произлезена од дистрибуцијата на моќта, но и од недоследноста, неспособноста и корумпираноста на владејачките елити. Следствено, се репродуцираат и конфликтите без продуктивен излез, се генерираат состојби на тензија меѓу општествените слоеви што директно влијаат на безбедноста и на функционирањето на општеството воопшто.

Од друга страна, хабитусот (Bourdieu, 1984) на поединците и на институциите што се инволвирани во културата ја губат неопходната опременост да ги динамизираат процесите на донесување нови, современи решенија и одлуки што би резултирале со културен менталитет и колективна меморија, лишени од квазисоцијални, шовинистички, хомофобични, ксенофобични, сексистички и сродни предрасуди. Социјалниот капитал на поединците, групите и институциите се сведува на примордијални форми на комуникација и (не)соработка, се гетоизираат и се мистифицираат видовите на интеграцијата само внатре во одредени подопштества и подкултури, обележани од културата на недовербата во луѓе и институции (Petkovska at all, 2017). Така, поради нарушувањето на општествената интеракција и недостатокот на интеркултурниот дијалог, како и негативните последици врз довербата во луѓето и институциите, се генерира рамка на состојби кои ја намалуваат општествената безбедност.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Nealon, T. J. (2012)Post-Postmodernism- or the Cultural Logic of Just-in-Time Capitalism. Stanford, California: Stanford University Press

2.Alexander, C.J. (2012) Trauma. A Social theory. Cambridge, Polity Press

3.Sztompka,P.(1991)Society in Action: The Theory of Social Becoming.Cambridge, Polity Press

4. Kennedy, D. M. (2002)Cultural Formations of Postcomunism – Emancipation, Transition, Nation and War.Minneapolis, London, University of Minnesota Press

5. Bourdieu, P.(1984)Distinction – A Social Critique of the Judgment of Taste. Cambridge, Massachusetts, Harvard University Press

6. Петковска, А. (2009)Есеи од социологијата на културата.Скопје: АЗ-БУКИ

7. Fuko, M (2012) Moć/Znanje. Novi Sad. Mediteran

8. Šešič - Dragičevič. M. (1994) Neofolkkultura.Sremskikarlovci, Novi Sad,IzdavačkaKnjižarnica ZoranaStojanoviča

9. Petkovska, A. Popovski, M. Minoski, K. Dimitrovska, M. (2017)Value Orientation and Attitudes of the Students in the Republic of Macedonia.Security Dialogues, No. 1, Vol. VIII, 2017. Skopje. Faculty of Philosophy – SkopjeInstitute of Security, Defense and Peace, 21-37

355.02:004
Стручен труд

# САЈБЕР-ТЕРОРИЗМОТ И МЕРКИ НА САЈБЕР-ОДБРАНА ВО КОМУНИКАЦИСКИТЕ И ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО ОДБРАНАТА

**Мухамед РАЦАЈ**[1]
**Смиљан ЈУРДАНА**[2]

**Апстракт:** *Сајбер-информациите доведоа до сајбер-револуција и до појава на информатичкото општество во кое доминира трката за информации и за комуникациски технологии, паралелно со светската либерализација и слободна циркулација на луѓе, стоки и идеи. Новите форми на војување, а и тероризмот како специфична, современа „форма на војување“ ќе коегзистираат во исто време со „сајбер просторните“ напади. Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната го користат сајбер-просторот за размена на информации од интерес за одбраната. Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната честопати се цел на сајбер-тероризам и затоа е потребно да се преземат мерки за адекватна сајбер-одбрана.*

**Клучни зборови:** *сајбер-тероризам, сајбер-одбрана, управување*

## Вовед

Интернетот е глобален систем на меѓусебно поврзани компјутерски мрежи кои користат одреден протокол за поврзување на уреди низ целиот свет. Тоа е една голема мрежа на мрежи што се состои од приватни, јавни, академски, деловни и владини мрежи од локален до глобален опсег, поврзани со широк спектар на електронски, безжични и оптички мрежни технологии. Брзиот развој на технологијата овозможи интернетот да биде достапен до секој поединец, организација и државни институции. Достапноста на технологијата овозможи со нејзина помош да се вршат разни трансакции и преноси на голем број информации од интерес на поединците, организациите и државните институции.

За жал, како и во многу други примери кога одредена технологија ќе се направи за добри и корисни цели така и интернетот како корисно средство, односно медиум за искористување на неговите капацитети во добри цели, се појавија поединци и групи кои го користат интернетот со цел нанесување на штета и злоупотреба.

Појавата на сајбер-тероризмот е еден облик на тероризам кој ги искористува можностите за глобално поврзување и е потребно преземање на адекватни мерки за адекватна заштита од истиот.

1 Автор, доктор на науки, генерал-мајор во АРМ

2 Автор, стручњак од практика за комуникациски и информациски системи во АРМ

## Сајбер-тероризам

Огромните достигнувања и развојот на врвната технологија, софистицираните компјутерски системи го отворија новиот „сајбер-простор“, кој постојано ги уништува старите традиционални форми на организација, однесување и верување. Сајбер-информациите доведоа до сајбер-револуција и до појава на информатичкото општество во кое доминира трката за информации и за комуникациски технологии, паралелно со светската либерализација и слободна циркулација на луѓе, стоки и идеи.[3]

Како поим се појавува терминот „сајбер-простор“ кој подразбира теориски простор во кој податоците можат да бидат складирани, пренесени и реконфигурирани. Сајбер-просторот го толкува како виртуелен свет обележен со компјутери, компјутерски мрежи, информатички настани и информатички содржини во дигитална форма.[4] Современите и флексибилни компјутерски комуникациски системи овозможија информациите низ светот да се пренесуваат со неверојатна брзина, пренесувајќи ги сите настани во една нова, реална димензија на комуникација, наречена сајбер-простор. Сајбер-просторот може да се нарече четврта димензија на војување, покрај војувањето на копно, во вода и во воздух.

Новите форми на војување, а и тероризмот како специфична, современа „форма на војување“ ќе коегзистираат во исто време со „сајбер-просторните“ напади. Сајбер-тероризмот е значаен потсистем на сајбер-војувањето и е многу потежок за откривање и спротивставување, бидејќи е скоро невозможно да се одреди политичката припадност или спонзорите на неговите извршители. Сајбер-војувањето е насочено кон информациите и информативните системи коишто им даваат поддршка на цивилните и на воените структури на противникот. Тоа навлегува во сфера која е многу посуптилна од физичките напади и уништувања, односно дејствува врз протокот на информациите во мрежите и манипулира со нив (прекинува, видоизменува, додава и слично).[5]

Сајбер-тероризам е развој на терористички способности обезбедени од новите технологии и мрежно поврзани организации, кои им овозможуваат на терористите да ги спроведат своите операции со мал или никаков физички ризик за себе. Сајбер-тероризмот е нов и малку небулозен концепт, со дебата дали тоа е посебен феномен, или само аспект на информативна војна што ја практикуваат терористите. Дури и за оние кои веруваат дека сајбер-тероризмот е посебен

---

3 The Ultimate Terrorists, Stern, Jessica, Cambridge, MA: Harvard University Press, 1999 година.

4 Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам, Југослав Ачковски, 2012.

5 Сајбер-тероризмот како закана кон безбедноста на државата, м-р Јасмин Калач, 2017 година.

феномен; границите често стануваат заматени меѓу информациско војување, компјутерски криминал, онлајн-социјален активизам и сајбер-тероризам.[6]

Под сајбер-тероризам се подразбира предумислени, политички мотивирани напади против информации, компјутерските системи, компјутерските програми и податоци што резултираат со насилство против цели кои не се воени од страна на субнационалните групи или тајни агенти. Сајбертерористите може да нападнат јасно дефинирани цели кои се од стратешко значење во одредени држави, што не значи дека нападот мора да биде од поголеми размери со намера да се постигне одредената цел.[7]

Од гледна точка на терористичките организации, употребата на сајбер-просторот е многу атрактивен, бидејќи како прво е асиметричен. Може да нанесете голема штета со мал број на талентирани лица. Воедно нападот може да биде извршен од локација која е многу оддалечена од целта и нема потреба од располагање со лица преку границата, односно во земјата на нападот кои би требале да преземат одредени акции. Сајбер-нападите може да бидат во различни форми со кои се оневозможува да се дознае изворот на нападот. Како пример за време на претседателската кампања во САД во септември 2016 година, тогаш републиканскиот кандидат (сега претседател на САД), Доналд Ј. Трамп го сподели следното. За време на дискусијата за хакирањето на Демократскиот национален комитет и високи претставници на тогашната кандидатка на Демократската партија, Хилари Клинтон, додека безбедносните агенции на САД заклучија дека „со голема веројатност“ дека оператори на Руската разузнавачка агенција стојат зад нападите, кандидатот Трамп кажа „Можеби беше. Можеби е Русија, можеби е Кина, можеби се многу останати луѓе. Можеби да е некој кој седи на својот кревет и тежи 180 килограми“[8]

Меѓутоа, може да се потврди дека за сајбер-терористите информатичката мрежа е метод на нападот, односно оружје или медиум преку кој се извршува нападот.

Главни обележја на сајбер-тероризмот се:

(а) Повременост, во смисла дека хронолошкото време се заменува со блиска моменталност во реализацијата на дејството и во потенцијалната реакција.

(б) Физикалност, што значи дека преземените активности или донесените одлуки не се ограничени според географијата, просторното разгледување или суверените граници.

(в) Проникнување, кое се однесува на комуникација и активности кои

---

6 Cyber operations & Cyber Terrorism, US Army Training and Doctrine Command 15 August 2015

7 Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам, Југослав Ачковски, 2012

8 Hacking back against cyberterrorists:Could you? Should you?Alan Brill and Jason Smolanoff, 2017.

продираат во државни граници и суверени јурисдикции. Сепак, суверената држава се обидува да го контролира пристапот, со различен степен на успех.

(г) Проточност, која се однесува на леснотијата со која се одвиваат промените во моделите на интеракции, со придружни конфигурации и реконфигурации и појава на нови актери и модалитети на интеракција.

(д) Учество, во смисла дека пристапот до сајбер-просторот веќе покажа како може да се намалат бариерите за активизам и политичко изразување, како и широк спектар на ефекти кои потоа би можеле да се појават.

(ѓ) Наведување, каде што основната сопственост на сајбер-просторот во врска со ова се однесува на неможност на идентификување на актерите, како и врските на актерите со конкретни акции.

(е) Одговорност, која се однесува на отсуство на механизмите на одговорност кои најмногу се должи на недостатокот од можноста за наведување.

Терористите го користат интернетот повеќе од една деценија за свои цели за да ги продолжат своите идеали. Сепак, тие не го користеле интернетот како оружје, но би било наивно да мислиме дека тоа нема да се промени. Терористите користат повеќе софистицирани технологии во сајбер-просторот, при што може да ја оневозможат или да ја нарушат нашата критична инфраструктура или да го користат сајбернападот како секундарен напад на примарниот масовен кинетички напад.

Терористичките групи работат со ограничени ресурси, додека цената на сајбер-операциите е ниска, но за некои со сајбер-напад не ја постигнуваат посакуваната стратешка цел. Ова особено важи за терористичките групи кои сакаат да предизвикаат физичка смрт и уништување. Исто така, сајбер-просторот е неизвесна област и резултатите од сајбер напад не е гарантиран. Меѓутоа, може да се согласиме со еден автор дека сајбер-тероризмот во иднина ќе претставува нова „фатална привлечност”[9] за голем број на терористи и терористички организации.

## Статистики и примери на сајбер-напади и сајбер-тероризам

Од почетокот на деведесеттите, терористичките организации го користеа интернетот за комуникациски цели. Особено, за време на израелскиот и палестинскиот конфликт, организацијата „Хамас“ беше позната по блокирање на израелските веб-страници, но и обратно. Терористичката група „Ал Каеда“ го користеше интернетот за да ги сподели најдобрите практики и научените лекции со другите милитантни групи. Ќелијата на „Ал Каеда“ во Шпанија, со цел зголемување на финансиската моќ преку сајбер-просторот употребуваше

9 Сајбер-тероризмот како закана кон безбедноста на државата, м-р Јасмин Калач, 2017 година

украдени кредитни картички во фиктивни продажни измами и за бројни набавки на ќелијата.

Естонскиот случај[10] преставува еден од најголемите сајбер-напади кои некогаш се случиле во историјата. Овој случај вклучува серија на сајбер-напади кои започнале на 27.04.2007 година. Тие напади се извршени врз комуникациските и информациски системи на Естонскиот парламент, во банките, министерствата, медиумите, при што предизвикале дестабилизација на државната безбедност. Нападот се случил во време на затегнати односи, после една дипломатска расправија помеѓу Естонија и Русија за дислоцирање на воениот споменик на Советскиот Сојуз во Талин, кога новинарите од Естонија во медиумските извештаи ја обвиниле Руската влада за отпочнување на нападот. По бранот на напади врз виталните институции на Естонија, таа побарала помош од НАТО со цел да развие заедничка стратегија против „сајбер-терористите". На 06.09.2007 година, Министерот за одбрана на Естонија признава дека нема докази коишто ги поврзуваат сајбер-нападите со руските хакери со следната изјава: „Се разбира, во моментов јас не можам со сигурност да тврдам дека сајбер-нападите биле организирани од Кремљ или други руски владини органи", рекол Џек Авиксо во интервју на Естонскиот втор телевизиски канал. Русија ги отфрлила обвинувањата и ги нарекла неосновани, бидејќи тие имале цел да ги дестабилизираат добрите соседски односи помеѓу двете земји. Од друга страна, ниту НАТО ниту експертите на Европската комисија не успеале да најдат докази за вмешаност на руските службеници во тие настани На 10.03.2009 година целата ситуација станува појасна со изјавата дадена од страна на Константин Голоскоков, комесар во Кремљ, поддржан од младинската група „Наше", во која изјавил дека ја презема одговорноста за сајбер-нападите.

Меѓу последните примери на сајбер-тероризам е употребата на вирусот „Stuxnet", конструиран да ги саботира нуклеарните објекти на Иран во септември 2010 година. Целта била иранската фабрика за збогатување ураниум „Natanz". Саботажа беше суптилна, така што оператори во фабриката не можеа да ја одредат причината. Според безбедносната фирма за системи за контрола „Langner Communications", „Stuxnet" вирусот се обидува да ги наруши системите за контрола на турбините. Оваа теорија сугерира дека вирусот бил создаден за иранската нуклеарна централа „Bushehr", како и за фабриката за збогатување ураниум „Natanz". Поради техничка софистицираност на „Stuxnet" вирусот може да се претпостави дека одредени држави се во позадина на овој сајбер-напад.[11]

Република Македонија како земја која ги користи ресурсите и погодностите

10 Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам, Југослав Ачковски, 2012.

11 Cyber terrorism after Stuxnet, Thomas M. Chen, U.S. Army War College,Strategic Studies Institute, June 2014

кои ги нуди интернетот, а со самото тоа е поврзана во сајбер-просторот, е подложна на сајбер-напади и сајбер-тероризам. Прикажаните статистики не се официјални и не се споредливи затоа што се правени со користење на различни методологии. Сепак, оваа статистика дава ориентационен преглед за предизвиците во областа на сајбер-безбедноста кои нè очекуваат во иднина.

Во 2008 година, официјалната веб-страница на бившиот претседател на Република Македонија, Бранко Црвенковски, беше нападната од страна на група хакери од Косово, од Албанија и од Грција.[12]

Според наодите на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и статистиката за сајбер-нападите, во 2017 година во периодот од јануари до октомври биле нападнати 328 македонски веб-страници.[13]

Во 2016 година од вкупно 294 веб-страници над кои успешно се извршени напади, 15 се на доменот .gov.mk и 7 на доменот .edu.mk. Во табелата е прикажан број на успешни напади на веб-страници од врвен домен .mk за секој месец во 2016 година.[14]

| Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек | Вкупно во 2016 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 77 | 16 | 18 | 42 | 16 | 32 | 10 | 19 | 12 | 30 | 4 | 18 | 294 |

Табела – број на успешни напади на .mk веб страници

Во согласност со податоците на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти од 2017 година:[15]хакерите напаѓаат на секои 39 секунди; еден од три американци бил жртва на хакерски напад во минатата година; 95% од сите податоци чијашто безбедност била нарушена во 2016 година потекнуваат од три области: јавен сектор, технолошки индустрии и продажба на мало; околу милијарда кориснички сметки биле компромитирани во 2016 година; 43% од сајбер-нападите се насочени кон малите бизниси; просечната загуба од нарушувањата на безбедноста на податоците во 2020 година ќе надмине 150 милијарди долари; 64% од компаниите се жртви на веб-базирани напади; од 2013 година наваму, секоја секунда се крадат по 44 записи, односно над 3.8 милиони записи дневно; 70% од компаниите за нафта и гас биле хакирани; над 75% од здравството и медицинската индустрија биле инфицирани со штетен софтвер;

12 Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам, Југослав Ачковски, 2012.

13 http://makfax.com.mk/daily-news од 13.11.2017„Годинава 328 македонски веб-страници цел на сајбер-напади“

14 http://faktor.mk/intervju-mkd-cirt-navalica-na-hakerski-napadi-potrebna-e-seopfatna-sajber-strategija-vo-makedonija

15 https://mkd-cirt.mk/2017/04/06/zagrizhuvachki-statistiki-za-sajber-be/

штетата предизвикана од сајбер-криминал до 2021 година ќе достигне шест трилиони долари годишно; средниот број на денови кога напаѓачите успеваат да останат прикриени во мрежата на жртвата, пред да бидат откриени, е над 200 дена; просечното време потребно за откривање на злонамерен или криминален напад од глобален примерок е 170 дена; трошоците за сајбер-безбедност ќе надминат еден трилион долари од 2017 до 2021 година; сајбер-криминалот ќе ги оштети бизнисите над 2 трилиони долари до 2019 година; во 2020 година бизнисите глобално ќе потрошат над 100 милијарди долари на сајбер-безбедност, што е зголемување за 38% од проценетите 73 милијарди долари за 2016 година со најголеми трошоци во банкарскиот сектор; географски САД ќе потрошат 31 милијарди долари на алатки и сервиси за сајбер-безбедност, а Западна Европа 19 милијарди долари; предложениот федерален буџет за сајбер-безбедност во САД за 2017 година е 11 милијарди долари; во 2017 година ќе има 8.4 милијарди поврзани информатички уреди, а од 50 до 200 милијарди поврзани уреди до 2020 година; се проценува дека до 2020 година, 4 милијарди луѓе ќе бидат он-лајн, двојно повеќе отколку денес; 99% од компјутерите се подложни на софтверски ранливости; трите најголеми сајбер-закани во 2016 година биле социјалниот инженеринг; 66%: од професионалците ги идентификувале „фишингот“ и социјалниот инженеринг како врвни закани; само во март 2016 година се забележани 56.000 инфекции со рансомвер; повеќе од 4.000 напади од рансомвер се случиле секој ден од почетокот на 2016 година; 52% од организациите кои биле жртви на успешен сајбер-напад во 2016 година, не направиле никакви промени за подобрување на безбедноста во 2017 година; само 38% од глобалните организации тврдат дека се подготвени за софистициран сајбер-напад.

## Мерки на сајбер-одбрана во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната

Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната го користат сајбер-просторот (комерцијални телефонски линии, интернет, комерцијални услуги и сл.) за размена на информации од интерес за одбраната. Зависноста од можностите за меѓусебната комерцијална поврзаност која го дава сајбер-просторот ја зголемува загриженоста дека критичните слабости во сајбер-безбедноста може да се искористат од терористички организации кои можат да направат штета. Сајбер-просторот овозможува поголема ефикасност на модерните воени сили со користење на помалку ресурси.

Основна разлика помеѓу комерцијалните комуникациски и информациски системи и комуникациските и информациски системи кои се користат во одбраната е дека комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната имаат повеќе дисциплина и имаат строго структуриран пристап во дизајнот и во развојот, како и на меѓусебните врски помеѓу комуникациските и

информациските јазли. За разлика од приватниот сектор, во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната постојат одредени нивоа на мрежи врз основа на побарувањата од класификација на информациите, така што во однос на класификацијата на информациите се дизајнираат и се развиваат посебни одвоени мрежи за пренос на класифицирани информации од „Државна тајна“ до некласифицирани информации. Комплексноста на комуникациските и информациски системи кои се користат во одбраната може да се види и од фактот дека информациските сервиси се имплементираат од стратегиско ниво па сè до најниско ниво на војник-борец, односно до персоналната информатичка мрежа.

Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната честопати се цел на сајбер-тероризам. Голема е веројатноста дека сајбер-нападите за уништување, онеспособување или преземање на контролата на комуникациските и информациските системи ќе бидат надвор од земјата која е цел на сајбер-нападот.

За да го одржи чекорот со брзо променливите закани и за да одржува робусна сајбер-одбрана, НАТО прифати политика и акционен план кој беше прифатен на Самитот во Велс во септември 2014 година. Сојузниците на Самитот во Варшава во 2016 година прифатија да ги зајакнат и да ги подобрат капацитетите за сајбер-одбрана на националните информатички инфраструктури како врвен приоритет.[1]

Со цел имплементација на подобра сајбер-одбрана, НАТО започна план за модернизација на комуникациските и информациските системи со имплементација на приватна комуникациска и информациска инфраструктура базирана на „облак“ како сервис.

Комуникациската и информациска инфраструктура базирана на „облак“ како сервис се дефинира како голема дистрибуирана компјутерска парадигма која се движи со економичност, со виртуелна, динамички-скалабилна, управувана компјутерска моќ, со простор за складирање, платформи и услуги кои се испорачуваат на барање на надворешни корисници преку интернет[2]. Воедно, може да се дефинира и како модел за овозможување на сеприсутен, соодветен, мрежен пристап по барање на заеднички базен на конфигурирани компјутерски ресурси (на пример, мрежи, сервери, складирање, апликации и услуги), кои можат брзо да се обезбедат и да се ослободат со минимални напори за управување или интеракција на давателот на услуги.[3]

Во комуникациската и информациска инфраструктура на НАТО ќе се имплементираат мерки за сајбер-одбрана. Со модернизацијата на комуникациските и информациски системи на НАТО ќе се постигне централизиран менаџмент и

1 НАТО-енциклопедија 2017 година.

2 Ian Foster, Yong Zhao, Ioan Raicu, Shiyong Lu, „Cloud Computing and Grid Computing 360-Degree Compared“.

3 US Department of Commerce, National Institute of Standards and Technology (NIST)

централизирана инфраструктура.[4]

Во согласност со наведените определби на НАТО за миграција на комуникациските и информациските мрежи кон приватна информатичка инфраструктура базирана на „облак“ како сервис, логично е да се заклучи дека овој концепт е насока за иден развој на комуникациските и информатичките мрежи на одбраната во Република Македонија.

Еден начин на имплементирање на ефикасни мерки за сајбер-одбрана во комуникациските и информатичките мрежи кои се користат во одбраната е моделот на најдобри практики на „SANS Technology Institute“5од САД, кој се води под називот „20 критички безбедносни контроли за ефективна сајбер-одбрана во комуникациските и информациските системи“.6

Безбедносните контроли, во согласност со моделот, го опфаќаат следното:

1. Попис на овластени и на неовластени уреди. Се остварува преку активно управување со сите хардверски уреди во комуникациската и информациската мрежа. Овој начин на управување овозможува инвентарирање, следење и коригирање на уредите во комуникациската и информациската мрежа. Со управувањето ќе се дозволи пристап во комуникациската и информациската мрежа на одобрени уреди, додека на уредите кои не се одобрени или не се препознаваат ќе им се оневозможи нивниот пристап во комуникациската и информациската мрежа.
2. Попис на овластен и неовластен софтвер. Се остварува преку активно управување со сите софтвери во комуникациската и информациската мрежа. Овој начин на управување овозможува вршење на инвентарирање, следење и коригирање на сите софтвери и апликативни сервиси во комуникациската и информациската мрежа. Со управувањето ќе се дозволи пристап во комуникациската и информациската мрежа само на одобрените софтвери и апликативни сервиси, додека на софтверите кои не се одобрени или не се препознаваат ќе им се оневозможи нивната инсталација и стартување.
3. Безбедни конфигурации за хардверот и софтверот на лаптоп-компјутери, работни станици и сервери. Се остварува преку воспоставување, имплементирање и активно управување со безбедносните конфигурации на работните станици, лаптоп-компјутерите и серверите. Вака воспоставеното управување ќе овозможи следење, добивање на извештаи и коригирање на сите софтверски конфигурации. Со користење на безбедно поставени софтверски конфигурации и со контролирање на промените на истите ќе се овозможи заштита од напаѓачите кои ќе сакаат да ги искористат слабостите на софтверските конфигурации.

4 NATO C4ISR Industry Conference&TechNet International 2014, NATO Communication and Information Agency

5 https://www.sans.org/

6 https://www.sans.org/media/critical-security-controls/Poster_Fall_2014_CSCs_WEB.PDF

4. Континуирана процена на ранливост и санација на слабостите. Се остварува преку прибирање на потребните информации, вршење на постојани процени на заканите и воедно преземање на потребни мерки и постапки со цел идентификување на слабостите, веднаш да се изврши санација на слабостите за минимизирање на можностите на напаѓачите.
5. Заштита од штетен (малициозен) софтвер „Malware". Се остварува преку постојана контрола на инсталацијата, ширењето и извршувањето на штетниот софтвер или извршување на неговите штетни кодови. Мерките и постапките мора да се спроведуваат на повеќе точки во комуникациската и информациската мрежа, а во исто време да се врши оптимизација на комуникациската и информациската мрежа со брза надградба на одбраната преку прибирање на потребните податоци и преземање на корективни акции.
6. Безбедност на апликативниот софтвер. Се остварува преку управување со безбедносниот животен циклус на сите софтвери кои се од сопствено производство и на оние софтвери кои се набавени, со цел спречување, детектирање и корегирање на безбедносните слабости.
7. Контрола на безжичниот пристап. Се остварува преку преземање на мерки и користење на алатки за следење, контрола, оневозможување и корегирање на безбедноста на безжичните локални информатички мрежи, на пристапни точки и на клиентите на безжичните мрежи.
8. Способност за обнова на податоците. Се остварува со процеси и алатки со помош на кои се врши враќање на критичните информации со помош на докажана методологија за навремено враќање на истите.
9. Процена на безбедносните вештини и соодветна обука за надминување на недостатоците. Се остварува така што сите функционални улоги во организацијата (со приоритет на оние улоги кои се критични за бизнисот и неговата безбедност), треба да ги идентификуваат специфичните знаења, вештини и способности потребни за поддршка на одбраната на организацијата; да се развие и да се спроведе интегриран план за процена, идентификација на празнините и санирање на истите преку политики на планирање, обука и програми за зголемување на безбедносната свест.
10. Безбедни конфигурации на фаерволите, рутерите и свичовите. Се остварува преку воспоставување, спроведување и активно управување (следење, известување, корекција) со безбедносна конфигурација на уредите во мрежна инфраструктура со користење на конфигурациски менаџмент и можност за контрола на процесите, со цел да се спречат напаѓачите да ги искористат ранливите сервиси и приспособувања.
11. Ограничување и контрола на мрежните порти, протоколи и сервиси. Се остварува преку менаџмент (следење, контрола, корекција) на тековните оперативни употреби на портовите, протоколите и услугите на мрежните уреди, со цел да се намалат можностите за ранливост која ќе им биде на

располагање на напаѓачите.

12. Контролирана употреба на административните привилегии. Се остварува преку процеси и алатки кои се користат за следење, контрола, спречување, корекција, доделување и конфигурација на административни привилегии на компјутери, мрежи и апликации.
13. Одбрана на граничните сегменти од мрежата. Се спроведува преку детектирање, спречување, корекција на протокот на информации во мрежата со различни нивоа на доверба, со фокус на штетни податоци за безбедноста.
14. Одржување, следење и анализа на креираните логови. Се остварува преку собирање, менаџирање и анализирање на креираните логови на настани кои можат да помогнат да се детектираат, да се разберат или да се повратат после нападот.
15. Контролиран пристап врз основа на принципот „потребно е да знае“. Се остварува преку процеси и алатки кои се користат за следење, контрола, спречување, корекција на безбеден пристап до критичните ресурси (на пример, информации, ресурси, системи) во согласност со формалните определби на кои лица, компјутери и апликации имаат потреба и право на пристап до овие критични ресурси врз основа на одобрена класификација.
16. Контрола и следење на корисничките профили. Се остварува преку активно менаџирање со животниот циклус на системот и корисничките профили, нивна изработка, употреба, бришење, со цел да се минимизираат можностите напаѓачите да ги искористат.
17. Заштита на податоците. Се остварува преку процеси и алатки кои се користат за да се спречи извлекување на податоци, ублажување на ефектите од извлекувањето на податоци и да се обезбеди приватноста и интегритетот на чувствителните информации.
18. Одговор и управување со инциденти. Се остварува преку заштита на информациите на организацијата, како и на нејзиниот углед, преку развивање и имплементација на инфраструктура која може да одговори на инцидентот (на пример, планови, дефинирани улоги, обука, комуникација, менаџмент) за брзо откривање на нападот, а потоа ефикасно да се санира штетата, искоренување на присуството на напаѓачот и враќање на интегритетот на мрежата и системите.
19. Инженеринг на безбедна мрежа. Се остварува преку креирање на безбедност на мрежата на организацијата преку специфицирање, проектирање и вградување на карактеристики кои овозможуваат висок степен на оперативна доверба, додека во исто време оневозможуваат или вршат минимизирање на можностите за напаѓачите.
20. Тестирање на упади и вежби со „црвениот тим“. Се остварува преку тестирање на целокупната моќ на одбраната на организацијата (технологијата, процесите и вработените) со симулирање на целите и активностите на на-

паѓачот.

Со цел постигнување на сеопфатна сајбер-одбрана во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната, освен моделот на најдобри практики на „SANS Technology Institute“, потребно е дополнително да се имплементираат насоки за раководење со процесите и процедурите во организацијата за одговор на сајбер-инциденти и истекување на лични или класифицирани информации, процедури за безбедносна проверка на вработените, безбедност на вработените, како и безбедносни процедури во делот на физичката безбедност на комуникациските и информациските системи со кои ќе се постигне потребната отпорност на сајбер-напади и сајбер-тероризам.

**Заклучок**

Масовното користење на сајбер-просторот доведе до голема зависност во светот во кој доминира трката за информации и за комуникациски технологии. Терористичките организации и во иднина ќе го користат сајбер-просторот за изведување на сајбер-тероризам за остварување на сопствените цели. Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната во голема мерка ќе продолжат да го користат сајбер-просторот за размена на информации од интерес за одбраната. Комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната ќе продолжат да бидат легитимна цел на сајбер-тероризмот и затоа е потребно да се преземат мерки за адекватна сајбер-одбрана.

Од горенаведеното може да произлезат неколку предлози за подобрување на сајбер-одбраната во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната, а тие се следниве:

да се изработи стратегија за сајбер-одбрана во одбраната која ќе биде во согласност со Национална стратегија за сајбер-безбедност на Република Македонија;

да се дефинира критична инфраструктура од интерес на одбраната која може да биде цел на сајбер-напади;

да се изработат планови за миграција кон приватна комуникациска и информациска инфраструктура за потребите на одбраната, базирана на „облак“ како сервис;

во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната да се имплементира моделот на најдобри практики „20 критички безбедносни контроли за ефективна сајбер-одбрана во комуникациските и информациските системи“ на „SANS Technology Institute“;

да се изработат насоки за раководење со процесите и процедурите во комуникациските и информациските системи кои се користат во одбраната за одговор на сајбер-инциденти и истекување на класифицирани информации;

да се продолжи со редовните безбедносни проверки на вработените, подобрување на безбедноста на вработените и на безбедносните процедури во делот на физичката безбедност на комуникациските и информациските системи кои се користат за потребите на одбраната.

**ЛИТЕРАТУРА:**


Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам, Југослав Ачковски, 2012. http://eprints.ugd.edu.mk/10870/1/Skripta%20za%20Sigurnost%20na%20kompjuterski%20sistemi%2Ckompjuterski%20kriminal%20i%20terorizam_revJA_2.pdf

Сајбер тероризмот како закана кон безбедноста на државата, М-р Јасмин Калач, 2017 година.

https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/01/sajber-terorizam.pdf

http://makfax.com.mk/daily-news од 13.11.2017 „Годинава 328 македонски веб-страници цел на сајбер-напади“

http://faktor.mk/intervju-mkd-cirt-navalica-na-hakerski-napadi-potrebna-e-seopfatna-sajber-strategija-vo-makedonija

https://mkd-cirt.mk/2017/04/06/zagrizhuvachki-statistiki-za-sajber-be/

The Ultimate Terrorists, Stern, Jessica, Cambridge, MA: Harvard University Press, 1999 година.

https://mcrl.libguides.com/ld.php?content_id=31451584

НАТО енциклопедија 2017 година. https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_publications/20180201_2017-nato-encyclopedia-eng.pdf.

Cloud Computing and Grid Computing 360-Degree Compared, Ian Foster, Yong Zhao, Ioan Raicu, Shiyong Lu.

US Department of Commerce, National Institute of Standards and Technology (NIST).

Cyber mutual assistance workshop report, Carnegie Mellon University, Software Engineering Institute, Fevruary 2018.

http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/1048613.pdf

Cyber terrorism after Stuxnet, Thomas M. Chen, U.S. Army War College,Strategic Studies Institute, June 2014

http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a603165.pdf

Hacking back against cyberterrorists:Could you? Should you? Alan Brill and Jason Smolanoff, 2017. http://www.tmmm.tsk.tr/publication/datr/volume9-2017/02-Hacking_Back_Against_Cyberterrorists_Could%20you_Shouldyou.pdf

NATO C4ISR Industry Conference&TechNet International 2014, NATO Communication and Information Agency https://www.eiseverywhere.com/file_uploads/09fa2f252acff2485fbc52abdfd6171f_NATOCloudforBucharest_CMC_Comms.pdf

https://www.sans.org/

https://www.sans.org/media/critical-security-controls/Poster_Fall_2014_CSCs_WEB.PDF

Cyber operations & Cyber Terrorism, US Army Training and Doctrine Command 15 August 2015.

http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a456238.pdf

Emerging Trends in Cyberspace: Dimensions & Dilemmas, Nazli Choucri, MIT, 2012

New tools for Cyber Terrorism, Alex N. Kuriatnyk LCDR, USN, Air Command and Staff College, December 2010 http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/1019319.pdf

Building an adaptive cyber strategy, Zachary M. Smith, Major, USAF, Air Command and Staff College, June 2016.

http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/1031577.pdf

Cyber warfare/Cyber Terrorism, Lieutenant Colonel Timothy F. O'Hara United States Army, May 2004.

http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a424310.pdf

Global military communication, October 2017.

http://www.satelliteevolutiongroup.com/magazines/GMC-October-20171/content/Issue.pdf

323.285:179.7]:316.75
Стручен труд

# САМОУБИСТВЕНИ ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАДИ – ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА И НА ОБРАЗОВНАТА КОМПОНЕНТА

**Сашо ТАСЕВСКИ**[1]
**Сашо ПАНЧЕВСКИ**[2]

**Abstract**: *Комплексноста на проблемот со кој се соочуваме во обидот да се појаснат причините поради кои едно човечко суштество се одлучува на еден таков деструктивен акт, укажува на влијанието на повеќе аспекти од кои ќе се задржиме на дел од нив.*
*Во овој труд се опфатени самоубиствените терористички напади како најекстремна форма на тероризмот, низ призмата на социјалната и на образовната компонента на едно општество, иако тие не претставуваат единствени постулати врз кои се врши регрутација на извршители на самоубиствени напади, туку само делови од мозаикот кои се вешто искористени од страна на терористичките организации.*
*Целта на овој пристап е да го согледаме влијанието на терористичките организации и нивната манипулација со егзистенцијалните потреби на човекот. Поради тоа се укажува на потребата и активно учество од страна на државните механизми, во насока на минимизирање на општествените услови и овозможување на плодна почва за демонстрација на екстремистички идеологии. Во спротивно, вакуумот создаден од слабата ефикасност на еден општествен поредок води кон злоупотреба и наметнување на влијание на терористичките организации и нивната идеологија. Ваквата состојба овозможува регрутација на извршители на самоубиствени напади, а воедно и ја презентира терористичката кауза, како и целите за кои се извршува саможртвувањето.*
*Авторите на овој труд во завршните согледувања заклучуваат дека борбата против самоубиствени терористички напади опфаќа повеќе мерки. Истите не можат да се анализираат само низ призмата на репресивните (казнени) мерки на институциите на системот или воената аналогија, но потребни се активности и од превентивен аспект во насока на анулирање на состојбите или околностите кои доведуваат до овие форми на тероризам.*
*Во трудот се употребени следните научно-истражувачки методи, дескриптивен метод, метод на индукција и дедукција, методот на анализа и синтеза, статистичка метода, како и анализа на содржина.*

**Клучни зборови:** *тероризам, терористички организации, самоубиствени терористички напади, идеологија, социјална и образовна компонента.*

1 М-р Сашо Тасевски, доторант на Унивrзитет „Св Климент Охридски"- Битола. Факултет за безбедност -Скопје, sasetasevski@hotmail.com
2 Д-р Сашо Панчевски, saso.pancevski@gmail.com

**Вовед**

Во настојување да го демистифицираме процесот во кој една личност прифаќа одредена идеологија (секуларна или идеолошка) во насока на уништување на сопствениот живот, ќе се обидеме од еден научен апсект да го анализираме влијанието на дел од состојбите кои овозможуваат плодно тло за извршување на самоубиствени терористички напади. Предмет на овој труд претставува влијанието на социјалната состојба и образованието во процесот на донесувањето на одлуката на саможртвување на сопствениот живот во името на одредени повисоки идеолошки цели.

Употребата на терминот „самоубиствен тероризам", односно самоубиствени терористички напади, како акти на тероризам во овој труд, се од причина што овие дејства се квалификувани како такви со одредени нормативи во законодавството на земјите коишто се погодени од овие акти. Исто така и организациите кои стојат зад овие дејства се со истата класификација-терористички организации. Сепак, потребно е да напоменеме дека самиот поим тероризам, самоубиствен тероризам, како и концептот на самоубиствен напад сè уште е предмет на дискусија во научната јавност.

Поимот самоубиствени терористички напади се однесува за начинот на практикување на нападите од страна на терористичките организации, или „Самоубиствен напад е оперативна метода во кој самиот чин на напад е зависен од смртта на извршителот. Ова претставува уникатна ситуација во која терористот е потполно свесен дека доколку не се самоубие, планираниот напад нема да се смета за извршен, или извршителот не може да ја исполни својата мисија и истовремено да биде жив" (IDC Herzliya-Israel, ICT).

Самоубиствените терористички напади претставуваат „модус операнди" на самоубиствениот тероризам, односно истите претставуваат главна метода за остварување на целите на терористичките организации.

Со цел да го истражиме влијанието на социјалната состојба и образованието, како елементи кои придонесуваат во одлуката на еден поединец да изврши самоубиствен терористички напад, ќе извршиме анализа на достапни податоци и информации од повеќе извори кои ги третираат овие појави.

## Социјална состојба

Елементарните услови за пристоен живот имаат свое влијание во поглед на одлуките поврзани со човековото поведение. Нерамномерната распределба на БДП во светот претставува уште едена причина за незадоволство кај сиромашните слоеви на населението. Но, исто така, оваа состојба претставува еден од предусловите за развој на идеолошка матрица на терористички организации, кои во своите настапи ќе се заложуваат за промена на нештата, односно за состојбата.

Одредени изјави на Стејт департментот на САД и на еден поранешен американски претседател, Џорџ Буш, говорат во таа насока.

„Со верување дека сиромаштијата обезбедува подлога за воспитување на тероризам (базирана е развојна програма за помош). Терористичките напади од 11 септември го реафирмираат ова убедување"-Известување на Стејт департментот на САД.

„Ние се бориме против сиромаштијата затоа што се надеваме дека тоа е

одговорот на теророт” -американскиот претседател Џорџ Буш во обраќање на конференција на Обединетите нации во Монтереј во Мексико (Матовиќ, 2006).

Информациите за финансиската компензација на извршителите на самоубиствените терористички напади, кои најчесто ги користеле членовите на нивните семејства, укажуваат на следново. Поранешниот лидер на Ирак, Садам Хусеин, на палестинските бомбаши-самоубијци им исплаќал средства во висина од 25 000 долари по маченик, додека од Саудиска Арабија пристигаа финансии во висина од 5000 долари по маченик (Берман, 2005). Терористичката организација „Хамас“, во периодот 2000-2001 година вршела финансиски надоместок кој се движел од 3000 до 5000 долари на секој бомбаш-самоубиец. Подоцна тој износ бил зголемен до 10.000 долари во 2002 година, при што како резултат на поголемиот финансиски надомест, бројот на самоубиствени напади варирал од 0-14 (Sobek, Rohrer, 2016).

Во тој поглед ќе го посочиме следниот графикон (Графикон 1) на извршени самоубиствени терористички напади во Израел во периодот од 2000 до 2007 година.

Графикон1




*Извор: http://www.jewishvirtuallibrary.org*

Евидентно е зголемен бројот на самоубиствени напади во 2002 година, односно кога имаме зголемување на економските придобивки. Следниот графикон (graph 2) го прикажува бројот на спречени самоубиствени терористички напади од страна на израелските сили за безбедност во периодот од 2000-2006 година. Забележително е зголемување на терористичките активности во временскиот период од 2002-2004 година, што од своја страна би можело да укажува на финансиската компензација.

Graph 2




*Извор:http://www.jewishvirtuallibrary.org*

Во 2000 година се реализирани 4 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 4 самоубиствени напади или се случиле 8 терористички активности. Во 2001 година реализирани се 35 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 56 самоубиствени напади или 91 терористичка активност. Во 2002 година реализирани се 60 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 171 самоубиствен напад или 231 терористичка активност. Во 2003 година реализирани се 26 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 209 самоубиствени напади или вкупно 235 терористички активности. Во 2004 година реализирани се 15 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 367 самоубиствени напади или вкупно, 382 терористички активности. Во 2005 година реализирани се 5 самоубиствени напади, додека израелските сили за безбедност спречиле 96 самоубиствени напади или, вкупно, 101 терористичка активност. Во 2006 година реализиран е 1 самоубиствен напад, додека израелските сили за безбедност спречиле 187 самоубиствени напади или вкупно 188 терористички активности.(http://www.jewishvirtuallibrary.org). Од вкупниот број на случени 1235 терористички активности во периодот 2000-2006 година, 68,66% се случиле во временскиот период од 2002-2004 година. Врз основа на овие индикатори би можеле да кажеме дека во временскиот период 2002-2004 година, од аспект на економските придобивки кај извршителите на самоубиствени терористички напади, ситуацијата е во „најлош" случај иста или економските придобивки се поголеми.

Во други извори кои се однесуваат на Блискиот Исток се вели, по успешно

извршениот самоубиствен напад состојбата на семејството на бомбаш-самоубиец се подобрува, како во поглед на положбата во општеството така и на материјално (економско) ниво. Семејството вообичаено добива парични средства во висина од 1000 до 25 000 долари (Bakken, 2007). Во прилог на овие податоци говорат и други истражувања кои ги третираат економските и психолошките аспекти во процесот на донесување на одлука кај лицата-извршители на самоубиствени терористички напади. Во нив се спомнуваат парични средства во износ од 3000 до 25 000 долари, кои ги добиваат семејствата на бомбашите-самоубијци (Pittel, Rübbelke, 2009).

Истражувачки тим од Универзитетот во Луизијана (LouisianaStateUniversity) САД, проучувајќи ги економските придобивки од самоубиствениот тероризам во Авганистан, укажува на фактот дека во Авганистан со помош на финансиска компензација талибанското движење успешно ја зголемила бројката на извршители на самоубиствени напади. Резултатите од истражувањето се прикажани на следниот графикон (Графикон 3).

Графикон 3




*Извор:Name Your Price: Economic Compensation and suicide terrorism.*

Во периодот од 2000-2005 година талибанското движење исплаќало 250 долари на семејствата на бомбашите самоубијци, при што во период од 5 години се случиле 13 самоубиствени напади. Но кога финансиската надокнада се зголемила на 15 000 долари, во 2006 година, бројот на самоубиствени напади се зголемува на 23 или во 2006 година се извршени повеќе самоубиствени напади отколку во

претходните 5 години кога финансиската надокнада била помала. Бројот на самоубиствени напади и понатаму е висок, во 2007 година 37 напади, во 2008 година 27 напади, односно секогаш кога финансиската надокнада е поголема бројот на извршители на самоубиствени напади се зголемува (Sobek, Rohrer, 2016).

Податоци за регрутирање на припаднички на понежниот пол од Чеченија, „црни вдовици", исто така укажува на економските придобивки од регрутирањето. Сестрите Коку и Аиман Жаждиеви, мајката ги продала за 20 000 долари. Хадчат Ганиева, родена 1986 год, таткото ја продал за 20 000 долари. Марина Бисултанова, родена 1983 год. се обидувала да се врати во својот дом но не и било дозволено од страна на сопругот и таткото, при што таткото бил парично награден. Мајката на Заира Јулајева, родена 1978 год. била наградена со 30 000 долари. Сите девојки биле мажени за вахабисти и загинале во заложничката криза во театарот „Дубравка" во Москва, на 22 октомври 2002 година (Матовиќ, 2006).

Ïîðàíåøíèîò ëèäåð íà ÒÒÏ (Студентско движење на Пакистан или ТТП), Áå¼òóëà Ìåõñóä, èì èñïëà□àë ïî 1.000.000 ïàêèñòàíñêè ðóïèè (îêîëó 14.000 àìåðèêàíñêè äîëàðè) íà ñåìå¼ñòâàòà çà „êóïóâàœå" íà åäíî äåòå íà 7-ãîäèøíà âîçðàñò, êîè ïîäîöíà ñòàíóâàëå áîìáàøè-ñàìîóáè¼öè çà ÒÒÏ èëè íåêî¼à íå¼çèíà ïîäðóæíèöà (Lanche, 2009). Âðñêèòå ñî òàëèáàíòñêîòî äâèæåœå âî Àâãàíèñòàí ïîñòî¼àíî ðàñòåëå, îäðåäåí áðî¼ íà ïàêèñòàíñêè äåöà áèëå ïðèâåäåíè âî Àâãàíèñòàí îä òàìîøíèòå áåçáåäíîñíèòå ñèëè, íåïîñðåäíî ïðåä äà ãî èçâðøàò ñàìîóáèñòâåíèîò íàïàä. Î÷èãëåäíî å äåêà ëèäåðîò íà ÒÒÏ ðàçâèë òðãîâè¼à ñî äåöàòà è èñòèòå ìîæåëå äà ãè êîðèñòàò è äðóãè òåðîðèñòè÷êè îðãàíèçàöèè çà ñâîè öåëè ñî îäðåäåí ïàðè÷åí íàäîìåñòîê. Економската мотивација во изминатите неколку години претставува моќен фактор за регрутација на претставниците на пониското слој следбеници на ТТП во насока на извршување на самоубиствени мисии. Оваа терористичка организација, во периодот од ноември 2007 до мај 2009 год. по разни основи (најчесто од криминални активности, изнуди, насилство и др.), успеала да собере парични средства во висина од 7,34 милиони до 8,49 милиони американски долари (Feyyaz, 2013). Несомнено е дека дел од тие средства се користат за регрутација на извршители на самоубиствени напади.

Единствениот преживеан од самоубиствената терористичка мисија во Мумбаи (Индија, 2008 година), Мохамед Аџмал Касаб, во судскиот процес сведочел дека на неговиот татко му биле ветени 2000 британски фунти од страна на терористичката организација „Лашкар-е-Таиба".(Pittel, Rübbelke, 2009). Условот за паричниот надоместок бил учеството на Мухамед во самоубиствената мисија во Мумбаи и жртвување на неговиот живот во името на организацијата.

Професорот Бери Хоровиц (Barry Horowitz) и д-р Линтон Велс (Dr. Linton Wells III) од Универзитетот „Вирџинија" во САД (University of Virginia), изработија модел (Дијаграм 1) за начинот на кој терористичките организации регрутираат извршители на самоубиствени напади. Во моделот е претставено влијанието на културата и на економијата како фактори кои придонесуваат во регрутацијата на извршители на самоубиствени напади.

Дијаграм 1




*Извор:Suicide Bombers-Profiles, Methods and Техники*

Од презентираниот диаграм 1 забележуваме дека покрај останатите параметри кои имаат свое влијание во насока на креирање на извршители на самоубиствени напади присутни се и економските фактори. Во нив се нагласува сиромаштија, мала можност за вработување и парична награда за семејството, како дел од причините за регрутација на извршители на самоубиствени напади. Моделот јасно укажува на влијанието на економските фактори во целокупниот процес на регрутација на самоубиствените напаѓачи.

Образование

Нивото на едукација како и видот на образованието кај извршителите на самоубиствени напади, во одредена смисла го детерминира и степенот на идеолошката застапеност во свеста кај извршителите на самоубиствени напади.

Примерот со израелско-палестинскиот конфликт ни дава корисни

информации во таа насока. Авторот на книгата-,,Самоубиствен тероризам како се станува маченик", Виолета Матовиќ, презентира податоци од истражувањата со бомбашите самоубијци во врска со израелско-палестинскиот конфликт. Имено, во едно истражување извршено во Израел кое го опфаќа периодот од 1993 до 2003 год. извршена е анализа во поглед на образованието и идеолошката застапеност на претставници на терористички организации кои извршуваат самоубиствени напади и претставници на терористички организации кои не извршуваат самоубиствени напади, односно не се вклучени бомбаши-самоубијци во извршување на терористичките акции. Базата на податоци содржи 80 извршители на самоубиствени напади и 663 извршители на терористички акти, без елементи на самоубиствен напад (Матовић, 2006). Во истражувањето, освен бомбашите-самоубијци (како поединци), опфатени се останатите структури на терористичките организации (лидери на ќелии, лица кои регрутираат, како и останати претставници на повисоко хиерархиско ниво), кои во насока на остварување на целите на терористичката организација применуваат самоубиствени мисии, како и структури на терористички организации кои не извршуваат самоубиствени напади, односно не се вклучени бомбаши-самоубијци во извршување на терористичките акции.

| | Основно училиште | Средно училиште | Делумно академско | Академско |
|---|---|---|---|---|
| Ниво на образование на бомбашите-самоубијци | 12,7% | 52.5% | 27,1% | 7,6% |

| Вид на Образование | Секуларно | Религиозно |
|---|---|---|
| Однос во проценти | 17% | 83% |

*Извор: Матовић, В. (2006) „Самоубилачки тероризам, како се постаје мученик".*

Податоците во Табелата 1 ни укажуваат на следните констатации. Најголемиот број на бомбаши-самоубијци се со завршено средно образование (52,5%) и истото е од религиозен карактер (83%). Извршителите на самоубиствените напади во најголем дел ја потенцирале религиозната идеологија (72%). Образованието од

религиозен карактер, односно начинот на кој истото се перцепира во палестинското општество, има големо влијание на индивидуално ниво (во насока на креирање на бомбаши-самоубијци). Слично како и кај бомбашите-самоубијци, податоците за останатите структури на терористичките организации (Табела 2) кои применуваат самоубиствени мисии, укажуваат на следните констатации.

Табела 2

| Идеологија на самоубиствените терористи | Религиозно | Нaционалистичка | Лево национална |
|---|---|---|---|
| Однос во проценти | 72% | 26% | 2% |

*Извор: Матовић, В. (2006) „Самоубилачки тероризам - како се постаје мученик"*

Структурите на терористичките организации, кои применуваат самоубиствени терористички тактики, се најчесто со религиозно образование (83%) и идеолошки застапуваа ставови на религиозна основа (76%). Учеството на религиозното образование кај структурите на несамоубиствениот тероризам е 64% и идеолошки застапуваат националистички (32%) и лево-национални ставови (36%). Присуството на религиозни елементи во образованието и ставовите кои ги застапуваат терористичките организации, репрезенти на самоубиствениот тероризам, укажува на високиот процент на имплементирање на религијата и религиозното образование во политиката на терористичката организација. Сепак, неминовно се поставува уште едно прашање поврзано со образованието, односно неговиот квалитет. Можен одговор на ова прашање не е во издадениот документ на некоја институција за степенот на образование, туку во видот на образованието. Кога ќе се каже на видот на образование не се мисли само на секуларното и религиското образование, туку и на информациите кои се добиваат со текот на школувањето. Инсистирање на образовните програми кои опфаќаат тесен поглед кон науката, ориентирајќи се само кон научните достигнувања внатре во муслиманската заедница, има резултат со кој се исполнети сите обврски предвидени со програмата кои треба да ги задоволи еден студент, но од институцијата излегува со недостаток на информации кои можат да ги сменат погледите на животот и светот. Раната историја на муслиманската заедница покажува нетрпеливост кон научните достигнувања надвор од нивните граници. Дискутабилни се и критериумите кои се поставени во образовните институции, посебно во палестинските услови на постојани судири, како и индивидуалната заинтересираност за образование. Недостатокот на овој статистички податок

е тоа што не може да се спореди нивото на знаење означено со диплома ниту компарација со случаите што се набљудуваат внатре, исто така не може да се изврши компарација и со таканаречена контролна група од некој друг образовен систем во светот (Матовиħ, 2006).

Образованието (секуларно или религиозно) и идеологијата за која го жртвуваат сопствениот живот, можат да бидат во корелација, но очигледно е присуството и на други елементи во општеството за да се создадат услови за еден таков деструктивен акт на саможртва во име на одредена кауза. Во истражувањето под наслов „Економските услови и квалитетот на самоубиствениот тероризам" (2010 год.), исто така, се укажува на силната корелација помеѓу образованието, економските услови и терористите самоубијци на Блискиот Исток (Палестина). Поточно, големата стапка на невработеност и слабата економија овозможува терористичките организации да регрутираат образовани, зрели и искусни терористи-самоубијци, кои за возврат напаѓаат поважни цели.(Benmelech, Berrebi, Esteban, 2010). Во контекст на религиозното образовани ќе го спомeнеме случајот со Пакистан. Имено, во периодот на независноста на Пакистан (1947 год.) во државата постоеле 245 верски училишта (Медреси). Во нив било застапено верското образование, но биле и дом на многу сираци во земјата. Религијата во медресите се изучувала во духот на високите морални вредности и водењето на праведен живот. За време на конфликтот во Авганистан (2001 год.), медресите во Пакистан се зголемуваат 28 пати, од 245 во времето на независноста на 6870 во 2001 година. Истите претставувале бесплатен образовен систем кој егзистирал паралелно со државниот. Причините за ваквиот развој била лошата состојба во која се наоѓале државните училишта, како и образовниот систем во земјата, имено 15% од нив се наоѓале во несоодветен објект, 52% од училниците немале гранични ѕидови, во 40% немало вода, 71% се без електрична енергија, често отсуство на наставниците од училиштата, како и постоењето на голем број училишта само на хартија. Ваквите состојби продуцирале политизација на религиозното образование и прокламирање на тврдокорен вахабизам, особено во северозападните делови на Пакистан, при што како краен производ во 2002 година, покрај останатите фактори, се создала плодна почва за самоубиствените терористички напади во земјата (Naqvi, Kazim, Huma, 2011).

Научниците М. Најеб Шафик (M.Najeeb Shafiq) и Абдулкадер Х. Сино (Abdulkader H.Sinno) од Универзитетот „Индијана" (Indiana University) – САД, извршиле истражување во врска со влијанието на образованието и приходите врз јавната поддршка за извршување на самоубиствени бомбашки напади. Во студијата се опфатени шест земји, главно муслимански: Индонезија, Јордан, Либан, Мароко, Пакистан и Турција, кои имаат искуство со самоубиствени бомбашки напади. Исто така, во студијата се опфатени два прилози (пристапи), при што првиот е претставен преку концептуалниот модел, додека вториот преку две различни цели на самоубиствените бомбашки напади: цивили во

рамките на земја-испитаник и Западот со своето воено и политичко присуство во Ирак во тој период (Najeeb, Sinno, 2009). Податоците од студијата велат дека повисокиот степен на образование влијае во насока на обесхрабрување на јавната поддршка за самоубиствени напади врз цивили во Индонезија и Пакистан, но ја охрабрува таквата поддршка во Јордан. Повисокиот степен на образование во Индонезија и во Јордан ја охрабрува јавната поддршка за самоубиствените напади на западни цели во Ирак. Поголемите приходи во Јордан и во Пакистан ја обесхрабрува јавната поддршка за самоубиствени напади врз цивилни цели. Во Мароко, пак, ситуацијата е спротивна, поголемите приходи ја охрабруваат јавната поддршка за самоубиствени напади врз цивилни цели. Во Турција, во Јордан и во Пакистан поддршката е условена со приходите, односно поголемите приходи ја обесхрабруваат јавната поддршка кон западни цели во Ирак. Во Либан, поголемите приходи водат кон поголема поддршка за самоубиствени напади врз западни цели во Ирак.

Врз база на различните наоди во студијата, заклучокот на авторите на истражувањето е дека генерализацијата во поглед на образованието и приходите во различни муслимански земји е многу сложена операција. Причините за тоа се различностите кои ги сретнуваме во земјите во поглед на образованието, приходите, како и целите на напад. Исто така, се потенцира и видот, односно содржината на образованието со кое се стекнува поединецот, бидејќи истото се разликува во секоја земја одделно. М.Наjеб Шафик (M.Najeeb Shafiq) во врска со тоа вели „Секоја земја е различна, и ставовите се различни во зависност од целите", (Najeeb, Sinno, 2009). Општиот заклучок на студијата е дека луѓето кои се со повисок степен на образование силно се противат на самоубиствени бомбашки напади чија цел се цивили во нивните земји.

**Заклучок**

Врз основа на истражувањето можеме да заклучиме дека кога модерните општествени придобивки-образованието и социјалната состојба, на одреден начин не придонесуваат за благосостојба на поединецот во општеството, истите влијаат во насока на донесување на одлука за радикализирање на одредени состојби. Состојбата дополнително се усложнува со присуството на одредена организирана форма, односно терористичка организација која овие состојби ги согледува како своја шанса за етаблирање на политичката сцена, каде што како краен продукт се појавува извршување на самоубиствен напад.

Под образование потребно е да се појасни дека видот на образование претставува еден од факторите за доброволното прифаќање на саможртвувањето, лицата со верско образование се повеќе подложни на верска индоктринација и најчесто се среќаваат како извршители на самоубиствени напади. Кога говориме за верското образование мислиме на образование кое има политичка индоктринација во околности на постојан притисок (општествен, економски итн.)

врз поединецот и борбата за подобар живот, при што ги продуцира радикалните форми на прифаќање на религијата. Исто така, дискутабилни се и критериумите за образование од секуларен карактер, во услови на постојани судири, како и квалитетот на информациите (знаење и вештини) со кои се стекнуваат лицата во текот на образовниот процес, особено кога државата не вложува доволно финансиски средства.

Во поглед на социјалната состојба, податоците укажуваат дека економската компензација влијае во насока на зголемување на извршители на самоубиствени напади (Авганистан, Палестина и др.). Нискиот животен стандард и борбата за преживување, во комбинација со бесперспективна иднина во една средина, влијае во насока на прифаќање на „придобивките“ што ги носи ,,маченичкиот статус”. Терористичките организации вешто манипулираат со овие сознанија во регионите каде што тие состојби им одат во прилог. Дури би можеле да кажеме дека во одредени средини таквите околности се ,,одржуваат” на ниво прифатливо за каузата на терористичката организација.

Сепак, констатации за социјалната состојба (приходите) и образованието не можеме да го генерализираме во поглед на извршени самоубиствени напади во целиот свет. Истите можеме да ги прифатиме како парцијални констатации, односно кои се однесуваат на одредени географски региони. Причината е поради сложените параметри во поглед на перцепција на приходите и образованието во различни географски подрачја. Но, врз база на согледувањата на трудот, можеме да констатираме дека социјалната состојба и образованието како елементи од еден мозаик, влијаат во одлуката на радикализирање на одредени општествени состојби и притоа овозможуваат плодно тло за екстремни форми на човечко однесување-самоуништување и уништување на други човечки суштества.

Согледувањата за мерките и активностите кои треба да се преземат во насока на спречување на социјалната состојба и образованието, како компоненти во еден мозаик на предуслови за извршување на самоубиствените терористички напади, укажуваат на системски проблем на едно општество. За решавање на овој проблем потребен е холистички пристап од страна на повеќе субјекти (владини и невладини), каде што освен репресивните мерки за спречување на терористичките организации кои применуваат самоубиствени напади, потребно е да се преземат и мерки од превентивен аспект.

Во овој случај ќе се задржиме на превентивните мерки со цел да укажеме на добро познатата максима -подобро е да се спречи отколку да се лечи. Во конкретната ситуација, институциите задолжени за образовниот процес потребно е да инвестираат во развојни програми и унапредување на образованието. На тој начин секој поединец преку образовните програми би се здобил со знаење со кое би можел да излезе на пазарот на трудот и да го валоризира истото, без разлика дали се работи за земјата-домицил или во странство. Овде би ги споменале и надлежностите на оние институции задолжени за контрола на начинот на кој се

спроведуваат образовните програми и квалитетот на кадарот. Верските авторитети, исто така би придонеле со своето влијание, односно залагање за правилна интерпретација на религиозните вредности, бидејќи евидентен е фактот што голем број на терористички организации ги злоупотребуваат религиозните мотиви за регрутирање и примена на самоубиствени терористички напади.

Социјалната состојба, односно приходите, се специфична категорија на глобално ниво. Секоја земја во светот индивидуално ги креира политиките на социјалната програма во зависност од сопствените можности. Во овој случај, повторно на сцена стапуваат институциите на системот. Тие треба да бидат насочени кон овозможување на пристојни приходи кои би ги задоволиле егзистенцијалните потреби на поединецот и семејството. Тука се вбројуваат и механизмите кои ги употребуваат владите во насока на заштита на системот, како што се спречување на мито, корупција, организиран криминал итн. Овие општествено-негативни појави се двигатели на небезбедна средина и со самото тоа причина за стагнација на одреден простор, подложен за манипулација на поединци или популација.

На крајот би констатирале, примената на самоубиствените терористички напади ја претставува состојбата на поединецот во рамките на една општествена средина и воедно истата ги отсликува слабостите на системот.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1.IDC Herzliya-Israel, ICT (Institute for Counter-Terrorism)-Countering Suicide terrorism.

2.Матовић, В. (2006) Самоубилачки тероризам како се постаје мученик. Београд: НКЗБПТ, 90.

3.Берман, П. (2005) Терор и либерализам. Скопје: Евро-Балкан Пресс.

4.Sobek, D. Rohrer, S. (2016) “Name Your Price: Economic Compensation and suicide terrorism”. In: International Journal of Peace and Development Studies. Vol.7 (8), pp.76-88

https://www.academicjournals.org/journal/IJPDS/article-full-text-pdf/E7D077E61869 (visited on 01.03.2018)

5.Bakken, W. N. (August, 2007) The Anatomy of suicide terrorism: A Durkheimian analysis. International Foundation for Protection Officers: University of Delaware

6.Pittel, K. and Rübbelke T. G. D. (February, 2009) Decision Processes of a Suicide Bomber Integrating Economics and Psihology. ETH Zurich: Economics Working Papers Series 09/106.

7.Lanche, J. (IPCS, September 2009) Suicide terrorism in Pakistan. Institute of Peace and Conflict Studies, 6-7. www.ipcs.org (visited on 31.07.2017)

8.Feyyaz, M. (February, 2013) Perspectives on terrorism-Conceptualising terrorismTrend Patterns in Pakistan-an Empirical Perspective. Volume 7 Issue 1.

9.Benmelech, E. Berrebi, C. Esteban F. K. (2010) Economic conditions and the quality of suicide terrorism. National Bureau of Economic Research: 1050 Massachusetts Avenue Cambridge, MA 02138

10.Naqvi, A. H. Kazim, F. S. Huma, S. (January, 2011) Suicide Bombing a Geopolitical perspective.Department of Psychiatry, Department of Surgery: Aga Khan University, Karachi, Vol.61,

No.1.

11.Najeeb, M. S. Sinno, H. A. (August, 2009),Education, Income, and Support for Suicide Bombings, Evidence from Six Muslim Countries.Indiana University.

12. http://www.jewishvirtuallibrary.org/palestinian-suicide-attacks-against-israel-2000-2007 (visited on 30.12.2017)

13. Suicide Bombers-Profiles, Methods and Techniques http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a464077.pdf (visited on 31.07.2017)

*„СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“*
МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ ЗА ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ И МИР

## УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**Меѓународното научно списание „*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*** е теоретско списание кое го издава Министерството за одбрана на Република Македонија. Списанието излегува редовно двапати годишно и еднаш годишно како вонредно издание на определена тема. Во Списанието се објавуваат оригинални научни и стручни трудови, прикази на книги од обласга на одбраната, безбедноста и мирот, како во национални рамки, така и на регионално и на глобално ниво.

**Во Списанието можат да бидат објавени само рецензирани и класифицирани трудови како: изворни научни трудови, прегледни научни трудови и стручни научни трудови и прикази на книги**.

Прифаќањето на трудот во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

Трудовите можат да бидат напишани од најмногу еден автор и еден коавтор.

Ракописот треба да се доставува во електронска форма за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Пред да бидат доставени, трудовите треба да бидат лекторирани од страна на овластен лектор со изјава заверена кај нотар, а авторите од Република Македонија да достават и лекториран превод на македонски јазик.

Трудовите што не се предвидени за печатење им се враќаат на авторите со образложување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРУДОТ

**Трудот треба да се состои од:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, главен дел, заклучок и литература. Целосниот труд не треба да биде подолг од 5000 збора.

**Наслов на трудот** - 14 points, Times New Roman, центрирано, Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори** - име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, Times New Roman, центрирано.

Два празни реда.

**Институција -** ракописни букви (Italic), 11 points, Times New Roman, центрирано. Два празни реда.

**Апстракт -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови -** максимум до 5 збора, 11 points, Times New Roman, единечен проред

**Вовед -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Еден празен ред.

**Главен дел на трудот-** 11 points, Times New Roman, единечен проред.

Еден празен ред.

**Заклучок -** 11 points, Times New Roman, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература -** 11 points, Times New Roman, цитирана според Харвардскиот стил на цитирање. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фуснотите во текстот. Се наведуваат само библиографски податоци што се употребени во текстот. Се цитираат сите видови извори на информации – книги, научни списанија, интернет-страници, компјутерски софтвери, печатена или e-mail кореспонденција, па дури и вербална конверзација.

Во трудовите во кои се користат табели, слики, цртежи, фотографии, илустрации, графикони и шеми, истите треба да се нумерирани последователно, со арапски броеви, а насловот на сликата да е напишан под неа. Секоја слика или група слики се планираат на начин што овозможува прегледност. Сликите во електронска форма се испраќаат како посебен JPG документ со минимална резолуција од 300 dpi. Сликите во боја се печатат како црно – бели.

**Формат:** А4-формат, предадено во електронска форма.

Маргини

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГОРНА | 5 см | TOP | 1.89″ |
| ДОЛНА | 5 см или Page Setup компјутерски | BOTOOM | 1.89″ |
| ЛЕВА | 4 см параметри во инчи (inch) | LEFT | 1.58″ |
| ДЕСНА | 4 см | RIGHT | 1.58″ |
| | | GUTTER | 0″ |

Уредувачкиот одбор е должен пристигнатите трудови да ги достави до компетентни рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на Уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Рокови за доставување на трудови -** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Проф.д-р марина Митревска
marinamitrevska@yahoo.com

или
2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - Одделение за издавачка дејност и продукција
Доц. д-р Жанет Ристоска
e-mail: zanet.ristovska@morm.gov.mk
zanet.ristoska@yahoo.com

или
sovremena@morm.gov.mk

*УРЕДУВАЧКИ ОДБОР*
*НА СПИСАНИЕТО*
*„Современа македонска одбрана“*

СК/СК
*Скопје, 21.01.2013 година*

Списанието излегува два пати годишно

www.morm.gov.mk/contemporary-macedonian-defence/

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

CONTEMPORARY MACEDONIAN DEFENCE

34

ЗОРАН КЕКОВИЧ, СЛАВИША КРСТИЧ

МАРИНА МИТРЕВСКА, НАНО РУЖИН

МОНИКА БЕГОВИЧ

ДРАГАН ЃУРЧЕВСКИ, АНДРЕЈ ИЛИЕВ

АЛЕКСАНДАР ПАВЛЕСКИ

ВАСКО ПОПОСКИ

АНТОАНЕЛА ПЕТКОВСКА

МУХАМЕТ РАЦАЈ, СМИЛЈАН ЈУРДАНА

САШО ТАШЕВСКИ, САШО ПАНЧЕВСКИ